**СОВЕТ ЗА РАДИОДИФУЗИЈА НА РМ**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ - СКОПЈЕ
Бр. 01-1489/1
12.03.2014 год.
СКОПЈЕ

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

**за работата на Советот за радиодифузија на Република Македонија за периодот од 01.01.2013 до 31.12.2013**

**Скопје, март 2014**

1. РАДИОДИФУЗНА РЕГУЛАТИВА ....... 12
1.1. Измена и дополнување на Законот за радиодифузната дејност ....... 12
1.2 Закон за аудио и аудовизуелни медиумски услуги ....... 13
1.3 Закон за медиуми ....... 14
1.4. Подзаконски и други акти донесени од страна на Советот ....... 15
2. ДОЗВОЛИ ЗА ВРШЕЊЕ РАДИОДИФУЗНА ДЕЈНОСТ ....... 19
2.1. Замена на дозволите на постојните телевизиски радиодифузери ....... 19
2.2. Доделување нови дозволи за вршење радиодифузна дејност ....... 19
2.3. Одземање дозволи за вршење радиодифузна дејност ....... 20
2.4. Престанок на важност на дозволи за вршење радиодифузна дејност ....... 20
2.5. Вкупен број на радиодифузери кои поседуваат дозвола за вршење радиодифузна дејност ....... 21
3. НАДЗОР ВРЗ РАБОТЕЊЕТО НА РАДИОДИФУЗЕРИТЕ ....... 22
3.1 Мониторинг на програмските обврски на радиодифузерите ....... 22
3.1.1 Јавен радиодифузен сервис ....... 22
3.1.2 Комерцијален сектор ....... 22
3.1.3 Мониторинг на медиумското покривање на изборната кампања за Локалните избори 2013 година ....... 25
3.1.4 Родот и медиумите ....... 26
3.1.5 Европски аудиовизуелни дела ....... 27
3.2 Известувања, укажувања, изречени мерки и поведени прекршочни постапки кон радиодифузерите врз основа на редовниот мониторинг, ад хок мониторинзи и мониторинзите по претставки, спроведени од страна на Советот за радиодидифузија на Република Македонија согласно Законот за радиодифузната дејност 27
3.2.1 Известувања ....... 27
3.2.2 Укажувања ....... 27
3.2.3 Мерки ....... 28
3.2.4 Прекршочни постапки против радиодифузери ....... 31
4. НАДЗОР ВРЗ РАБОТЕЊЕТО НА ЈАВНИТЕ КОМУНИКАЦИСКИ МРЕЖИ ....... 33
4.1 Регистрација на програмските пакети ....... 33
4.2 Мониторинг на пакетите програмски сервиси ....... 34
4.3 Изречени мерки ....... 35
4.3.1 Налози за исклучување и затемнување на програмски сервиси ....... 35
4.3.2 Прекршочни и кривични постапки против операторите на јавна комуникациска мрежа ....... 36

4.4 Други преземени активности ..... 37
4.5 Дигитализација на кабелска радиодифузија ..... 38
4.6 ИПТВ (IPTV) ..... 38
5. СТРАТЕГИЈА ЗА РАЗВОЈ НА РАДИОДИФУЗНАТА ДЕЈНОСТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА ПЕРИОДОТ 2013–2017 ГОДИНА ..... 39
6. АНАЛИЗИ ..... 40
6.1 Анализа на пазарот на радиодифузната дејност за 2012 година ..... 40
6.2 Анализа на структурата на вработените во радиодифузната индустрија во 2012 година ..... 41
6.2.1 Анализа на структурата на вработените во радиодифузната индустрија според етничката припадност ..... 43
6.2.2 Полугодишни анализи на следењето на сопственичката структура на радиодифузерите и на нивните обврски во поглед на транспарентноста на сопственоста и изворите на финансирање ..... 45
6.3 Годишна анализа за надзорот врз обврските на операторите на јавни комуникациски мрежи ..... 45
6.4 Анализа на сите спроведени мерки изречени од страна на Советот за радиодифузија на РМ кон радиодифузерите и најчести прекршувања во периодот од 1 јануари до 31 декември 2013 година ..... 46
6.5 Анализи на резултатите од спроведените постапки за порамнување и поведените прекршочни постапки заради утврдување на ефектив носта на изречените прекршочни санкции на поведените прекршочни постапки против радиодифузерите ..... 49
7 СОПСТВЕНИЧКА СТРУКТУРА НА ТРГОВСКИТЕ РАДИОДИФУЗНИ ДРУШТВА ..... 52
7.1 Следење на сопственичката структура на радиодифузерите ..... 52
7.2 Промени на сопственичката структура на радиодифузерите ..... 53
7.3 Недозволена медиумска концентрација ..... 56
7.4 Транспарентност на сопственичката структура и на изворите на финансирање на радиодифузерите ..... 57
7.5 Почитување на член 11 од Законот за радиодифузната дејност ..... 57
8. РАДИО И ТЕЛЕВИЗИСКИ ПРОГРАМИ ОД ЈАВЕН ИНТЕРЕС ..... 58
9. ДРУГИ АКТИВНОСТИ НА СОВЕТОТ ..... 59
9.1 Наплата на радиодифузната такса ..... 59
9.2 Ослободување од плаќање радиодифузна такса ..... 59
9.3 Наплата на надоместокот за дозволи за вршење радиодифузна дејност ..... 61
10. ПОСТАПУВАЊЕ ПО ПРЕТСТАВКИ ..... 62

11. ИЗВЕШТАЈ ЗА ВОДЕЊЕТО НА УПРАВНАТА СТАТИСТИКА ..... 63
12. СОРАБОТКА СО ДРУГИ ТЕЛА, ИНСТИТУЦИИ И ОРГАНИЗАЦИИ ..... 63
12.1 Соработка со Координативното тело за интелектуална сопственост ..... 63
12.2 Соработка со Министерството за информатичко општество и администрација ..... 63
12.3 Соработка со Министерството за култура ..... 64
12.4 Соработка со Министерството за финансии ..... 64
12.5 Соработка со Министерството за правда ..... 64
12.6 Соработка со Министерството за труд и социјална политика ..... 65
12.7 Соработка со Агенцијата за електронски комуникации (АЕК) и со Македонската радиодифузија (МРД) ..... 65
12.8 Соработка со Народниот правобранител ..... 65
12.9 Соработка со Државната комисија за спречување на корупцијата ..... 65
12.10 Соработка со Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор ..... 66
12.11 Соработка со Дирекцијата за заштита на личните податоци ..... 66
12.12 Соработка со Комората на Република Македонија за обезбедување лица и предмети ..... 66
12.13 Соработка со Државниот инспекторат за труд ..... 67
12.14 Меморандуми и протоколи за соработка ..... 67
13. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА ..... 67

13.1 Активности за унапредување на евро-интеграциските процеси на Република Македонија....67
13.1.1 Пристапен дијалог на високо ниво....67
13.1.2 Национална програма за усвојување на правото на Европската унија (НПАА)....68
13.1.3 Деветти состанок на Поткомитетот за иновации, информатичко општество и социјална политика....68
13.1.4 Десетти состанок на Поткомитетот за правда, слобода и безбедност....68
13.2 Европска платформа на регулаторните тела (ЕПРА)....69
13.3 Соработка со Медитеранската мрежа на регулаторни тела (МНРА)....69
13.4 Соработка со странски регулаторни тела и друга меѓународна соработка....69
13.5 Користење на ИПА - фондовите на ЕУ....72
13.5.1 ИПА ТАИБ 2009....72
13.5.2 ИПА 2009 Компонента II - Прекугранична соработка....72
13.5.3 ИПА ТАИБ 2011....73
14. ЈАВНОСТ ВО РАБОТЕЊЕТО НА СОВЕТОТ....74
14.1 Облици на комуникација со јавноста....74
14.2 Пристап до информации од јавен карактер....74
15. МАТЕРИЈАЛНО-ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ НА СОВЕТОТ....75
15.1 Материјално-финансиско работење на Советот....75
16. НАДЗОР ВРЗ РАБОТЕЊЕТО НА СОВЕТОТ ЗА РАДИОДИФУЗИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА....77
16.1 Внатрешна ревизија – планирање....77
16.2 Извршени ревизии за 2013 година....77
17. КАДРОВСКИ И ТЕХНИЧКИ РЕСУРСИ НА СОВЕТОТ....78
17.1 Кадровски ресурси на Советот....78
17.2 Технички и просторни ресурси на Советот....78
17.3 Обуки на вработените во Стручната служба на Советот....78
ПРИЛОЗИ....81
Прилог 1....82
Прилог 2....83
Прилог 3....88
Прилог 4....106
Прилог 5....110

Прилог 6 ........ 117
Прилог 7 ........ 120
Прилог 8 ........ 121
Прилог 9 ........ 128

## ВОВЕД

Извештајната година ја обележи дигитализацијата на терестријалната телевизија. Првата половина на 2013 година беше период на симулкаст и трговските радиодифузни друштва емитувањето на своите телевизиски програмски сервиси покрај преку своја мрежа, можеа да го вршат и преку дигиталниот мултиплекс на ЈП Македонска радиодифузија. Заради олеснување на процесот на премин кон дигиталната радиодифузија, претставниците на Советот за радиодифузија учествуваа на бројни дебати. Беше изработена видео анимација за дигитализацијата, која беше емитувана од сите радиодифузери, а беше наменета за правилно информирање на пошироката јавност. Во дневниот печат беа објавувани пригодни прилози и истовремено беа дистрибуирани флаери за дигитализацијата. На веб страницата на Советот, беа објавени општи информации за дигитализацијата, а беше креиран и посебен банер „Дигитализација. Што треба да знам?" со основни информации за дигитализацијата. Советот за радиодифузија одреди и посебен телефонски број за помош за граѓаните кои имаа прашања во врска со дигитализацијата. На електронските медиуми на национално, регионално и локално ниво беше спроведена двомесечна медиумска кампања. Беа одржани бројни работни состаноци со радиодифузерите кои емитуваат телевизиски сервиси на сите нивоа на емитување, сѐ со цел преминот кон дигиталната радиодифузија да биде полесен. Претставници од Советот за радиодифузија учествуваа во околу 30 радио и телевизиски емисии, кои беа посветени на прашањата за дигитализацијата. Претставници на Советот за радиодифузија на Република Македонија, заедно со претставниците на Министерството за информатичко општество и администрација, Агенцијата за електронски комуникации, ЈП Македонска радиодифузија и трговските радиодифузни друштва, присуствуваа на состаноци и работилници чија главна тема беше дигитализацијата на радиодифузијата во Република Македонија.

Со измените и дополнувањата на Законот за електронските комуникации („Службен весник на Република Македонија", 59/12), беше утврдено дека исклучувањето на аналогниот сигнал во Република Македонија ќе се изврши на 01.06.2013 година. Во насока на создавање правна рамка за обезбедување на дигитално емитување на телевизиски програмски сервис и исклучување на аналогното телевизиско емитување во Република Македонија, во 2013 година беше извршена една измена и дополнување на Законот за радиодифузната дејност.

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за радиодифузната дејност, беше утврдена и постапката во која Советот за радиодифузна дејност ќе ги измени постојните дозволи за вршење на радиодифузна дејност затоа што постојните терестријални телевизии во Република Македонија имаа добиено дозволи само за самостојно и аналогно телевизиско емитување, така што беше потребно Советот да направи соодветни измени во нивните дозволи, за тие да можат, во законски предвидениот рок, да отпочнат со дигитално емитување на своите програмски сервиси. Согласно законското решение утврдено во Законот за изменување и дополнување на Законот за радиодифузната дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 72/13), а по претходно поднесено барање за измена на дозволата за вршење радиодифузна дејност, изврши измена на постојните дозволи за вршење радиодифузна дејност и донесе три одлуки за изменување и дополнување на одлуките за доделување дозволи за вршење радиодифузна дејност. На постојните телевизиски радиодифузери Советот им издаде вкупно 58 (педесет и осум) дозволи за вршење радиодифузна дејност од кои: 4 дозволи за емитување ТВ програмски сервис, на државно ниво преку дигитален терестријален мултиплекс, 26 дозволи за емитување ТВ програмски сервис, на регионално ниво преку дигитален терестријален мултиплекс, 3 дозволи за емитување ТВ програмски сервис, на регионално ниво преку јавна електронска комуникациска мрежа која не користи ограничен ресурс (се

однесува за регионот на град Скопје) и 25 дозволи за емитување ТВ програмски сервис на локално ниво, преку јавна електронска комуникациска мрежа која не користи ограничен ресурс.

Советот за радиодифузија донесе 2 одлуки за објавување конкурс за доделување дозвола за вршење радиодифузна дејност (одлука за објавување конкурс за доделување дозвола за вршење радиодифузна дејност – радио на државно ниво и одлука за објавување конкурс за доделување дозвола за вршење радиодифузна дејност – телевизија на државно ниво преку терестријален предавател. По завршените конкурси, Советот додели две дозволи, односно донесе 2 одлуки за доделување дозвола за вршење радиодифузна дејност (одлука за доделување дозвола за вршење радиодифузна дејност – телевизија на државно ниво на Трговското радиодифузно друштво „АЛФА ТВ" ДООЕЛ Скопје и одлука за доделување дозвола за вршење радиодифузна дејност – радио преку терестријален предавател на државно ниво на Трговското радиодифузно друштво „Радио Равел" ДООЕЛ Скопје).

Во извештајниот период, Советот донесе 4 одлуки за одземање на дозволата за вршење радиодифузна дејност, од кои: 3 одлуки, поради неплаќање на надоместокот за дозволата во рокот утврден во дозволата (одлука за одземање на дозвола за вршење радиодифузна дејност на Трговското радиодифузно друштво „МОНАКО – РАДИО СИТИ ФМ" ДООЕЛ, Куманово, одлука за одземање на дозвола за вршење радиодифузна дејност на Трговското радиодифузно друштво „Ќани Исмаилоски РАДИО ТЕРНИПЕ (Младост)" ДООЕЛ Прилеп и одлука за одземање на дозвола за вршење радиодифузна дејност на Трговското радиодифузно друштво „РАДИО МИС 2008" ДООЕЛ с.Преглово, Пласница), а 1 дозвола беше одземена поради настанување околности што претставуваат законски пречки за имателот да врши радиодифузна дејност – неемитување најмалку 6 часа дневно програма на телевизија (одлука за одземање на дозвола за вршење радиодифузна дејност на Трговското радиодифузно друштво „ТОП ТВ", ДООЕЛ Берово). Беа донесени и 4 решенија за престанок на важноста на дозволата за вршење радиодиузна дејност, од кои: 3 решенија врз основа на поднесена Изјава/Известување за престанок на важноста на дозволата за вршење радиодифузна дејност (решение за престанок на важноста на дозволата за вршење радиодифузна дејност на Трговското радиодифузно друштво „РАДИО РАВЕЛ" ДООЕЛ Скопје, решение за престанок на важноста на дозволата за вршење радиодифузна дејност на Трговското радиодифузно друштво „Алфа ТВ" ДООЕЛ Скопје и решение за престанок на важноста на дозволата за вршење радиодифузна дејност на Трговското радиодифузно друштво „Телевизија КРТ" ДООЕЛ Скопје), како и едно решение за престанок на важноста на дозволата за вршење радиодифузна дејност на Радиодифузното трговско друштво „РАДИО МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА" ДООЕЛ Македонска Каменица, поради настапување на стечај.

Заклучно со декември 2013 година, радиодифузниот сектор го сочинуваа вкупно 143 радиодифузери со дозвола за вршење радиодифузна дејност. Освен радио и телевизиските сервиси на МРТ, во етерот зрачеа 65 комерцијални телевизии, 78 комерцијални радио станици и 3 непрофитни радио станици.

Во функција на почитување на законската обврска за транспарентност на сопственичката структура на радиодифузерите, Советот го следеше исполнувањето на оваа нивна обврска. Во таа насока, Советот дозволи 16 радиодифузери (6 радија и 10 телевизии) да извршат промена во сопственичката структура, а кај 5 радиодифузери (една сателитска телевизија, една радиостаница што емитува програма на државно ниво, една локална телевизија и две локални радиостаници) беше констатирано и постоење недозволена медиумска концентрација. Во текот на извештајната година, прекршувањата ги отстранија 4 радиодифузери, а кај еден радиодифузер рокот за отстранување на недозволената медиумска концентрација истекува во февруари 2014 година.

Важна активност на Советот и во оваа извештајна година беше надзорот врз програмите на радиодифузерите и врз остварувањето на обврските на операторите на јавни комуникациски мрежи. Во текот на 2013 година, освен со редовниот мониторинг со кој беше следено почитувањето на обврските од Законот за радиодифузната дејност и подзаконските акти, беа анализирани и од два други значајни аспекти. Едниот се однесува на следењето на медиумското покривање на Локалните избори, кое се базираше на Изборниот законик и подзаконските акти донесени врз основа на него, а другиот аспект се однесува на остварувањето на обврските од Законот за еднакви можности на жените и мажите и од Националната стратегија за родова еднаквост 2013–2020. Продолжи соработката со Координативното тело за интелектуална сопственост, формирано од Владата на Република Македонија. Ова резултираше со зголемена правна дисциплина на операторите на јавни електронски комуникациски мрежи, како од аспект на почитувањето на авторските и сродните права, така и од аспект на почитувањето на техничките, даночните и другите прописи чие спроведување го контролира ова тело.

Изготвени беа следните анализи: Анализа на пазарот на радиодифузната дејност за 2012 година, Анализа на структурата на вработените во радиодифузната индустрија во 2012 година. Анализа на структурата на вработените во радиодифузната индустрија според етничката припадност, полугодишни анализи на следењето на сопственичката структура на радиодифузерите и на нивните обврски во поглед на транспарентноста на сопственоста и изворите на финансирање, годишна анализа за надзорот врз обврските на операторите на јавни комуникациски мрежи, Анализа на сите спроведени мерки изречени од страна на Советот за радиодифузија на РМ кон радиодифузерите и најчести прекршувања во периодот од 1 јануари до 31 декември 2013 година, како и Анализи на резултатите од спроведените постапки за порамнување и поведените прекршочни постапки заради утврдување на ефективноста на изречените прекршочни санкции на поведените прекршочни постапки против радиодифузерите.

Беа донесени Правилник за техничките, просторните, кадровските и финансиските услови за добивање дозвола за вршење радиодифузна дејност, како и Правилник со кој беа определени подрачјата на емитување преку јавна комуникациска мрежа на телевизиските програмски сервиси на локално ниво. Согласно обврската од Законот за електронските комуникации, Советот го измени и дополни Планот за намена и распределба на преносни капацитети на дигитален терестријален мултиплекс, кој го донесе во декември 2012 година. Изменето и дополнето беше Упатството за формата и содржината на известувањата и барањата на радиодифузерите поврзани со промените во сопственичката структура и за видот и формата на податоците за економско-финансиското работење што радиодифузерите се должни да му ги доставуваат на Советот. По добиена согласност од Дирекцијата за заштита на личните податоци, Советот го дополни Планот за создавање систем на технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци, кој го донесе во 2011 година, согласно обврската утврдена во позитивните законски прописи од областа на заштитата на личните податоци. Советот за радиодифузија донесе и Пропишана процедура за процесот на спроведување на постапките за јавни набавки, како и Процедура за нарачка и прием на стоки и Процедура за извршување на услуги.

Во 2013 година Советот за радиодифузија потпиша Меморандум за соработка со: Фудбалската федерација на Македонија (ФФМ), Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата (РСБСП) и со Државниот универзитет во Тетово (ДУТ).

Во извештајниот период, течеа активностите за имплементација на два проекта од Претпристапната помош на ЕУ – ИПА компонента I и компонента II. Проектот од ИПА ТАИБ 2009, наменет за зајакнување на административните капацитети на регулаторните тела за телекомуникации и медиуми за ефикасно регулирање на

новите дигитални и повеќенаменски сервиси, чии корисници се Советот за радиодифузија и Агенцијата за електронски комуникации, започнувајќи од 2 септември 2013 година, е во фаза на имплементирање. По изборот на економскиот оператор, давател на услугите предвидени со проектот, одржан е иницијалниот состанок (kick-off meeting), по што беа одржани повеќе состаноци со клучните експерти, со цел да се договорат точните активности и динамиката за нивна реализација. Во тек е подготовка на Воведниот извештај (Inception report), по чие прифаќање од страна на Надзорниот одбор, ќе се започне со реализација на конкретните активности предвидени со споменатиот проект.

Во мај заврши проектот од IPA Transnational 2009 – SEE Digi.TV. Конципиран како регионален проект на југоисточна Европа, неговата цел беше да се забрза дигитализацијата на радиодифузните сервиси и да се придонесе за поширока употреба на информационо–комуникациските технологии и услуги за широкопојасен интернет. Крајната цел, пак, беше надминувањето на проблемите на дигиталниот јаз и социјалното вклучување и создавањето регионално еднакви можности за дигитализација. Во рамките на проектот, Советот спроведе повеќе истражувања за да се утврди колку е Република Македонија подготвена за дигитализацијата и што уште треба да се направи. За таа цел, анализирана е правната рамка, утврдени се карактеристиките на опремата што треба да ја поседуваат граѓаните за да можат да примат и да гледаат дигитална телевизија, работено е на правилата за тоа како ќе се користи дигиталната дивиденда, односно какви сè идни услуги и апликации ќе може да се понудат во просторот што ќе се ослободи кога аналогниот сигнал ќе се дигитализира.

Во декември 2013 година, Собранието на Република Македонија го донесе Законот за аудио и аудовизуелни медиумски услуги, кој е објавен во „Службен весник на Република Македонија", бр. 184/13, а стапи на сила на 3-ти јануари 2014 година. Законот за аудио и аудовизуелни медиумски услуги ги уреди правата, обврските и одговорноста на радиодифузерите, давателите на аудио и аудовизуелни медиумски услуги по барање и операторите на јавни електронски комуникациски мрежи кои ги емитуваат или реемитуваат програмските сервиси на радиодифузерите.

Вршењето на работите што се предмет на регулирање на Законот за аудио и аудовизуелни медиумски услуги, согласно одредбите од овој Закон, беа ставени во надлежност на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, како самостојно и независно непрофитно регулаторно тело, кое има статус на правно лице со јавни овластувања. Во врска со исполнувањето на обврските кои произлегуваат од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Агенцијата е овластена да врши редовни, вонредни и контролни програмски и административен надзор, како и стручен надзор. Со Законот е пропишано дека Агенцијата ја сочинуваат следните органи: Совет и Директор. Советот на Агенцијата е составен од седум члена, од кои се избира Претседател на Советот и Заменик на претседателот на Советот. Стручните, нормативно-правните, управните, управно-надзорните, материјално-финансиските, сметководствените, информатичките и другите работи на Агенцијата ги врши стручна служба.

Со денот на влегувањето во сила на овој Закон, односно на 3 јануари 2014 година, престана да важи Законот за радиодифузната дејност („Службен весник на Република Македонија", бр. 100/05, 19/07, 103/08, 152/08, 6/10, 145/10, 97/11 и 13/12 и 72/13), така што Советот за радиодифузија се преименува и продолжува да работи како Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услови.

Заради обезбедување општа правна рамка од областа на медиумите односно заради сеопфатно законско уредување на вршењето медиумска дејност во Република Македонија, кон крајот на извештајната година, беше донесен Законот за медиуми. Законот беше објавен во „Службен весник на Република Македонија", бр. 184/13, а стапи на сила на 3-ти јануари 2014 година. Со него беа пропишани основните начела и услови кои треба да ги исполнуваат издавачите на медиуми при вршење на

дејноста. Законот за медиуми ги дефинираше поимите: медиум, содржини на медиум, електронски публикации, издавач на медиум, новинар, надлежно регулаторно тело.

Советот за радиодифузија на РМ, со цел изградба на административен објект на ул. „Мито Хаџивасилев Јасмин" и ул. „Македонија"– Скопје, К.О. Центар 1КП 13521, заедно со Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење на Републиката – Скопје, како инвеститори, склучи договор за избградба на административен објект, со што конечно ќе биде надминат долгогодишниот проблем со немањето сопствен деловен простор.

Заради остварување на транспарентност во работењето и информирање на јавноста, приближување до граѓаните и до другите субјекти во радиодифузната дејност, Советот за радиодифузија комуницираше преку веб страницата, којашто беше редовно ажурирана на три јазика – македонски, албански и англиски. На веб страницата беа објавени Програмата за работа на Советот за радиодифузија за 2013 година и Финансискиот план на Советот за радиодифузија за 2013 година, како и сите правилници, упатства, препораки, одлуки, резултатите од спроведените мониторинзи, сите анализи кои ги изработи Советот, мерките преземени против прекршителите на законските и договорните обврски, печатените изданија на Советот, актуелни документи, конвенции, директиви, препораки и упатства на Европската Унија и Советот на Европа. Во извештајниот период, Советот одржа 69 редовни седници, од кои четири беа јавни седници.

Во текот на 2013 година продолжи соработката со повеќе домашни, странски и меѓународни регулаторни тела, институции и организации.

# 1. РАДИОДИФУЗНА РЕГУЛАТИВА

Измени и дополнувања на законската регулатива односно донесувањето нова законска регулатива од битно значење за радиодифузната област и медиумската сфера ја одбележаа 2013 година.

## 1.1. Измена и дополнување на Законот за радиодифузната дејност

Согласно препораките на Европската Комисија, за земјите членки на Европската Унија беше определено дека до крајот на 2012 година треба да се изврши исклучување на аналогното телевизиско терестријално (земско) емитување. Имајќи предвид дека соседните земји, членки на Европската Унија, веќе го исклучија или се во фаза на исклучување на аналогното телевизиско терестријално емитување, а заради координација на радиофреквенциите меѓу државите, нужно беше да се утврди датум кога во Република Македонија ќе се изврши исклучување на аналогниот сигнал. Со измените и дополнувањата на Законот за електронските комуникации („Службен весник на Република Македонија", 59/12), се утврди дека исклучувањето на аналогниот сигнал во Република Македонија ќе се изврши на 1.06.2013 година. Во насока на создавање правна рамка за обезбедување на дигитално емитување на телевизиски програмски сервис и исклучување на аналогното телевизиско емитување во Република Македонија, во 2013 година беше извршена една измена и дополнување на Законот за радиодифузната дејност. Законот за изменување и дополнување на Законот за радиодифузната дејност беше објавен во „Службен весник на Република Македонија", бр. 72 од 17.05.2013 година.

Предмет на изменување и дополнување беа членовите: 4, 41, 45, 55, 56, 60 и 63 од Законот за радиодифузната дејност. Па така, со Законот за изменување и дополнување на Законот за радиодифузната дејност беше определено значењето на поимите: „телевизија во висока дефиниција (High-definition TV)", „дигитален приемник" и „дополнителен приемник", а беше дефиниран и поимот „членови на семејството". Законот ги утврди и средствата преку кои може да се врши емитување на телевизиски програмски сервис: преносен капацитет на дигитален терестријален мултиплекс, јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс или преку сателит, односно преку кои може да се врши емитување на радио програмски сервис: радиофреквенции, преносен капацитет на дигитален терестријален мултиплекс, јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс или преку сателит. Во оваа насока, поради преминот во друг начин на емитување на телевизискиот програмски сервис (ДВБ-Т, комуникациска мрежа или сателит), со измените беа ревидирани и дефинициите за вршење на радиодифузна дејност за одредено подрачје, односно ниво во Законот за радиодифузната дејност. Со Законот за изменување и дополнување на Законот за радиодифузната дејност беше пропишан рокот (31 мај 2013 година) заклучно со кој постојните телевизиски радиодифузери кои аналогно емитуваат на државно ниво, регионално ниво или локално ниво, имаат право да ги користат радиофреквенциите за аналогно емитување доделени од Агенцијата за електронски комуникации.

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за радиодифузната дејност, беше утврдена и постапката во која Советот за радиодифузна дејност ќе ги измени постојните дозволи за вршење на радиодифузна дејност, затоа што постојните терестријални телевизии во Република Македонија имаа добиено дозволи само за самостојно и аналогно телевизиско емитување, а, за тие да можат во законски предвидениот рок да отпочнат со дигитално емитување на своите програмски сервиси, беше потребно Советот да направи соодветни измени во нивните дозволи. Па така, согласно законското решение, беше пропишано дека постојните телевизиски радиодифу-

зери кои аналогно емитуваат на државно или регионално ниво имаат право во рок не подолг од 5 (пет) дена од денот на неговото влегување во сила, за истиот програмски сервис и за истото ниво, односно подрачје на кое ја вршат дејноста согласно издадената дозвола, до Советот да достават барање за измена на дозволата со која техничкото средство преку кое се врши аналогното емитување ќе се замени со: дигитален терестријален мултиплекс, електронска комуникациска мрежа или сателит.

Што се однесува до постојните телевизиски радиодифузери кои аналогно емитуваат на локално ниво, за нив со измените и дополнувањата на Законот, беше утврдено дека тие имаат право во рок не подолг од 10 (десет) дена од денот на неговото влегување во сила, за истиот програмски сервис до Советот да достават барање за измена на дозволата, со која локалното ниво на емитување ќе се замени со регионално ниво на емитување, а техничкото средство преку кое се врши аналогното емитување ќе се замени со дигитален терестријален мултиплекс, или пак во истиот рок до Советот да достават барање за измена на дозволата со која техничкото средство преку кое се врши аналогното емитување ќе се замени со јавна електронска комуникациска мрежа која не користи ограничен ресурс. Советот за радиодифузија требаше да ги направи понапред наведените измени на постојните дозволи во рок кој беше определен согласно одредбите овој Закон, односно најдоцна до 31.05.2013 година. По однос на оние постојни телевизиски радиодифузери кои аналогно емитуваат телевизиски програмски сервис на државно ниво, регионално ниво или локално ниво, а кои нема да постапат во согласност со обврските од новото законско решение, беше утврдено дека, сметано од 01.06.2013 година, на овие радиодифузери ќе им престане важноста на дозволата за вршење радиодифузна дејност.

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за радиодифузната дејност, за радиодифузерите кои вршат радиодифузна дејност, покрај исполнување на останатите законски услови и обврски, беше пропишана обврска за исполнување на посебни минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови во зависност од програмскиот формат, пропишани со подзаконски акт, кој Советот беше задолжен да го донесе во рок од 5 (пет) дена од денот на влегувањето во сила на овој Закон. Како новитет во врска со овој подзаконски акт, беше тоа што неисполнувањето на утврдените минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови од страна на имателите на дозволата, Законот го пропиша како основ за одземање на дозволата за вршење радиодифузна дејност.

## 1.2 Закон за аудио и аудовизуелни медиумски услуги

Република Македонија, како земја која претендира за членство во Европската Унија, нужно треба да го усогласи националното законодавство со правните акти на Европската Унија. Во таа смисла е и потребата за усогласување на позитивните законски прописи од националното законодавство со Европската директива за аудио и аудио визуелни медиумски услуги усвоена од Европската Унија со која се регулирани нелинеарните медиумски услуги (видео по барање). Имајќи предвид дека предмет на регулирање на Законот за радиодифузната дејност („Службен весник на Република Македонија", бр. 100/05, 19/07, 103/08, 152/08, 6/10, 145/10, 97/11 и 13/12), беше традиционалната радиодифузија во Република Македонија, односно линеарните медиумски услуги, беше неопходно донесување регулатива која ќе ги регулира и нелинеарните медиумски услуги.

Следствено на напред наведеното, во декември 2013 година, Собранието на Република Македонија го донесе Законот за аудио и аудовизуелни медиумски услуги, кој е објавен во „Службен весник на Република Македонија", бр. 184 операторите на јавни електронски комуникациски мрежи кои ги емитуваат или реемитуваат програмските сервиси на радиодифузерите. Овој Закон, треба да го обезбеди развојот

на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги, развојот на независната продукција, да го поттикне, унапреди и заштити културниот идентитет, јазикот и традицијата на заедниците во Република Македонија, да обезбеди почитување на културните и религиозните разлики, да ја поттикне културата на јавен дијалог меѓу граѓаните заради зацврстување на заемното разбирање и толеранција за унапредување на односите меѓу различните заедници. Како цели на овој Закон утврдени се и поттикнувањето на творештвото, образовниот и научниот развој, заштитата на интересите на корисниците (особено на малолетните лица), како и обезбедување развој на медиумската писменост. Законот за аудио и аудовизуелни медиумски услуги треба да обезбеди транспарентен, независен, ефикасен и отчетен јавен радиодифузен сервис, транспарентно независно, ефикасно и отчетно регулаторно тело во областа на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги, техничко-технолошки развој и поттикнување на конкуренцијата во областа на аудио и аудио-визуелните медиумски услуги, како и развој на економијата во Република Македонија.

Вршењето на работите што се предмет на регулирање на Законот за аудио и аудовизуелни медиумски услуги, согласно одредбите од овој Закон, беа ставени во надлежност на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, како самостојно и независно непрофитно регулаторно тело кое има статус на правно лице со јавни овластувања. Во врска со исполнувањето на обврските кои произлегуваат од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Агенцијата е овластена да врши програмски и административен надзор (редовен, вонреден или контролен), како и стручен надзор. Согласно Законот, пропишано е дека Агенцијата ја сочинуваат следните органи: Совет и Директор. Советот на Агенцијата е составен од седум члена, од кои се избира Претседател на Советот и Заменик на претседателот на Советот. Стручните, нормативно-правните, управните, управно-надзорните, материјално-финансиските, сметководствените, информатичките и другите работи на Агенцијата ги врши стручна служба.

Со денот на влегувањето во сила на овој Закон, односно на 3 јануари 2014 година, престана да важи Законот за радиодифузната дејност („Службен весник на Република Македонија", бр. 100/05, 19/07, 103/08, 152/08, 6/10, 145/10, 97/11 и 13/12 и 72/13), така што Советот за радиодифузија се преименува и продолжува да работи како Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услови.

### 1.3 Закон за медиуми

Заради обезбедување општа правна рамка од областа на медиумите односно заради сеопфатно законско уредување на вршењето медиумска дејност во Република Македонија, кон крајот на извештајната година, беше донесен Законот за медиуми. Законот беше објавен во „Службен весник на Република Македонија", бр. 184/13, а стапи на сила на 3-ти јануари 2014 година. Со него беа пропишани основните начела и услови кои треба да ги исполнуваат издавачите на медиуми при вршење на дејноста. Законот за медиуми ги дефинираше поимите: „медиум", „содржини на медиум", „електронски публикации", „издавач на медиум", „новинар", „надлежно регулаторно тело". Законот ја гарантира слободата на изразување и слободата на медиумите, утврдувајќи притоа што опфаќа слободата на медиумите. Законот за медиуми ги определи основните услови за издавање медиуми, пропиша обврска за обезбедување на заштита на малолетни лица, како и обврска за задолжителна објава на одредени информации. Со одредбите на овој закон беа уредени и прашањата во врска со одговорниот уредник, уредништвото, обврската на издавачот за донесување општ акт со кој ќе се уредат прашања во врска со работата на медиумот (составот на уредништвото, правата, обврските и одговорностите на одговорниот уредник, уредниците и новинарите, како и меѓусебните права и обврски меѓу издавачот на

медиумот, одговорниот уредник, уредниците и новинарите, начинот и постапката за именување и разрешување на одговорниот уредник). Законот за медиуми го утврди правото на објавување на исправка и одговор на објавена информација, пропишувајќи ги притоа начините и условите за остварување на ова право. Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, согласно овој Закон беше утврдена како надлежна за вршење административен надзор над исполнувањето на обврските кои произлегуваат согласно неговите одредби.

## 1.4. Подзаконски и други акти донесени од страна на Советот

Во мај 2013 година, Советот за радиодифузија донесе Правилник за техничките, просторните, кадровските и финансиските услови за добивање дозвола за вршење радиодифузна дејност. Правилникот беше објавен во „Службен весник на Република Македонија", бр. 73 од 18.05.2013 година. Донесувањето на овој Правилник, како обврска за Советот, произлезе согласно со измените и дополнувањата на Законот за радиодифузната дејност, извршени истата година,

Како општи услови за сите радиодифузери (радија и телевизии), овој Правилник ги пропиша: обврската за изведување заштитно заземјување за просториите од каде што радиодифузерот ја создава, односно иницијално ја емитува својата програма и каде што врши контрола и снимање на излезниот сигнал (студија и режија), како и обврската за поседување непрекинато струјно напојување, заради обезбедување струјна независност за функционирање на основните функции на радиодифузерот, односно непречено емитување на неговата програмата (за регионално ниво: целосна струјна независност од најмалку еден час и за државно ниво: целосна струјна независност од најмалку шест часа). Правилникот (во посебна глава) ги утврди условите за радио програмски сервис, и тоа: основните технички услови, стандарди и параметри (студио, просторија за режија, дополнителни простории, квалитет на сигналот) и кадровските услови (бројот и структурата на вработените потребни за вршење на дејноста). Со овој подзаконски акт беа пропишани основните технички и просторни услови, стандарди и параметри за студискиот дел на телевизиите кои емитуваат програма на локално и регионално ниво (студио, просторија за режија, просторија за монтажа, дополнителни простории, квалитетот на сигналот и основна техничка опременост), како и основни технички и просторни услови, стандарди и параметри за студискиот дел на телевизиите кои емитуваат програма на државно ниво (студио, посебно студио, потребно време на реверберација во студиото, ниво на осветленост во студиото, просторија за режија, главна контролна просторија (Master-control-room), главна просторија за снимање, просторија за монтажа, акустичка изолација на телевизиските студија и контролни простории, дополнителни простории, квалитетот на сигналот). Освен за радио програмските сервиси, исполнување на кадровски услови (бројот и структурата на вработените потребни за вршење на дејноста), беше пропишано и за телевизиите кои вршат дејност на локално, регионално и државно ниво.

Заради допрецизирање на одредени технички и просторни услови (висина и површина на студио), а и за да им се остави простор на радиодифузерите да го прилагодат и усогласат своето работење во смисла на дозволено отстапување од исполнувањето на утврдените технички, просторни и кадровски услови во Правилникот, и тоа за одреден преоден временски период од неговото стапување во сила, во ноември 2013 година Советот донесе нов Правилник за техничките, просторните, кадровските и финансиските услови, кој беше објавен во „Службен весник на Република Македонија", бр. 154 од 08.11.2013 година. Согласно овој Правилник, на радиодифузерите им беше дадена можност за отстапување од одредени пропишани услови во него: за исполнувањето на кадровските услови дозволеното отстапување беше утврдено за период од

6 (шест) месеци од денот на неговото стапување во сила, а за техничките и просторни услови (висина и површина на студио), дозволеното отстапување беше утврдено за период од 1 (една) година од денот на неговото стапување во сила.

Во мај 2013 година, Советот донесе Правилник со кој беа определени подрачјата на емитување преку јавна комуникациска мрежа на телевизиските програмски сервиси на локално ниво, кој беше објавен во „Службен весник на Република Македонија", бр. 73 од 18.05.2013 година. Прецизирањето на овие подрачја на емитување, со поименично определување на општините кои влегуваат во нивниот состав, беше законска обврска на Советот, произлезена од Законот за изменување и дополнување на Законот за радиодифузната дејност.

Во мај 2013 година, согласно обврската од Законот за електронските комуникации, Советот го измени и дополни Планот за намена и распределба на преносни капацитети на дигитален терестријален мултиплекс, кој го донесе во декември 2012 година. Со измените и дополнувањата на овој План, беше дополнета одредбата која се однесува на распоредот на телевизиските програмски сервиси на трговските радиодифузни друштва во електронскиот водич за програма (EPG) за MUX6 и MUX7, кој согласно Правилникот го определува Советот, еднаш годишно според опфатот и податоците за уделот во гледаноста, така што први се сервисите на државно ниво, па потоа сервисите на регионално ниво, според официјалните податоци за гледаноста содржани во Анализата на пазарот на радиодифузната дејност од претходната година. Оваа одредба беше дополнета на начин што беше утврдено дека распоредот на сервисите на регионално ниво во 2013 година ќе биде по азбучен ред. Измени претрпе и одредбата од Планот за намена и распределба на преносни капацитети на дигитален терестријален мултиплекс, во која беа утврдени зоните на распределба, односно 8 (осумте) зони на распределба: D1 - Црн Врв, D2 - Страцин, D3 - Туртел, D4 - Боскија, D5 - Пелистер, D6 - Мали Влај, D7 - Стогово и D8 - Попова Шапка, така што зоната D1 - Црн Врв (во која претходно беше содржана подзоната, D9 – Водно за подрачјето на град Скопје), беше поделена на 2 (два) региони на емитување, и тоа: Д1 Црн Врв/Скопје и Д1 Црн Врв/Велес. Наведената измена беше направена затоа што зоната Д1 Црн Врв е поголема од останатите, а техничките услови, констатирано е, го овозможуваат тоа. Во јуни 2013 година, Советот изработи Пречистен текст на Планот за намена и распределба на преносни капацитети на дигитален терестријален мултиплекс, кој беше објавен во „Службен весник на Република Македонија", бр. 81 од 03.06.2013 година.

Во 2013 година, трипати беше изменет, односно дополнет Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места и задачите на Стручната служба на Советот. Првата измена и дополнување беше извршена во април 2013 година. Во насока на усогласување на работењето на Советот со Законот за приватно обезбедување („Службен весник на Република Македонија", бр. 166/12), кај работното место „Администратор на системот/одговорно лице за видео надзор, одговорно лице за обезбедување, возач", за кое, меѓу другото, како работна задача беше утврдено вршењето работи на обезбедување на лица и имот во Советот, оваа работна задача, како и делот во називот на ова работно место (одговорно лице за обезбедување) беа избришани. Променет беше и бројот на извршители предвидени за работното место: „Референт за финансиски и сметководствени работи", така што бројот од 2 (двајца) извршители беше намален на 1 (еден) извршител. Заради подобрување на ефикасноста во извршувањето на работите и задачите од надлежност на Секторот за меѓународна и европска соработка и односи со јавноста, во рамките на овој Сектор беше утврдено уште едно работно место: „Референт за односи со јавноста".

Правилникот беше изменет и во јули 2013 година кога, по остварени консултации и дадено мислење од Комората за обезбедување лица и имот, беа извршени измени кај работното место: „Возач, домаќин, доставувач, портир" при Секретаријатот на Советот, во називот на ова работно место беше избришан делот „портир", а во

делот на предвидените работи и задачи за ова работно место, беше избришана работната задача за грижа за одржувањето на редот и безбедноста при доаѓањето на странките во просториите на Советот.

Третата измена и дополнување на актот за систематизација на Советот беше направена во септември 2013 година. Со измените и дополнувањата во Секретаријатот на Советот беше утврдено ново работно место: „Помлад соработник (за општи и заеднички работи)“, за извршување на одредени работи и работни задачи од делокругот на Секретаријатот на Советот (општи работи за тековното функционирање, работи во врска со барањата и техничките спецификации за јавните набавки, следењето на договорите за јавни набавки, координирање/организирање на работа на работниците во кујна, хигиеничарките, возачите и одговорното лице за видео надзор, следење на работата на фирмите задолжени за сервисирање на службените возила, клима уредите, одржување на хигиената, како и извршување на други работни задачи по налог на претпоставениот). Предмет на овие измени, беше и работното место: „Виш соработник“ во Секторот за економско-финансиски работи, така што кај ова работно место беа додадени работни задачи во врска со благајната (водење на девизната и денарската благајна, подигање и исплаќање готовински средства, водење благајнички извештаи и подготвување на потребната документација во врска со исплатата на готовински средства).

Во врска со измените и дополнувањата на Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места и задачите на Стручната служба на Советот, со кои беа извршени измени во називите на одредени работни места („Администратор на системот/одговорно лице за видео надзор, одговорно лице за обезбедување, возач“ и „Возач, домаќин, доставувач, портир“), соодветно беше изменет Правилникот за бруто плата и други надоместоци за вработените во Стручната служба на Советот. Овој Правилник беше дополнет и во врска со новите работни места во Стручната служба на Советот кои беа утврдени со дополнувањата на актот за систематизација на Советот во текот на 2013 година (точка 2.1), така што за нив, како и за останатите работни места во Стручната служба на Советот, беа определени бодови врз основа на кои се определува износот на делот од бруто платата која секој работник ја добива за звање (Референт за односи со јавноста – 371 бод и Помлад соработник за општи и заеднички работи – 390 бодови).

Во текот на извештајната година, беше изменето и дополнето Упатството за формата и содржината на известувањата и барањата на радиодифузерите поврзани со промените во сопственичката структура и за видот и формата на податоците за економско - финансиското работење што радиодифузерите се должни да му ги доставуваат на Советот, кое Упатство Советот го донесе во 2008 година. Во текот на примената на ова Упатство, беше согледана потреба од измени и дополнувања, во делот кој се однесува на видот и формата на податоците за економско-финансиското работење на радиодифузерите, во насока на намалување на бројот на документите кои е потребно радиодифузерите да ги достават до Советот, скратување на потребното време за прибирање на податоците, намалување на трошоците на радиодифузерите за обезбедување на потребните документи, а без притоа да се загрози квалитетот и релевантноста на доставените податоци до Советот. Следствено на измените и дополнувањата на ова Упатство, кои беа објавени во „Службен весник на Република Македонија“, бр. 41 од 15.03.2013 година, во текот на 2013 година беше изработен и негов Пречистен текст.

Во ноември 2013 година, по претходна добиена согласност од Дирекцијата за заштита на личните податоци, Советот го дополни Планот за создавање систем на технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци, кој го донесе во 2011 година, согласно обврската утврдена во позитивните законски прописи од областа на заштитата на личните податоци. При имплементирањето на оваа регулатива низ тековното работење на Советот, беше

увидено дека, заради евиденција на лицата кои влегуваат односно излегуваат од неговите службени простории, во Советот се обработуват нивните лични податоци (име и презиме и датум и час на влез/излез). Поради тоа, беше потребно постоечкиот План (во кој меѓу останатото се утврдени и збирките на лични податоци кои се обработуваат во Советот), да се дополни со уште една збирка на лични податоци – Збирка на посетители. Истовремено беше изработен и Пречистен текст на наведениот План.

Советот за радиодифузија, во јули 2013 година, донесе Пропишана процедура за процесот на спроведување на постапките за јавни набавки. Донесувањето на оваа Процедура имаше за цел обезбедување, спроведувањето на постапките за јавни набавки во Советот да се врши точно, ефективно, ефикасно, преку обезбедување на основните начела на постапката за јавна набавка (конкуренција меѓу економските оператори, еднаков третман и недискриминација на економските оператори, транспарентност и интегритет во процесот на доделување на договори за јавни набавки и рационално и ефикасно искористување на средствата во постапките за јавни набавки). Со Процедурата беа утврдени: нејзиниот носител и цели, актите кои се применети во нејзината изработка, текот на работата, минималната поделба на должностите, документите за известување, временскиот период, роковите за преземање дејствија во текот на постапката, времетраењето на секоја поединечна постапка утврдена во Законот за јавните набавки од иницирање на постапка до склучување на договор, правила и регулативи, анализа на ризици, активност, пример, контролни мерки и суштини на ризик, како и хронолошки активности (дијаграм со инструкции).

Во ноември 2013 година, Советот донесе Процедура за нарачка и прием на стоки и Процедура за извршување на услуги. Наведените процедури беа донесени заради прецизно утврдување на постапувањето при нарачувањето/приемот на стоки, односно постапувањето при извршувањето на услуги, кои дејствија се реализираат, во согласност со позитивните законски прописи, врз основа на склучен Договор за јавна набавка, како и врз основа на договорите кои не се спроведуваат како постапки за јавна набавка. Со наведените процедури беа утврдени: корисникот и целите на процедурите, законската основа, текот на процедурата, минималната поделба на должностите, документите за известување, типови на ризик и хронолошки активности (дијаграм со инструкции). Составен дел на овие процедури се и соодветните пропишани образци (барање, извештај, листа), чие пополнување, потпишување и заверка, се задолжителни при набавувањето стоки односно извршувањето на услуги.

## 2. ДОЗВОЛИ ЗА ВРШЕЊЕ РАДИОДИФУЗНА ДЕЈНОСТ

### 2.1. Замена на дозволите на постојните телевизиски радиодифузери

Во текот на 2013 година, Советот за радиодифузија на Република Македонија согласно законското решение утврдено во Законот за изменување и дополнување на Законот за радиодифузната дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 72/13), а по претходно поднесено барање за измена на дозволата за вршење радиодифузна дејност, изврши измена на постојните дозволи за вршење радиодифузна дејност.

Врз основа на член 10, а во врска со членовите 2 и 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за радиодифузната дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 72/13) донесе 3 (три) одлуки и тоа:

- Одлука бр. 07-167 од 23.05.2013 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 76/13) за изменување и дополнување на Одлуката за доделување дозволи за вршење радиодифузна дејност бр. 02-1628/2 од 30.05.2007 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 67/07),

- Одлука бр. 07-168 од 23.05.2013 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 76/13) за изменување и дополнување на Одлуката за доделување дозволи за вршење радиодифузна дејност (телевизија) бр. 07-2035/1 од 26.06.2008 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 81/08) и

- Одлука бр. 07-169 од 23.05.2013 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 76/13) за изменување и дополнување на Одлуката за доделување дозволи за вршење радиодифузна дејност (телевизија) бр. 07-2914/1 од 06.10.2008 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 125/08).

Советот на постојните телевизиски радиодифузери им издаде вкупно 58 (педесет и осум) дозволи за вршење радиодифузна дејност од кои:

- 4 (четири) дозволи за емитување ТВ програмски сервис, на државно ниво преку дигитален терестријален мултиплекс,
- 26 (дваесет и шест) дозволи за емитување ТВ програмски сервис, на регионално ниво преку дигитален терестријален мултиплекс,
- 3 (три) дозволи за емитување ТВ програмски сервис, на регионално ниво преку јавна електронска комуникациска мрежа која не користи ограничен ресурс (се однесува за регионот на град Скопје) и
- 25 (дваесет и пет) дозволи за емитување ТВ програмски сервис на локално ниво, преку јавна електронска комуникациска мрежа која не користи ограничен ресурс.

### 2.2. Доделување нови дозволи за вршење радиодифузна дејност

Во текот на 2013 година Советот за радиодифузија донесе 2 (две) одлуки за објавување конкурс за доделување дозвола за вршење радиодифузна дејност и тоа:

- Одлука бр. 07-72 од 17.04.2013 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 56/13), за објавување конкурс за доделување дозвола за вршење радиодифузна дејност – радио на државно ниво и

- Одлука бр. 07-73 од 17.04.2013 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 56/13), за објавување конкурс за доделување дозвола за вршење радиодифузна дејност – телевизија преку терестријален предавател, на државно ниво.

Во врска со наведеното, Советот додели две дозволи, односно донесе 2 (две) одлуки за доделување дозвола за вршење радиодифузна дејност и тоа:

- Одлука бр. 07-171 од 23.05.2013 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 76/13), за доделување дозвола за вршење радиодифузна дејност – телевизија на државно ниво на Трговското радиодифузно друштво „АЛФА ТВ" ДООЕЛ Скопје и
- Одлука бр. 07-321 од 15.07.2013 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 101/13), за доделување дозвола за вршење радиодифузна дејност – радио преку терестријален предавател на државно ниво на Трговското радиодифузно друштво „Радио Равел" ДООЕЛ Скопје.

## 2.3. Одземање дозволи за вршење радиодифузна дејност

Советот за радиодифузија на Република Македонија, во текот на 2013 година, донесе 4 (четири) одлуки за одземање на дозволата за вршење радиодифузна дејност, од кои:

- 3 (три) поради неплаќање на надоместокот за дозволата во рокот утврден во дозволата, и тоа:

- Одлука бр. 07-04 од 10.01.2013 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 7/13), за одземање на дозвола за вршење радиодифузна дејност бр. 07-438 од 28.12.2010 година на Трговското радиодифузно друштво „МОНАКО – РАДИО СИТИ ФМ" ДООЕЛ, Куманово,
- Одлука бр. 07-310 од 04.07.2013 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 96/13), за одземање на дозвола за вршење радиодифузна дејност бр. 07-2040/1 од 18.06.2007 година на Трговското радиодифузно друштво „Ќани Исмаилоски РАДИО ТЕРНИПЕ (Младост)" ДООЕЛ Прилеп, и
- Одлука бр. 07-327 од 29.07.2013 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 107/13), за одземање на дозвола за вршење радиодифузна дејност бр. 07-3459/1 од 26.11.2008 година на Трговското радиодифузно друштво „РАДИО МИС 2008" ДООЕЛ с. Преглово, Пласница; и

- 1 (една) поради настанување околности што претставуваат законски пречки за имателот да врши радиодифузна дејност – неемитување најмалку 6 часа дневно програма на телевизија и тоа:

- Одлука бр. 07-170 од 23.05.2013 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 76/13), за одземање на дозвола за вршење радиодифузна дејност бр. 07-3449/1 од 26.11.2008 година, на Трговското радиодифузно друштво „ТОП ТВ", ДООЕЛ Берово.

## 2.4. Престанок на важност на дозволи за вршење радиодифузна дејност

Во предметната година, Советот за радиодифузија на Република Македонија, донесе 4 (четири) решенија за престанок на важноста на дозволата за вршење радиодиузна дејност, од кои:

- 3 (три) решенија врз основа на поднесена изјава/известување за престанок на важноста на дозволата за вршење радиодифузна дејност, и тоа:

- Решение бр. 03-156/1 од 10.01.2013 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 7/13) за престанок на важноста на дозволата за вршење радиодифузна дејност на Трговското радиодифузно друштво „РАДИО РАВЕЛ“ ДООЕЛ Скопје,
- Решение бр. 07-166 од 23.05.2013 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 76/13) за престанок на важноста на дозволата за вршење радиодифузна дејност на Трговското радиодифузно друштво „Алфа ТВ“ ДООЕЛ Скопје и
- Решение бр. 07-250 од 26.06.2013 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 90/13) за престанок на важноста на дозволата за вршење радиодифузна дејност на Трговското радиодифузно друштво „Телевизија КРТ“ ДООЕЛ Скопје и

- 1 (едно) решение бр. 07-397 од 27.09.2013 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 135/13), за престанок на важноста на дозволата за вршење радиодифузна дејност на Радиодифузното трговско друштво „РАДИО МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА“ ДООЕЛ Македонска Каменица, бр. 07-3464/1 од 26.11.2008 година, поради настапување на стечај, согласно Решението Ст. бр. 157/13 од 19.09.2013 година на Основниот суд Кочани.

### 2.5. Вкупен број на радиодифузери кои поседуваат дозвола за вршење радиодифузна дејност

Во 2013 година, 143 радиодифузери поседуваа дозвола за вршење радиодифузна дејност. Во Табелата подолу се прикажани податоците за вкупниот број на радиодифузери (состојба заклучно со 31.12.2013 година), по видот на програмскиот сервис што го емитуваа (радио/телевизија), техничките средства преку кои ја емитуваа/пренесуваа програмата (дигитален терестријален мултиплекс/оператор на јавна електронска комуникациска мрежа која не користи ограничен ресурс/сателит), нивото на опфат на емитување (државно/регионално/локално) и видот на радиодифузерот (трговско радиодифузно друштво/непрофитна радиодифузна установа).

*Табела бр. 1 : Вкупен број на радиодифузери кои поседуваат дозвола за вршење радиодифузна дејност заклучно со 31.12.2013 година*

| Ниво на опфат | ТВ станици | РА станици | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Државно ниво (преку дигитален терестријален мултиплекс) | 5 | 4 | 9 |
| Државно ниво (преку сателит) | 5 | 0 | 5 |
| Регионално ниво | 28 | 16 | 44 |
| Локално ниво | 27 | 55 | 82 |
| Локално ниво–непрофитно | 0 | 2 | 2 |
| Регионално – непрофитно | 0 | 1 | 1 |
| Вкупно | 65 | 78 | 143 |

# 3. НАДЗОР ВРЗ РАБОТЕЊЕТО НА РАДИОДИФУЗЕРИТЕ

## 3.1 Мониторинг на програмските обврски на радиодифузерите

Согласно Програмата за работа на Советот за радиодифузија во 2013 година и Планот за мониторинг, програмските сервиси на радиодифузерите, освен со редовниот мониторинг со кој се следеше почитувањето на обврските од Законот за радиодифузната дејност и подзаконските акти, беа анализирани и од два други значајни аспекта. Едниот се однесува на следењето на медиумското покривање на локалните избори, кое се базираше на Изборниот законик и подзаконските акти донесени врз основа на него, а чија долготрајност (од јануари до април) и опфат се одразија врз димензионирањето на редовниот мониторинг на програмските сервиси. Другиот аспект се однесува на остварувањето на обврските од Законот за еднакви можности на жените и мажите и од Националната стратегија за родова еднаквост 2013–2020. Освен ова, беа реализирани и повеќе ад хок мониторинзи врз основа на претставки или барања. Редовно се следеше и дали радиодифузерите постапуваа по мерките, односно секогаш кога Советот изрекуваше мерка опомена со барање за објавување или времена забрана за рекламирање и телешопинг се проверуваше дали медиумите ги извршиле мерките. По одлука на Советот се правеа и контролни мониторинзи за да се утврди дали сервисот престанал со прекршувањето.

### 3.1.1 Јавен радиодифузен сервис

**Македонска телевизија**

Првиот и вториот телевизиски програмски сервис на Јавниот сервис – МРТ1 и МРТ2, беа предмет на две анализи на 24-часовната програма: во јуни и во октомври. Кај МРТ1, при првиот мониторинг немаше прекршувања, а при вториот беше констатирано емитување реклами во периодот меѓу 17:00 и 21:00 часот кога, согласно Законот за радиодифузната дејност, не е дозволено рекламирање. На МРТ2 со првиот мониторинг беше забележано непочитување на правилата за заштита на малолетната публика (несоодветен термин за емитување одредена категорија програма, односно неозначени промотивни најави за програмите). При вториот мониторинг немаше прекршувања.

**Македонско радио**

Во мај и во октомври беше анализиран по еден ден од програмата на три програмски сервиси на Македонското радио: Првиот програмски сервис – Радио Скопје, Вториот програмски сервис - Радио 2 и Третиот програмски сервис – Канал на етнички заедници. Прекршувања не беа констатирани.

### 3.1.2 Комерцијален сектор

**Терестријални телевизии на државно ниво**

Советот го провери остварувањето на програмските обврски од страна на терестријалните телевизии со сервиси на државно ниво преку два редовни мониторинга: во април и во септември. Оваа група ТВ станици при првиот мониторинг ја сочинуваа ТВ Алсат-М, ТВ Канал 5, ТВ Телма и ТВ Сител, а за вториот им се приклучи и ТВ Алфа, како петта меѓу телевизиските програмски сервиси на државно ниво кои емитуваат програма преку дигитален терестријален мултиплекс. Кај ТВ Канал 5, со

двата мониторинга не беа констатирани прекршувања. Кај другите, во април се појавуваа прекршувања од типот на непочитување на правилата за рекламирање, спонзорство и телешопинг (емитуван телешопинг и реклами во ист реален час, поттикнување да се купуваат производите на спонзорот, прикриено рекламирање), а во септември беше забележано непочитување на правилата за заштита на малолетната публика, емитување програми на странски јазици непреведени на македонски јазик, недоволен процент изворно создадена програма и реклами во вестите. На ТВ Сител беше реализиран и контролен мониторинг.

**Сателитски телевизии на државно ниво**

Програмата од едно деноноќие на телевизиските програмски сервиси кои се емитуваат преку сателит беше анализирана во април и во септември. Со првата анализа на ТВ 24 Вести, ТВ Алфа, ТВ Канал 5 Плус, ТВ Сител 3, Наша ТВ и ТВ Сонце, прекршувања не беа забележани кај ТВ 24 Вести, ТВ Наша и ТВ Сонце. Кај другите беше забележано непочитување на правилата за рекламирање (во поглед на временските ограничувања и емитуваното прикриено рекламирање). При втората анализа, прекршувања немаше кај ТВ 24 Вести, ТВ Канал 5 Плус и ТВ Наша. ТВ Сител 3 не емитуваше доволен процент изворно создадена програма на македонски јазик, а на ТВ Сонце имаше прикриено рекламирање и изложување производи со видливо истакнато име или марка. ТВ Алфа во меѓувреме доби дозвола за емитување програма преку дигитален терестријален мултиплекс и затоа вториот пат беше мониторирана со таа група медиуми.

**Терестријални радиостаници на државно ниво**

Првата анализа на 24-часовната програма на комерцијалните радиостаници кои се емитуваат на државно ниво Антена 5, Канал 77 и РОС Метрополис беше во мај, а втората во октомври. Во мај, кај Радио Антена 5 беше забележано повремено неиздвојување на рекламите од другиот дел на програмата, а во октомври во емисија на Радио Метрополис имаше поттикнување да се користат услугите и производите на спонзорот. Кај Канал 77, со двата мониторинга не беа констатирани прекршувања. За разлика од претходните години, со мониторинзите на програмата на радијата не беше констатирано непочитување на обврската за емитување вокално - инструментална музика на македонски јазик. Ова можеби се должи на политиката на Советот да одржува постојана комуникација, консултации, состаноци и обуки по ова прашање со радиодифузерите.

**Регионални ТВ станици**

Во периодот јуни/јули беше спроведен мониторингот на скопските телевизиски станици ТВ Амазон, ТВ Шутел, ТВ Скајнет, ТВ БТР, ТВ Едо, ТВ Скопје, ТВ Ера и ТВ МТМ кои пред преминот кон дигитализација беа единствените регионални телевизии. Кај четири од нив (ТВ Амазон, ТВ Шутел, ТВ Едо и ТВ Скопје) немаше констатирани прекршувања на Законот за радиодифузната дејност и на подзаконските акти, а кај другите четири имаше прекршувања, најчесто на одредбите за рекламирање и телешопинг (надминување лимити за рекламирање на реален час, прикриено рекламирање, емитување телешопинг прозорец и рекламни спотови во ист реален час, реклами во вести), непочитување на одредбите за заштита на малолетната публика или на одредбите кои се однесуваат на обврските за емитување изворна програма и вокално – инструментална музика на македонски јазик, односно на јазикот на етничката заедница за која е наменет програмскиот сервис.

По исклучувањето на аналогниот ТВ сигнал (1 јуни 2013) повеќе локални ТВ станици добија дозвола за програмски сервис на регионално ниво и почнаа да емитуваат програма преку дигитален терестријален мултиплекс. Анализите на еднодневната програма на овие телевизии се реализираа во јули, август, септември и декември. Во текот на овие месеци, анализа беше направена на следниве медиуми: ТВ КТВ и ТВ Тиквешија од регионот Д1–Црн Врв-Велес; ТВ Сител 2 и ТВ Златен канал од Д2-Страцин; ТВ Стар, ТВ Д1 и ТВ Ирис од Д3-Туртел; ТВ ВТВ, ТВ Кобра и ТВ Вис од Д4-Боскија; ТВ Боем, ТВ Ускана и ТВ Вижн-БМ од регионот Д5-Пелистер; ТВ Канал 3 од Д7-Стогово; и ТВ Чеграни Медиа, ТВ Коха и ТВ Менада од регионот Д8-Попова Шапка. Кај телевизиите Д1, Боем и Чеграни Медиа, не беа констатирани прекршувања на одредбите од Законот и подзаконските акти. Кај ТВ Менада немаше прекршувања, но поради техничка неисправност на снимката, беше спроведен контролен мониторинг. Кај другите, најчесто се јавуваа повредите на одредбите за рекламирање (надминување лимити за рекламирање на реален час, неозначување на рекламите и прикриено рекламирање), потоа на одредбите за заштита на малолетната публика или на одредбите кои се однесуваат на емитувањето вокално–инструментална музика и програма изворно произведена на македонски јазик, односно на јазиците на етничките заедници. Контролни мониторинзи беа направени и за ТВ Вис и ТВ Сител 2.

**Регионални радија**

Анализирано беше по едно деноноќие од јулската програма на скопските радија Радио Лајф, Радио Фортуна и Радио Клуб ФМ. На Лајф Радио немаше прекршувања, а кај другите две беа констатирани повреди на одредбите од Законот за радиодифузната дејност поврзани со рекламирањето и спонзорството на програмите (неозначување и неиздвојување на рекламите од другите делови на програмата, поттикнување продажба, купување или изнајмување производи или услуги од спонзорот). За Радио Клуб ФМ беа направени контролни мониторинзи.

**Локални ТВ станици**

Предмет на мониторинг беа и по 24 часа од програма емитувана во ноември или декември на локалните ТВ станици Тера од Битола, Нова од Гевгелија, Хана од Куманово, ТВМ од Охрид и Арт од Тетово. Во анализираниот ден, ТВ Нова немаше прекршувања, а кај другите телевизии се јавуваат прекршувања на законските одредби за рекламирање (неозначување и несоодветно вметнување на рекламите) или на одредбите од подзаконскиот акт за заштита на малолетната публика (означување на категоријата програма и термин на емитување) и има случај да се емитува непреведена странска програма.

**Ад хок мониторинзи по претставки и на барање**

Претставките се средството преку кое граѓаните реагираат до Советот за радиодифузија тогаш кога сметаат дека некоја телевизија или радио емитува проблематична содржина. Програмата на која се однесува претставката секогаш внимателно се прегледува и доколку постои проблем, се прави анализа. Поединечни анализи се прават и врз основа на барање од членови на Советот. Во 2013 година, врз основа на претставка или барање, беа изработени поголем број анализи кои се однесуваа на аспекти од заштитата на малолетната публика – најчесто емитување програми во несоодветен период или нивно класифицирање и означување во погрешна категорија. Вакви анализи беа направени на ТВ Сител за серијалите „Бурни времиња“ и „Судбината на Фатмаѓул“ и за реалните шоу програми „Големиот брат“ и „Крвта не е вода“; на ТВ Канал 5 за серијалите „Тишина“ и „Величенствениот“; на ТВ

Алфа за реалното шоу „Фарма“; на ТВ Телма беше анализирана реалната шоу програма „Помеѓу чаршафите со Rebecca Rosenblat“; на ТВ БТР – филмот „Готвачот“; а на Радио Рос Метрополис – утринската емисија „Петар за појадок и пауза“.

Врз основа на претставка од група пратеници и пратенички во Собранието на Република Македонија, беше анализиран спот од кампањата „Избери живот“ на Владата на Република Македонија.

Почитувањето на професионалните принципи при известувањето беше основа за мониторинг на прилози во вестите на ТВ Алсат–М (за известувањето за настани поврзани со поставувањето на скулптурата на цар Душан во Скопје), во вестите на ТВ Канал 5 (за прилози за заштита на купувачите на цигари и за известување за спортски настани), како и на контактната емисија „Вие и вашето здравје“ на ТВ Амазон.

Поради начинот на вметнување рекламни блокови, но и емитувањето вести во филмот „Поаро на Агата Кристи“, беше мониторирана Наша ТВ. Несоодветно вметнување на рекламите на поделен екран имаше во серијалите „Допрени од љубовта“ и „Тудорите“ кај Канал 5 и во серијалот „Беверли Хилс“ на ТВ Сител.

За да се утврди почитувањето на авторските права, беа мониторирани играната програма на ТВ Едо (од 9 до 16 јуни), како и документарните емисии и интермецата на ТВ 24 Вести (на 5 и на 12 јуни).

### 3.1.3 Мониторинг на медиумското покривање на изборната кампања за Локалните избори 2013 година

Согласно Изборниот законик, Советот за радиодифузија го следи известувањето на радиодифузерите за изборите од денот на нивното распишување, па до денот на гласањето. Станува збор во време во кое важат два различни сета законски правила, па оттаму тоа е поделено во два дела – период од распишувањето на изборите до почетокот на кампањата и периодот на изборната кампања. Различните правила на игра за радиодифузерите се одразени и во двата различни подзаконски акта и во двете различни методологии за мониторирање на програмите.

Во периодот по распишувањето на Локалните избори во 2013 година до почетокот на кампањата (12 јануари до 3 март) не смееше да се емитува изборно медиумско претставување. Затоа, мониторингот на Советот се реализираше преку набљудување на програмските сервиси на 27 радиодифузери (на државно и на регионално ниво), а анализа на одредени програми или целини се вршеше во случај да се забележи можен прекршок. Беа констатирани вкупно 25 прекршувања по пет основи – објавување реклами финансирани од буџет; известување за активностите на органите на власта во функција на изборно медиумско претставување на некој политички субјект; учество на уредници, новинари, водители на програма и презентери во предизборни активности на организатори на изборна кампања; учество на потврдени кандидати во посебни информативни емисии и емитување изборно медиумско претставување пред почетокот на изборната кампања. За сите беа упатени укажувања.

Локалните избори се реализираат во два изборни круга, поради што со мониторингот на покривањето на изборната кампања за првиот круг (4 до 24 март) беа опфатени сите медиуми со исклучок на оние за кои искуствата и резултатите од мониторинзите на претходните изборни процеси покажале дека не следат избори. Во вториот круг мониторингот се одвиваше меѓу 17 март и 7 април и, покрај терестријалните и сателитските сервиси на државно ниво, опфаќаше и 5 регионални и 21 локален медиум. Мониторингот на Советот, на половина од кампањата во првиот круг излезе со првичен извештај и оценки за избалансираноста, а целосниот Извештај од медиумското покривање на изборната кампања за Локалните избори 2013 беше објавен на веб страницата на Советот. Резултатите покажаа дека кај повеќето медиуми се

забележуваше поголема застапеност на информации за владеачките политички субјекти, т.е. коалицијата „За подобра Македонија", предводена од ВМРО ДПМНЕ, односно за ДУИ, како и дека најголемиот дел од медиумите не успеаја да направат разлика меѓу редовните активности на власта и оние кои служат за промовирање проекти и достигнувања во функција на изборната кампања. Беа упатени 23 укажувања (поради емитување платено политичко рекламирање кое не е означено или чиј нарачател не е јасно означен; користење интервју како платено политичко рекламирање; објавување резултати од испитувања на јавното мислење без сите потребни информации или по законски дозволениот рок). Поради различни прекршувања на Изборниот законик и на Правилникот за рамноправен пристап во медиумското претставување во време на изборна кампања, Советот донесе 33 одлуки за прекршочни постапки и спроведени беа исто толку постапки за порамнување, од кои успешно завршија 20. Поради необезбедување рамноправен пристап во изборното медиумско претставување во време на изборната кампања за сите учесници во изборниот процес, поведени беа осум постапки за порамнување, од кои две завршија успешно.

Во сите случаи во кои постапките за порамнување не завршија успешно, беа покренати прекршочни постапки пред надлежните судови.

Освен вработените во Советот за радиодифузија, во мониторингот беа ангажирани и надворешни соработници. За нив беа организирани девет обуки, во Куманово, Штип, Струмица, Кавадарци, Тетово, Кичево, Битола, Охрид и Скопје. Паралелно со обуките, беа одржани и девет работилници со радиодифузерите, на кои беше дискутирано за начинот на постигнување баланс во известувањето за кампањата во вестите, правилата за интервјуата, дебатите и другите посебни информативни програми, платеното политичко рекламирање, бесплатното претставување и правилата за изборниот молк.

### 3.1.4 Родот и медиумите

Во текот на 2013 година, Советот имаше неколку обврски кои се однесуваа на третманот на родовите во медиумите, а кои произлегуваат од Законот за еднакви можности на жените и мажите и од Националната стратегија за родова еднаквост 2013–2020. Со Законот, регулаторното тело е задолжено да спроведе годишно две анализи – едната за третманот на родовите прашања во медиумите, а другата за начинот на кој жените и мажите се прикажани и претставени во програмите на радиодифузерите. Со Стратегијата, Советот доби обврска да го преведе на македонски јазик Прирачникот на Советот на Европа „Жените и новинар(к)ите на прво место: Предизвик за медиумските професионалци да остварат демократија во праксата, квалитет во новинарството и да го запрат родовото стереотипизирање", да им го направи достапен на радиодифузерите и да одржи работилница за медиумските професионалци, а граѓаните да ги информира за начинот на поднесување претставки за телевизиски и радио содржини за кои сметаат дека се навредливи од аспект на родот.

Резултатите од двете истражувања беа презентирани на јавна сеница на Советот за радиодифузија, одржана во ноември, на која беа промовирани и преводите на Прирачникот, како и на уште неколку други препораки и резолуции на Советот на Европа. Исто така, беше промовиран и посебен дел од веб страницата на Советот за радиодифузија, насловен „Родот и медиумите", преку кој медиумите имаат континуиран пристап до сите овие документи, а граѓаните можат да доставуваат претставки. На седницата, освен Претседателот на Советот, д-р Зоран Трајчевски, на присутните им се обратија и министерот за труд и социјална политика Диме Спасов и претседателката на Собраниската комисија за еднакви можности на жените и мажите, м-р Лилјана Поповска. Во декември беше одржана работилницата со медиумските

професионалци. За истражувањата и обуката Советот соработуваше со Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје, кој беше ангажиран преку јавна набавка.

### 3.1.5 Европски аудиовизуелни дела

Телевизиските програмски сервиси на државно ниво (со исклучок на МРТ2, Собранискиот канал, МРТСат и ТВ 24 Вести) имаат обврска годишно да емитуваат одреден процент европски аудиовизуелни дела. По обработката на податоците од доставените извештаи и од побараните допрецизирања, беше финализиран Извештајот за исполнување на обврската за емитување европски аудиовизуелни дела во 2012 година. Обврската не успеа да ја исполни ТВ Алсат М, нецелосни извештаи доставија ТВ Канал 5 и ТВ Канал 5 Плус, а Наша ТВ не достави известување.

## 3.2 Известувања, укажувања, изречени мерки и поведени прекршочни постапки кон радиодифузерите врз основа на редовниот мониторинг, ад хок мониторинзи и мониторинзите по претставки, спроведени од страна на Советот за радиодидифузија на Република Македонија согласно Законот за радиодифузната дејност

### 3.2.1 Известувања[1]

Врз основа на спроведените редовни и ад-хок мониторинзи, како и мониторинзи по претставки од граѓани, во текот на 2013 година Советот за радиодифузија на Република Македонија достави 3 (три) известувања до радиодифузерите. Две известувања беа по повод констатирани недоследности од аспект на одредбите од Законот за радиодифузната дејност кои се однесуваат на програмските содржини што може да ја вознемират малолетната публика и на одредбите од Правилникот за заштита на малолетната публика (емитување програма која може да го загрози физичкиот, психичкиот и моралниот развој на децата и младите, причини поради кои програмата не е за јавно телевизиско прикажување и несоодветен термин на емитување програма која може да ја вознемири малолетната публика). Едно известување беше испратено до радиодифузер кај кој беше утврдено дека рекламирањето и телешопингот не беа јасно препознатливи и издвоени од другите делови на програмата со оптички или акустички средства.

### 3.2.2 Укажувања[2]

Во текот на 2013 година, Советот за радиодифузија на Република Македонија, упати 38 (триесет и осум) укажувања до радиодифузерите, од кои:

- две укажувања заради неисполнување на обврската за објавување на податоците што се однесуваат на работењето во претходната година (член 20 став 1 и 2 од ЗРД);
- седум укажувања заради неисполнување на обврската за доставување на податоците за економско финансиско работење во претходната година (член 20 став 3 и 4 од ЗРД);

[1] Деталните податоци за доставените известувања се наведени во табеларниот преглед на крајот на Извештајот „Известувања од редовниот мониторинг, ад хок мониторинзи и мониторинзи по претставки, спроведени од Советот за радиодифузија на РМ во 2013" (Прилог бр. 1).

[2] Деталните податоци за упатените укажувања се наведени во табеларниот преглед на крајот на Извештајот „Укажувања од редовниот мониторинг, ад-хок мониторинзи и мониторинзи по претставки, спроведени од Советот за радиодифузија на РМ во 2013" (Прилог бр. 2).

- две укажувања за необезбедување најмалку 30 % програма изворно создадена едно укажување за емитување програма на странски јазици непреведена на македонски јазик (член 83, став 1 од ЗРД);
- едно укажување заради надминување на лимитите за рекламирање во текот на еден реален час (член 93 став 3 од ЗРД);
- едно укажување заради емитување телешопинг прозорец и рекламен блок во ист реален час (член 94 став 4 од ЗРД);
- пет укажувања за емитувани реклами неозначени и неиздвоени од другите делови на програмата со оптички или акустички средства (член 97, став 1 од ЗРД);
- две укажувања заради емитување прикриено рекламирање и изложување на производи со видливо истакнато име и марка (член 98 од ЗРД);
- две укажувања за емитување прикриено рекламирање (член 98, став 1 од ЗРД);
- едно укажување заради тоа што рекламирањето било вметнато на начин со кој се загрозени интегритетот и вредноста на програмата, како и правата на авторите и на другите носители на права (член 99 став 1 од ЗРД);
- две укажувања за вметнување блокови рекламни спотови во програмите на начин што не е почитуван периодот од најмалку 20 минути кој треба да помине меѓу два рекламни блока (член 99, став 1 алинеја 4 од ЗРД);
- едно укажување за поттикнување на продажба, купување на производи или изнајмување на услуги од спонзорот во спонзорирана програма (член 106, став 2 од ЗРД)

За повреда на член 71, став 3 од ЗРД и одредби од Правилникот за заштита на малолетната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој беа упатени:

- едно укажување заради несоодветна предупредувачка сигнализација (член 71 став 3 од ЗРД и член 6 од Правилникот за заштита на малолетната публика);
- пет укажувања за емитување програма во несоодветен период (член 71 став 3 од ЗРД и член 7 од Правилникот за заштита на малолетната публика);
- три укажувања за неозначување на програмите пред почетокот со акустично и визуелно предупредување и неемитување постојано визуелно предупредување во текот на програмата/необележување на промотивните најави за играната програма со визуелен знак што ја сигнализира категоријата на програма што се најавува (член 71 став 3 од ЗРД и член 12 од Правилникот за заштита на малолетната публика) и
- две укажувања за необележување на промотивните најави за играната програма со визуелен знак што ја сигнализира категоријата програма што се најавува (член 71 став 3 од ЗРД и член 13 од Правилникот за заштита на малолетната публика).

### 3.2.3 Мерки[3]

За прекршувањата на Законот за радиодифузната дејност („Службен весник на Република Македонија", бр. 100/05, 19/07, 103/08, 152/08, 6/10, 145/10, 97/11, 13/12,

[3] Деталните податоци за мерките се наведени во табеларниот преглед на крајот на Извештајот „Мерки од редовниот мониторинг, ад хок и мониторинзи по претставки, спроведени од Советот за радиодифузија на РМ во 2013" (Прилог бр. 3).

72/13) и на подзаконските акти, кои Советот ги констатираше врз основа на спроведениот редовен мониторинг, ад хок мониторинзи и мониторинзи по претставки, во текот на 2013 година беа изречени вкупно 124 (сто дваесет и четири) мерки, од кои:

- 77 (седумдесет и седум) писмени опомени;
- 31 (триесет и една) писмена опомена со барање за објавување;
- 12 (дванаесет) времени забрани за рекламирање и телешопинг од еден ден и
- 4 (четири) времени забрани за рекламирање и телешопинг од два дена.

Мерките кои Советот ги изрече на трговските радиодифузни друштва и на јавниот радиодифузен сервис се однесуваа на следните прекршувања на Законот за радиодифузната дејност:

- една мерка – писмена опомена за непобарано одобрение од Советот за радиодифузија за промена на сопственичката структура (член 17, став 2 од ЗРД);
- единаесет мерки – писмени опомени, осум мерки – писмени опомени со барање за објавување; три мерки – времени забрани за рекламирање и телешопинг од еден ден и и две мерки – времени забрани за рекламирање и телешопинг од два дена – за необјавени податоци што се однесуваат на работењето на радиодифузерите во претходната година (член 20, ставови 1 и 2 од ЗРД);
- две мерки – писмени опомени, две мерки – писмени опомени со барање за објавување, две мерки времени забрани за рекламирање и телешопинг од еден ден и една мерка времена забрана за рекламирање и телешопинг од два дена за недоставување податоци и документи поврзани со економско-финансиско работење на радиодифузерот (член 20, ставови 3 и 4 од ЗРД);
- една мерка – времена забрана за рекламирање и телешопинг од еден ден заради поттикнување на верска омраза и нетрпеливост (член 68 од ЗРД);
- една мерка – писмена опомена заради непоттикнување на духот на толеранција, заемното почитување и разбирање меѓу индивидуите од различно етничко и културно потекло и поради необезбедување објективно и непристрасно прикажување на настаните со еднаков третман на различните гледишта и мислења и овозможување на слободно оформување на мислењето на публиката за одделни настани и прашања (член 68, став 2 алинеја 4 и 9 од ЗРД);
- една мерка писмена опомена со барање за објавување за неисполнување на обврската за обезбедување застапеност на европски аудиовизуелни дела најмалку 51 % од вкупно емитуваната програма во текот на 2012 година (член 73 од ЗРД);
- четири мерки – писмени опомени, една мерка – писмени опомени со барање за објавување и една мерка времена забрана за рекламирање и телешопинг од еден ден за необезбедување најмалку 30 % програма изворно создадена на македонски јазик односно јазиците на немнозинските заедници кои живеат во Република Македонија (член 74, став 1 од ЗРД);
- четири мерки – писмени опомени, две мерки – писмени опомени со барање за објавување, една мерка времена забрана за рекламирање и телешопинг од еден ден и една мерка времена забрана за рекламирање и телешопинг од два дена – за необезбедување најмалку 30 % од емитуваната вокално-инструментална музика да биде на македонски јазик или на јазикот на етничките заедници кои не се во мнозинство во Република Македонија (член 74, став 2 од ЗРД);

- една мерка – писмена опомена за емитување програми на странски јазици непреведени на македонски јазик (член 83, став 1 од ЗРД);
- една мерка – писмена опомена поради рекламирање во периодот од 17.00 до 21.00 часот (член 91 став 3 од ЗРД);
- дванаесет мерки – писмени опомени, три мерки – писмени опомени со барање за објавување и една времена забрана за рекламирање и телешопинг од еден ден за надминување на лимитот за рекламирање на еден реален час (член 93, став 3 од ЗРД);
- две мерки – писмени опомени за емитување блокови со рекламни спотови во еден реален час кога е емитуван и телешопинг прозорец (член 94, став 4 од ЗРД);
- пет мерки – писмени опомени, четири мерки – писмени опомени со барање за објавување и две мерки времена забрана за рекламирање и телешопинг од еден ден за емитувани реклами неозначени и неиздвоени од другите делови на програмата со оптички или акустички средства (член 97, став 1 од ЗРД);
- две мерки – писмени опомени и една мерка – писмена опомена со барање за објавување за емитување прикриено рекламирање (член 98, став 1 од ЗРД);
- две мерки – писмени опомени поради тоа што рекламирањето во рамките на програмскиот сервис било вметнато на начин, со што се загрозени интегритетот и вредноста на програмата како и правата на авторите и другите носители на права (член 99 став 1 од ЗРД);
- три мерки – писмени опомени за непочитување на периодот од најмалку 20 минути меѓу два рекламни блока во програмите (член 99, став 1 алинеја 4 од ЗРД);
- една мерка – писмена опомена и една мерка писмена опомена со барање за објавување за емитување реклами во вести (член 100, став 1 од ЗРД);
- една мерка – писмена опомена за нејасно идентификување на спонзорот (член 106, став 1 од ЗРД);
- една мерка – писмена опомена и една мерка – писмена опомена со барање за објавување за поттикнување на продажба, купување на производи или изнајмување на услуги од спонзорот во спонзорирана програма (член 106, став 2 од ЗРД).

За повреда на член 71 од ЗРД и одредби од Правилникот за заштита на малолетната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој, беа изречени:

- петнаесет мерки – писмени опомени, четири мерки – писмени опомени со барање за објавување, една мерка – времена забрана за рекламирање и телешопинг од еден ден за емитување програма во несоодветен период (член 71, став 3 од ЗРД и член 7 од Правилникот за заштита на малолетната публика),
- четири мерки – писмени опомени за неозначување на програмите пред почетокот со акустично и визуелно предупредување и неемитување постојано визуелно предупредување во текот на програмата/необележување на промотивните најави за играната програма со визуелен знак што ја сигнализира категоријата на програмата што се најавува (член 71, став 3 од ЗРД и член 12 од Правилникот за заштита на малолетната публика) и

- четири мерки – писмени опомени за необележување на промотивните најави за играната програма со визуелен знак што ја сигнализира категоријата на програмата што се најавува (член 71, став 3 од ЗРД и член 13, став 1 од Правилникот за заштита на малолетната публика).

Беа изречени и следниве мерки за прекршување на одредбите од Правилникот за за европски аудиовизуелни дела:

- три мерки – писмени опомени со барање за објавување заради неисполнување на обврската за известување на Советот за емитување европски аудиовизуелни дела во 2012 година (член 73 од ЗРД со член 6 од Правилникот за европски аудиовизуелни дела);

Од горенаведените мерки, изречени од страна на Советот во извештајниот период, на Јавниот радиодифузен сервис – Македонска радиотелевизија се однесуваа 4 мерки (три писмени опомени и една писмена опомена со барање за објавување). Четирите мерки се изречени за следното:

- две мерки (една писмена опомена на МРТ 2 – Втор телевизиски програмски сервис и една писмена опомена со барање за објавување на МРТ 2 – Втор телевизиски програмски сервис) за емитување програма во несоодветен период (член 71, став 3 од ЗРД и член 7 од Правилникот за заштита на малолетната публика);
- една мерка - писмена опомена на МРТ 2 – Втор телевизиски програмски сервис за необележување на промотивните најави за играната програма со визуелен знак што ја сигнализира категоријата на програмата што се најавува (член 71, став 3 од ЗРД и член 13, став 1 од Правилникот за заштита на малолетната публика) и
- една мерка – писмена опомена на МРТ 1 – Прв телевизиски програмски сервис поради рекламирање во периодот од 17.00 до 21.00 часот (член 91 став 3 од ЗРД).

### 3.2.4 Прекршочни постапки против радиодифузери[4]

Советот за радиодифузија на Република Македонија во текот на 2013 година, одлучи да поведе 41 (четириесет и една) прекршочна постапка против радиодифузерите во Република Македонија.

Сите прекршочни постапки беа поднесени за прекршувања сторени во време на Локалните избори во 2013 година во Република Македонија, односно поради повреда на Изборниот законик (Пречистен текст) („Службен весник на Република Македонија“ бр. 54/11) и Законот за изменување и дополнување на Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 142/12, 31/13, 34/13), како и Правилникот за рамноправен пристап во медиумското претставување во време на изборната кампања бр. 01-1597/1 од 21.04.2011 година („Службен весник на Република Македонија“, бр. 60/11).

Советот за радиодифузија на Република Македонија во текот на 2013 година, за повреди на Законот за радиодифузната дејност, против радиодифузерите нема поведено прекршочна постапка пред надлежен суд.

[4] Преглед на поднесени барања за поведување на прекршочни постапки против радиодифузерите е даден во Прилог бр. 5.

### Постапки за порамнување

Советот за радиодифузија, врз основа на член 178-а од Изборниот законик, а во согласност со одредбите од Законот за прекршоците, пред поднесувањето на барање за поведување прекршочна постапка пред надлежниот суд, обврзан е да спроведе постапка за порамнување.

Од 41-та спроведена постапка за порамнување, 22 (дваесет и две) постапки за порамнување завршија успешно, а 19 (деветнаесет) постапки за порамнување не завршија успешно.

Ефектот од 22-те постапки за порамнување кои завршија успешно, се состои во тоа што радиодифузерите, врз основа на издадениот Платен налог од страна на Советот за радиодифузија, во рок од 8 дена од денот на приемот на платниот налог, на сметката на Буџетот на Република Македонија платија глоби во износ од 750 евра во денарска противвредност за правното лице и 150 евра во денарска противвредност за физичкото лице.

Податоците за успешно спроведените постапки за порамнување наведени се во Преглед, кој се доставува како Прилог 4.

### Поднесени барања за поведување на прекршочна постапка

Со оглед на фактот дека 19 (деветнаесет) постапки за порамнување не завршија успешно, Советот за радиодифузија до надлежните судови во Република Македонија, поднесе барања за поведување прекршочна постапка.

Во зависност од видот на сторената повреда во време на Локалните избори во 2013 година, од поднесените 19 (деветнаесет) барања за поведување на прекршочна постапка:

- 9 (девет) барања се однесуваа за повреда на член 75 став 3 од Изборниот законик, и член 22 став 1 од Правилникот (констатирано е емитување платено политичко рекламирање коешто е подолго од 15 минути на еден реален час и повеќе од 10 минути на еден реален час за еден учесник во изборната кампања, или само повеќе од 10 минути на еден реален час за еден учесник во изборната кампања),
- 3 (три) барања се однесуваат за повреда на член 75 став 3 од Изборниот законик, и член 27 од Правилникот (констатирано е емитување платено политичко рекламирање во посебните информативни програми),
- 1 (едно) барање се однесува за повреда на член 75 став 3 од Изборниот законик, и член 7 од Правилникот (констатирано е емитување реклами финансирани од буџет на општина) и
- 6 (шест) барања се однесуваат за повреда на член 75 став 5 од Изборниот законик и член 6 став 1 точка 3 од Правилникот за рамноправен пристап во медиумското претставување во време на изборна кампања (необезбедување рамноправен пристап во изборното медиумско претставување во време на изборната кампања на сите учесници во изборниот процес, во периодот од 4-ти март до 22-ри март 2013 година - прв круг, и во периодот од 27-ми март до 5-ти април 2013 година, во време на изборната кампања на Локалните избори во 2013 година - втор круг).

Од вкупно 19-те поднесени барања за поведување прекршочни постапки до надлежните судови во Република Македонија, заклучно со 31-ви декември 2013 година:

- 8 (осум) прекршочни постапки се завршени со донесена пресуда, со изречена прекршочна санкција односно донесена одлука на судот во прекршочната постапка, а
- 11 (единаесет) прекршочни постапки се во тек пред судовите.

Податоци за поднесените барања за поведување на прекршочна постапка, со

опис на прекршувањето и фаза на постапката, наведени се во Преглед, кој се доставува како Прилог 5.

# 4. НАДЗОР ВРЗ РАБОТЕЊЕТО НА ЈАВНИТЕ КОМУНИКАЦИСКИ МРЕЖИ

## 4.1 Регистрација на програмските пакети

На крајот на 2013 година во Република Македонија работеа 64 оператори на јавни комуникациски мрежи, од кои 59 кабелски оператори (не сметајќи ги тука нивните подружници), еден ИПТВ оператор, еден оператор на дигитални мултиплекси за дигитален терестријален пренос на телевизиски програмски сервиси (ДВБ–Т) и два оператори за индивидуален сателитски прием на телевизиски програмски сервиси од типот „Директно до дома", сите со регистрирани пакети програмски сервиси.

Советот за радиодифузија и во 2013 година продолжи со надзорот врз примената на член 109 од Законот за радиодифузната дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 100/05, 19/07, 103/08, 152/08, 145/10, 97/11, 13/12 и 72/13), во услови на функционирање на сите современи платформи за реемитување на радио и телевизиски програмски сервиси и други аудио и аудиовизуелни медиумски сервиси. Согласно Извештајот за развој на пазарот на електронски комуникации во вториот квартал на 2013 година, уделот на претплатници на кабелската телевизија изнесуваше 52,91 %, на ИПТВ – 25,71 % , на ДВБ - Т – 17,53 %, и на платена сателитска телевизија – 3,85 %.

На листата на домашни телевизиски програмски сервиси, регистрирани од Советот за радиодифузија на Република Македонија, заклучно со 31.12.2013 година, се наоѓаа сите телевизиски програмски сервиси на државно ниво (вклучувајќи ги МТВ 1, МТВ 2 и Собранискиот канал), сите телевизиски програмски сервиси на регионално ниво и сите телевизиски програмски сервиси на локално ниво. Бројот на странските телевизиски програмски сервиси варираше во текот на извештајната година, за на крајот на 2013 да бидат регистрирани вкупно 349 (различни) програмски сервиси. Соодносот меѓу домашните и странските сервиси во аналогните пакети најчесто се движеше меѓу 1 : 4 во аналогните пакети и 1 : 7 во дигиталните пакети.

Во редот на странските телевизиски програмски сервиси беа застапени познати паневропски и светски телевизиски канали, а солидна беше застапеноста на регионалните телевизиски канали за кои имаше и има континуиран интерес на мултиетнички и мултикултурно разнородната телевизиската публика во Република Македонија.

На листите на најгледани телевизиски програмски сервиси од страна на претплатниците, освен домашните, се наоѓаа и дел од регионалните и другите странски филмски, спортски, музички и останати тематски канали.

И во 2013 година реемитувањето на радио и телевизиски програмски сервиси од страна на операторите на јавни комуникациски мрежи, беше комбинирано со понуда и на други (најчесто телекомуникациски) услуги, согласно европскиот и светскиот тренд на конвергенција на радиодифузните и телекомуникациските технологии. Одделни оператори, со помош на дигиталната технологија, за публиката овозможија снимање и паузирање на програмските сервиси и можност за избор меѓу повеќе аудио и титл верзии.

Сè подостапниот Интернет им даде можност на гледачите да пристапуваат до „видео на барање" услугите на домашните телевизии од сите нивоа на емитување, што значеше можност за бесплатно гледање на одделни телевизиски емисии од домашна продукција извесен период по нивното радиодифузно емитување. На крајот на извештајната година за публиката станаа достапни и дел од аудиовизуелните материјали од архивата на Македонската радиотелевизија.

Во текот на 2013 година Советот за радиодифузија издаде вкупно 195 (сто деведесет и пет) потврди за регистрација на програмски пакети на кабелски и други оператори на јавни комуникациски мрежи, распоредени во аналогни и дигитални програмски пакети. Заради поефикасна заштита на авторските и сродните права на домашните и странските радиодифузери и правна сигурност на граѓаните во нивниот претплатнички однос со операторите на јавни комуникациски мрежи, на интернет страницата на Советот беа редовно објавувани содржините на пакетите со регистрирани програмски сервиси на сите оператори на јавни комуникациски мрежи во Република Македонија. Најголемиот дел од операторите на јавни комуникациски мрежи правилно ги применуваа законските и подзаконските прописи за регистрација на програмски пакети, со што се забрза и се олесни постапката за нивна регистрација.

### 4.2 Мониторинг на пакетите програмски сервиси

Советот за радиодифузија на Република Македонија, надзорот над спроведувањето на Законот за радиодифузна дејност, во делот за работењето на операторите на јавни комуникациски мрежи, го врши преку редовни, вонредни и контролни мониторинзи, сам или како учесник во активностите на Координативното тело за интелектуална сопственост, формирано со одлука на Владата на Република Македонија. Бидејќи Советот нема со закон дадени инспекциски овластувања во однос на работата на операторите на јавни комуникациски мрежи, надзорот над нивното работење Советот го спроведува преку мониторинг на програмските пакети на операторите на јавни комуникациски мрежи. Врз основа на резултатите до кои ќе дојде, а согласно член 109 од Законот за радиодифузната дејност, Советот издава налози за исклучување на нерегистрираните телевизиски програмски сервиси, по кои операторите мора да постапат веднаш. Во случај на непостапување по изречените налози, Советот поднесува барање за поведување на прекршочна постапка, со обврска претходно да спроведе постапка за порамнување со операторот и кај него одговорното лице. Советот, презема вакви активности и по записници за утврдување на факти, сочинети врз основа на член 74 од Законот за нотаријатот.

Советот има технички можности (преку директен приклучок и со соодветен сет топ бокс или рисивер) редовно да ги мониторира аналогните и дигиталните пакети на операторите на јавни комуникациски мрежи во Скопје, и тоа: ДИГИ ПЛУС МУЛТИМЕДИА ДООЕЛ – Скопје, Македонски телеком АД – Скопје, Тотал ТВ – Македонија – Скопје, МЕДИА ЕНД БРОУДБЕНД – БЛИЗУ ДООЕЛ – Скопје, и ТРД Роби – ДООЕЛ – Штип. Бројот на оператори на јавни комуникациски мрежи без регистрирани програмски сервиси се сведе на минимум, а заради неможноста за технички пристап до сигналот на сите оператори во Република Македонија, Советот и понатаму надзорот го спроведуваше со мониторинг на терен низ целата држава.

Во периодот од 01.01.2013 до 31.12.2013 година, Советот изврши 8 (осум) мониторинзи на програмските пакети на операторите на јавни комуникациски мрежи од внатрешноста на Република Македонија.

Врз основа на Законот за правна заштита на услугите кои се засноваат на условен пристап или опфаќаат условен пристап, кога постои основано сомнение за сторен прекршок предвиден во тој закон, и врз основа на Кривичниот законик, кога постои основано сомнение за сторено кривично дело „Повреда на правото на дистрибутерот на технички посебно заштитен сателитски сигнал", содржано во членот 157-а, при спроведувањето на мониторинзите од страна на претставниците на Министерството за внатрешни работи беше привремено одземена приемна опрема, а конечната одлука за одземање е работа на надлежниот прекршочен или кривичен суд.

При мониторинзите, а врз основа на спомenатите прописи, беа одземени 67 (шеесет и седум) ресивери и 3 (три) енкодери.

Со мониторинзите беше констатирано дека најголем дел од прекршувањата се однесуваат на непочитувањето на член 109, став 4 од Законот за радиодифузната дејност и дека тие најчесто се состојат во: реемитување на телевизиски програмски сервиси без склучени договори за реемитување; реемитување на телевизиски програмски сервиси со склучени договори, но без нивна регистрација во Советот за радиодифузија и реемитување на телевизиски програмски сервиси со користење на опрема наменета за индивидуален прием, а не за комерцијално користење.

При мониторинзите беа регистрирани случаи на пренесување на телевизиски програмски сервиси титлувани на српски, хрватски или бугарски јазик, како јазик различен од јазикот на кој оригинално се произведени, а не на македонски јазик, како што тоа го бара член 82, став 2 од Законот за радиодифузната дејност. Во таквите случаи, согласно законските овластувања, постапуваше надлежното Министерство за култура, чии претставници исто така учествуваат во активностите на Координативното тело за интелектуална сопственост.

Во 2013 година се реемитуваа вкупно 20 локализирани странски телевизиски програмски сервиси на македонски јазик (19 со титл и 1 со натсинхронизација)[5], а завиден беше бројот на преводи на албански јазик и јазиците на другите немнозински заедници во Република Македонија.

## 4.3 Изречени мерки

### 4.3.1 Налози за исклучување и затемнување на програмски сервиси[6]

Врз основа на член 109, став 4 од Законот за радиодифузната дејност, во 2013 година, до операторите на јавни комуникациски мрежи Советот упати 14 (четиринаесет) налози за исклучување на програмски сервиси. Најголемиот процент од овој вид налози се однесуваа на исклучување на телевизиски програмски сервиси реемитувани без склучени договори за реемитување и без нивна регистрација во Советот за радиодифузија, а беа наложени и исклучувања во случај на раскинување на договорите за реемитување.

До операторите на јавни комуникациски мрежи Советот, повеќепати достави налози за блокирање (затемнување) на делови од реемитувани телевизиски програмски сервиси, заради заштита на ексклузивни телевизиски спортски, филмски и други права на радиодифузери и други субјекти во Република Македонија:

- На барање на домашниот радиодифузер на државно ниво ТВ Канал 5 ДОО – Скопје, заради заштита на неговите ексклузивни права за емитување, до сите оператори на јавни комуникациски мрежи, беше доставен налог за затемнување (black out) на странскиот телевизиски програмски сервис ТВ ОБН од Босна и Хергецовина, во времето на емитувањето/реемитувањето на ТВ серијата „Изборот на Лара“ .

- На барање на Македонската радиотелевизија, до сите оператори на јавни комуникациски мрежи во Република Македонија, беше доставен налог за затемнување (black out) на сите странски телевизиски програмски сервиси во време на емитувањето/реемитувањето на следнава спортска и филмска програма: Формула 1 (авто трки) – за сезоните од 2012 до 2014 година; Куп на конфедерации (фудбал); Јадранска АБА Лига/Лигата на Јадранската кошаркарска асоцијација (кошарка) – за сезоните 2012/2013, 2013/2014 и 2014/2015 година (само за натпреварите на домашниот напреварувач МЗТ Скопје Аеродром); СЕХА лигата (ракомет) – за сезоната 2012/2013 година; Лигата на шампиони (фудбал) – за сезоните 2012/2013, 2013/2014 и 2014/2015;

[5] На македонски јазик, заклучно со крајот на 2013 година, се локализирани следниве странски телевизиски програмски сервиси Discovery channel, Investigation Discovery, National Geographic, Animal Planet, TLC, Fox Life, Fox Crime, Fox movie, Fox channel, AXN, E! Entertainment, MTV Adria, History channel, 24 Kitchen , Da Vinci Learning, Orlando Kids, HBO, HBO comedy, Cine Star и Cine Star Action&Thriller.

[6] Прегледот на сите налози за исклучување на програмски сервиси 2013 година е во Прилог 6

Лигата на Европа (фудбал) – за сезоните 2012/2013, 2013/2014 и 2014/2015; и Лига на шампиони (ракомет) – за сезоната 2012/2013; играната ТВ серија Озборувачка (Gossip Girl); Играната ТВ серија „Фринџ (Fringe)“; играната ТВ серија „ЦСИ Лас Вегас (CSI Las Vegas)“ и играната ТВ серија „ЦСИ Мајами (CSI Miami)“.

- На барање на домашниот радиодифузер на државно ниво ТВ Канал 5 ДОО – Скопје, заради заштита на неговите ексклузивни права за емитување, до сите оператори на јавни комуникациски мрежи, беше доставен налог за затемнување (black out) на странскиот телевизиски програмски сервис ТВ ОБН од Босна и Херцеговина, во времето на емитувањето/реемитувањето на турската ТВ серија „Сулејман Величенствениот“.

- На барање на ТРД ТВ Алсат М - Скопје, во однос на реемитувањето на странските телевизиски програмски сервиси ТВ 21 Косово (TV 21 Kosovo), ТВ Хајат (TV Hayat) и Визион Плус (Vizion plus), на кои се емитува исто така ТВ серијата „Карадај“ за кои, ТРД ТВ Алсат М – Скопје има ексклузивни права за територијата на Република Македонија, беше упатен налог за затемнување до сите кабелски оператори во Република Македонија.

### 4.3.2 Прекршочни и кривични постапки против операторите на јавна комуникациска мрежа

Советот за радиодифузија, согласно неговата надлежност утврдена во член 37, став 1, точка 13 од Законот за радиодифузната дејност, во 2013 година, нема поведено прекршочни или кривични постапки против операторите на јавна комуникациска мрежа.

Во текот на третото тримесечие од 2013 година до Советот е доставено решението на Основниот суд во Кичево Прк. бр. 44/2012 од 22.04.2913 година, со кое е запрено барањето за поведување на прекршочна постапка спрема кабелскиот опреатор Друштво за производство и услуги Б2-НЕТ ДООЕЛ Кичево и одговорното лице – управителот Биљана Меноска од Кичево, за прекршување на член 109 став 4 од Законот за радиодифузната дејност, согласно член 120 став 1 алинеја 3 и член 120 точка 2 од Законот за прекршоците.

Издаден е 1 (еден) платен налог против регионалниот радиодифузер ТВ ЕДО ДООЕЛ - село Љубин, Сарај, Скопје, и неговиот управител Енес Бабачиќ од село Љубин, Сарај, Скопје, за прекршување на член 77 став 1 од Законот за радиодифузната дејност, односно за продолжен прекршок согласно член 166 став 1 точка 20 и член 166 став 3 од Законот за радиодифузната дејност и член 27 од Законот за прекршоците.

Кривичното дело „Повреда на правото на дистрибутерот на технички посебно заштитениот сателитски сигнал“ од член 157-а од Кривичниот законик предвидува санкции за операторите на јавни електронски комуникациски мрежи и нивните одговорни лица за примање на технички посебно заштитен сигнал чија заштита е пробиена без одобрување на неговиот овластен дистрибутер или вршење натамошна дистрибуција на таквиот сигнал. За извршување на основното дело за одговорните лица е предвидена казна затвор од шест месеци до три години, а за операторот како правно лице парична казна. За потешкиот облик на делото, за кое се бара прибавување на значителна имотна корист или предизвикување значителна штета, е предвидена казна затвор од една до пет години.

Во времето од 2010 до август 2013 година, јавните обвинителства во Република Македонија постапувале по вкупно 43 кривични пријави. Советот за радиодифузија е подносител и соподносител на 7 кривични пријави, во 2 случаи подносител е правното лице Дигиплус мултимедиа, а во останатите 34 случаи Министерството за внатрешни работи. Седум кривични пријави од вкупно четириесет и трите биле отфрлени, а една отстапена на надлежност. Донесени се вкупно 17 осудителни пресуди за обвинети

физички и правни лица. Во седум предмети, санкциите за обвинетите физички лица се движат од 20 дневни глоби и 12.310 денари до 10 месеци затвор условно за две години, а за обвинетите правни лица од 100 000 до 150 000 денари ефективно, со исклучок на еден предмет каде санкцијата во висина од 100.000 денари е условена со рок на проверување од една година. Во еден предмет, каде е обвинето само физичко лице, нему му е изречена условна осуда, со утврдување казна затвор во траење од шест месеци со рок на проверување од една година.

Во еден предмет, обвинетите се огласени за виновни, но се ослободени од казна, со образложение дека до завршувањето на постапката ги отстраниле штетните последици од делото, со тоа што истовремено им е изречена мерка „одземање на предмети".

Во еден предмет, за виновни се огласени три физички лица, на кои им е утврдена казна затвор во траење од шест месеци, по што им е изречена условна осуда со рок на проверување од една година. Во истиот предмет, на обвинетото правно лице (кабелски оператор), за истото кривично дело, му е изречена парична казна од 100.000 денари, со тоа што нејзиното извршување е одложено под услов во рок од една година по правосилноста на пресудата да не стори ново кривично дело. И во овој предмет е наложено одземање на рисиверот, како опрема со која е извршено делото.

Во два предмета, на сторителите им била изречена условна осуда, а исто така во два предмета обвинетите се условно осудени, и тоа правното лице со парична казна од 100 000 денари, а физичкото од 12 300 денари, со рок на проверка од една година. Во една постапка првообвинетото и второобвинетото физичко лице се условно осудени, со казна затвор од една година, и рок на проверување од две години, спрема третообвинетото физичко лице обвинението е одбиено, а на четвртообвинетото правно лице му е изречена ефективна парична казна од 100 000 денари.

Во еден осудителен предмет, на обвинетото правно лице му е изречена парична казна од 100 00 денари, а на обвинетото физичко лице условна осуда. Во пет предмети постапка е запрена.

Во два предмета, од кои едниот е по жалба, е донесена ослободителна одлука. Четири постапки се завршени со одбивателна пресуда, а постапките по останатите пријави се во тек.

Казнената политика на надлежните судови покажува дека тие, во повеќето случаи, се определуваат за ублажување и условување на санкциите, како спрема обвинетите правни, така и спрема обвинетите физички лица и дека нема пресуда со која е изречена ефективна казна затвор. Заради остварување на целите на казнувањето, во драстични случаи (нелегално декодирање на голем број програмски сервиси, голема бројка на претплатници на кои тие сервиси им сторени достапни, потежок облик на делото) или кога се работи за негово повторување, ќе треба да се реагира со ефективни затворски и парични санкции. Освен тоа, при секој осудителен исход на постапката, треба да следува изрекување на мерката „одземање на предмети".

### 4.4 Други преземени активности

Во текот на 2013 година беа доставени 3 (три) известувања до Координативното тело[7] за интелектуална сопственост со предлог за преземање активности. На ова тело редовно му беа доставувани и потврдите за регистрирани пакети со програмски сервиси на операторите на јавни комуникациски мрежи. Воедно, Советот доставуваше потврди за регистрирани пакети со програмски сервиси и до Министерството за култура.

[7] Прегледот на сите Предлози до Координативното тело во 2013 година е во Прилог 7

Со стапувањето во сила на Законот за измените и дополнувањата на Законот за радиодифузната дејност, објавен во „Службен весник на РМ“ бр. 72 од 17.05.2013 година, операторите на јавни комуникациски мрежи добија правна обврска за емитување на телевизиски програмски сервиси на телевизиите на државно, регионално и локално ниво врз основа на склучени договори за емитување, со почитување на принципите на објективност, транспарентност и недискриминација, а јавните комункациски мрежи добија третман на јавни електронски комуникациски мрежи кои не користат ограничен ресурс. Советот посредуваше во надминувањето на одредени проблеми сврзани со склучувањето и исполнувањето на договорите за емитување, а во случај на непостигнување на договор, за решавање на спорот меѓу радиодифузерот и операторот беше овластена Агенцијата за електронски комуникации.

Претставници на Советот за радиодифузија, одржаа предавања за заштитата на авторското право и сродните права при вршење на дејноста на кабелска ретрансмисија за слушателите на Акедемијата за судии и јавни обвинители во Скопје. Во првата половина на ноември беа одржани и две работилници за теоретските и практичните прашања поврзани со постапување по член 157, 157-а и 157-б од Кривичниот законик, при инспекциската контрола врз почитувањето на авторските и сродните права за реемитување од страна на кабелските и други оператори на јавни комуникациски мрежи. Овие работилници беа организирани во соработка со Координативното тело за интелектуална сопственост и беа наменети за инспекторите по економски криминал од Министерството за внатрешни работи на Република Македонија.

Советот за радиодифузија, врз основа на Меморандумот за меѓусебна соработка, во текот на 2013 година, имаше пристап до дополнителниот модул на „Системот за електронски регистар на јавни телекомуникациски мрежи“ на Агенцијата за електронски комуникации, што овозможува надзор на операторите на јавни комуникациски мрежи во поглед на реемитуваните програмски сервиси и програмски пакети во кое било време и од кое било место.

### 4.5 Дигитализација на кабелска радиодифузија

Во 2013 година во Република Македонија повеќето од операторите на јавни комуникациски мрежи кои нудат електронски услуги од областа на реемитување на телевизиски и радио програми, нудеа покрај аналоген и дигитален пакет.

Во поглед на мрежна инфраструктура беше застапен трендот на зголемено користење на хибридната технологија (оптичко-бакарна), додека од аспект на нудење на содржини, бројот на телевизиските програмски сервиси во висока дефиниција беше во подем.

За прием на дигиталните содржини, операторите на јавни комуникациски мрежи обезбедуваа картички за условен прием (CAM – Conditional Access Module) за телевизиските приемници од поновата генерација или сет-топ-боксови за приемници од постарата генерација.

### 4.6 ИПТВ (IPTV)

Во 2013 година, единствен оператор на јавна комуникациска мрежа која користеше IP платформа за дистрибуција на содржините кои се ремитуваат до крајните корисници, беше Македонски Телеком АД – Скопје со услугата IPTV - MAX TV. Во поглед на понудата, Македонски Телеком АД – Скопје нудеше пакети кои се активираат по потребите на крајните корисници. Во нивната понуда имаше неколку HD канали. Нивната политика е давање на користење на set-top box–овите, кои се дел од

нивната трипл плеј понуда. Преносот на сигналот покрај класичниот АДСЛ се врши и преку оптички кабел до зграда (FTTB).

## 5. СТРАТЕГИЈА ЗА РАЗВОЈ НА РАДИОДИФУЗНАТА ДЕЈНОСТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА ПЕРИОДОТ 2013–2017 ГОДИНА

Од аспект на имплементација на Стратегијата за развој на радиодифузната дејност 2013-2017, дигитализацијата на терестријалната телевизија ја обележи 2013 година. Првата половина на 2013 година беше период на симулкаст и трговските радиодифузни друштва емитувањето на своите телевизиски програмски сервиси освен преку своја мрежа, можеа да го вршат и преку дигиталниот мултиплекс на ЈП Македонска радиодифузија.

За олеснување на процесот на премин кон дигиталната радиодифузија, претставниците на Советот за радиодифузија учествуваа на бројни дебати. Беше изработена видео анимација за дигитализацијата, која беше емитувана од сите радиодифузери, а беше наменета за правилно информирање на пошироката јавност. Во дневниот печат беа објавувани пригодни прилози и истовремено беа дистрибуирани флаери за дигитализацијата. На веб страницата на Советот, беа објавени општи информации за дигитализацијата, а беше креиран и посебен банер „Дигитализација. Што треба да знам?" со основни информации за дигитализацијата. Советот за радиодифузија одреди и посебен телефонски број за помош за граѓаните кои имаа прашања во врска со дигитализацијата. Беше спроведена двомесечна медиумска кампања на електонските медиуми на национално, регионално и локално ниво. Беа одржани бројни работни состаноци со радиодифузерите кои емитуваат телевизиски сервиси на сите нивоа на емитување, сè со цел преминот кон дигиталната радиодифузија да биде полесен. Претставници од Советот за радиодифузија учествуваа во околу 30 радио и телевизиски емисии кои беа посветени на прашањата за дигитализацијата. Тие одговараа на прашањата од областа и даваа конкретни упатства за користење на опремата.

Претставници на Советот за радиодифузија на Република Македонија, заедно со претставниците на Министерството за информатичко општество и администрација, Агенцијата за електронски комуникации, ЈП Македонска радиодифузија и трговските радиодифузни друштва, присуствуваа на состаноци и работилници чија главна тема беше дигитализацијата на радиодифузијата во РМ. На овие собири покрај темата дигитализација, се зборуваше и за еден важен процес – регионализација и развој на регионалните телевизии

Исклучувањето на аналогните терестријални предаватели се случи на 01.06.2013 година, со што Република Македонија влезе во групата на земји со дигитализарана радиодифузија.

# 6. АНАЛИЗИ

## 6.1 Анализа на пазарот на радиодифузната дејност за 2012 година[8]

За да се добијат сознанија за економското и финансиското работење на радиодифузерите во претходната година и да се детектираат трендовите во развојот на радиодифузната и огласувачката индустрија, Советот за радиодифузија изработи Анализа на пазарот на радиодифузната дејност за 2012 година. Оваа Анализа беше усвоена на 37-та седница на Советот одржана на 26.07.2013 година.

Во овој акт одделно се анализирани состојбите на пазарот на телевизиската индустрија и состојбите на пазарот на радиската индустрија во РМ (вкупните приходи, вкупните трошоци, резултатот од работењето и просечниот број на вработени во редовен работен однос). Во рамките на овие делови, од аспект на географското подрачје, одделно се анализирани податоците за работењето на субјектите кои вршат радиодифузна дејност на територијата на целата држава, на регионално и на локално ниво. Во делот кој се однесува на пазарот на огласување се претставени податоците за состојбите на пазарот на огласување во телевизиската индустрија, со акцент на најзначајните огласувачки индустрии и огласувачки компании во телевизискиот сектор, уделите на одделните телевизиски станици во вкупната гледаност, најгледаните програмски содржини во анализираната година и демографските карактеристика на публиката.

*Табела бр. 1 Клучни наоди за телевизиската индустрија во 2012 година*

| Во милиони денари | Удел во вкупната гледаност | Вкупни приходи | Приходи од реклами | Вкупни трошоци | Резултат од работењето | Просечен број на вработени во редовен работен однос |
|---|---|---|---|---|---|---|
| МТВ (МТВ1, МТВ2 и Собраниски канал) | 8.37 | 1069.08 | 54.29 | 923.92 | 118.35 | 597 |
| Сител | 28.98 | 587.16 | 586.61 | 449.42 | 137.74 | 130 |
| Канал 5 | 16.71 | 361.42 | 276.78 | 332.67 | 25.81 | 97 |
| Телма | 3.19 | 113.17 | 77.1 | 112.72 | 0.18 | 80 |
| Алсат М | 5.97 | 148.4 | 144.87 | 146.81 | 1.29 | 95 |
| Сателитски ТВ | | 184.99 | 181.2 | 222.34 | -37.76 | 241 |
| Регионални ТВ | 14.3 | 57.54 | 31.88 | 87.37 | -29.98 | 49 |
| Локални ТВ | | 145.7 | 125.29 | 126.41 | 18.98 | 212 |
| ВКУПНО | 77.52 | 2667.46 | 1478.02 | 2401.66 | 234.61 | 1501 |

Во анализираната година, најголем удел во вкупната гледаност имала ТВ Сител (28,98 %). Вкупните приходи што ги оствариле сите субјекти на телевизиската индустрија изнесувале 2.667,46 милиони денари. Вкупните приходи на Македонската телевизија претставувале 40 % од овој износ. Од продажба на времето за рекламирање, сите телевизиски станици заеднички оствариле 1.478,02 милиони денари.

[8] Анализата на пазарот на радиодифузната дејност за 2012 година е достапна на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на следниот линк http://www.avmu.mk/images/Analiza_za_radiodifuznata_dejnost.pdf

Телевизиските станици што емитуваат програма на државно ниво оствариле дури 89,37 %, регионалните телевизии само 2,16 %, а локалните 8,48 % од вкупните приходи од рекламирање на телевизиската индустрија. Во 2012 година, вкупните трошоци во телевизиската индустрија изнесувале 2.401,66 милиони денари. Најголем дел од овие средства биле трошоците на Македонската телевизија (923,92 милиони денари). Остварениот резултат од работењето на сите субјекти на телевизиската индустрија, вклучувајќи го и јавниот сервис, бил добивка во износ од 234.61 милиони денари. Просечниот број на вработени во редовен работен однос кај сите телевизии изнесувал 1.501 лице, од кои 597 во Македонската телевизија.

*Табела бр. 2 Клучни наоди за радиската индустрија во 2012 година*

| | Во милиони денари | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупни приходи | Приходи од реклами | Вкупни трошоци | Резултат од работењето | Просечен број на вработени во редовен работен однос |
| **Македонско радио** | 339.16 | 1.04 | 304.17 | 28.05 | 276 |
| **Антена 5** | 29.93 | 29.23 | 29.23 | 0.12 | 14 |
| **Канал 77** | 24.09 | 15.63 | 16.65 | 7.4 | 6 |
| **Метрополис** | 2.00 | 2.01 | 1.81 | 0.19 | 0 |
| **Регионални радиостаници** | 55.83 | 49.15 | 52.34 | 3.27 | 63 |
| **Локални радиостаници** | 34.95 | 31.85 | 32.88 | 2.06 | 86 |
| ВКУПНО | 485.96 | 128.91 | 437.08 | 41.09 | 445 |

Во 2012 година, во радиската индустрија биле остварени вкупни приходи во износ од 485,96 милиони денари. Дури 70 % од овој износ биле приходите на Македонско радио. Приходите од рекламирање што заеднички ги оствариле сите радиостаници изнесувале 128,91 милиони денари. Трите комерцијални радиостаници на државно ниво оствариле 36 % од овие средства, регионалните радиостаници 38 %, локалните 25 %, а Македонското радио само 1 %. Трошоците што ги направиле сите радиостаници, вклучувајќи го и јавниот сервис, изнесувале 437,08 милиони денари. Трошоците на Македонското радио претставувале 70 % од овој износ. Во сите сегменти од радиската индустрија бил остварен позитивен резултат од работењето. Во редовен работен однос биле вработени 445 лица, од кои 62 % во јавниот сектор, а 38 % во приватниот сектор.

### 6.2 Анализа на структурата на вработените во радиодифузната индустрија во 2012 година[9]

Анализата на структурата на вработените во радиодифузната индустрија во 2012 година беше усвоена на 41-та седница на Советот што се одржа на 30.08.2013 година. Анализата се состои од два дела, од кои првиот се однесува на бројот и струк-

[9] Анализата на структурата на вработените во радиодифузната индустрија ва 2012 година е достапна на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на следниот линк : http:// http://www.avmu.mk /images/Analiza_na_strukturata_na_vrabotenite_vo_2012_godina.pdf

турата на вработените во телевизиската индустрија, а вториот на бројот и структурата на вработените во радиската индустрија. Во рамките на овие два дела, засебно се претставени податоците за вработените во јавниот радиодифузен сервис, како и во комерцијалните радиодифузери што емитуваат програма на државно, регионално и локално ниво. Структурата на вработените е анализирана врз основа на четири критериуми: работно место, степен на образование, пол и статус (редовен работен однос и хонорарно ангажирани).

*Табела бр. 3 Структура на вработените во телевизиската индустрија во 2012 година*

| | | Состојба на 31.12.2012 година | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | образование | | | | | | Статус | | | |
| | | Вкупен број | | ВСС | | ССС | | друго | | редовен работен однос | | хонорарно ангажирани | |
| | кадар | ж | м | Ж | м | Ж | м | ж | м | Ж | м | ж | м |
| 1 | Новинари | 272 | 218 | 193 | 144 | 73 | 71 | 6 | 3 | 218 | 175 | 54 | 43 |
| 2 | Уредници | 68 | 67 | 57 | 46 | 11 | 21 | 0 | 0 | 64 | 61 | 4 | 6 |
| 3 | Управители/директори | 16 | 50 | 10 | 28 | 6 | 22 | 0 | 0 | 16 | 47 | 0 | 3 |
| 4 | Технички кадар (инженери и техничари) | 27 | 136 | 10 | 22 | 16 | 111 | 1 | 3 | 20 | 116 | 7 | 20 |
| 5 | Реализаторски кадар (режисери, сниматели, монтажери и др.) | 127 | 478 | 37 | 78 | 75 | 378 | 15 | 22 | 113 | 426 | 14 | 52 |
| 6 | Преостанат кадар | 178 | 127 | 58 | 34 | 102 | 75 | 18 | 18 | 157 | 118 | 21 | 9 |
| | ВКУПНО | 688 | 1076 | 365 | 352 | 283 | 678 | 40 | 46 | 588 | 943 | 100 | 133 |

Во 2012 година, бројот на вработени во телевизиската индустрија во целина изнесувал вкупно 1764 лица. Од нив, во редовен работен однос биле 1531 лице, а 233 лица биле хонорарно ангажирани. Во Македонската телевизија биле ангажирани 34 % од вкупниот број на вработени, а останатите 66 % работеле во приватниот сектор. Најголем број од вработените биле ангажирани како реализаторски кадар и како новинари. Во анализираната година, машките лица кои работеле во телевизиските станици биле значително побројни од женските лица (1076 мажи наспроти 688 жени). Најголем број од лицата од машки пол биле ангажирани како реализаторски кадар, поточно 44 % од мажите во телевизиската индустрија биле вработени како режисери, сниматели, монтажери и друг реализаторски кадар. Најголем дел од жените биле ангажирани како новинарки (40 %). Најголем број од вработените во сите субјекти во телевизиската индустрија биле машки лица со завршено средно образование (38 %), од кои дури 56 % биле ангажирани како режисери, сниматели, монтажери и друг реализаторски кадар. Меѓу лицата со високо образование најбројни биле жените кои работеле како новинари (27 %).

*Табела бр. 4 Структура на вработените во радиската индустрија во 2012 година*

| | | Состојба на 31.12.2012 година | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Образование | | | | | | Статус | | | |
| | | Вкупен број | | ВСС | | ССС | | Друго | | Редовен работен однос | | Хонорарно ангажирани | |
| | Кадар | ж | м | ж | м | Ж | м | ж | м | ж | м | ж | м |
| 1 | Новинари | 101 | 79 | 72 | 40 | 28 | 36 | 1 | 3 | 73 | 57 | 28 | 22 |
| 2 | Уредници | 33 | 36 | 26 | 27 | 5 | 8 | 2 | 1 | 29 | 33 | 4 | 3 |
| 3 | Управители/директори | 17 | 50 | 9 | 13 | 8 | 35 | 0 | 2 | 15 | 44 | 2 | 6 |
| 4 | Технички кадар (инженери и техничари) | 9 | 64 | 3 | 12 | 6 | 52 | 0 | 0 | 4 | 46 | 5 | 18 |
| 5 | Реализаторски кадар (режисери, сниматели, монтажери и др.) | 34 | 84 | 9 | 12 | 24 | 67 | 1 | 5 | 30 | 74 | 4 | 10 |
| 6 | Преостанат кадар | 46 | 22 | 12 | 6 | 28 | 9 | 6 | 7 | 39 | 18 | 7 | 4 |
| | ВКУПНО | 240 | 335 | 131 | 110 | 99 | 207 | 10 | 18 | 190 | 272 | 50 | 63 |

Вкупниот број на вработени во радиската индустрија изнесувал 575 лица, од кои 462 лица биле во редовен работен однос, а 113 хонорарно ангажирани. Од нив, 276 лица биле вработени во Македонско радио, а 299 во комерцијалните радиостаници. Најзастапени во структурата на вработените биле новинарскиот (31 %) и реализаторскиот кадар (20 %). Бројот на вработени кај останатите категории бил приближно еднаков (69 лица биле уредници, 67 управители, 73 лица го сочинувале техничкиот кадар и 68 лица преостанатиот кадар). Машките лица биле побројни за 16% отколку жените. Најголем дел од нив работеле како режисери, сниматели, монтажери и друг реализаторски кадар (25 %), а само еден процент помалку биле ангажирани како новинари (24 %). Жените доминирале само кај новинарите и во категоријата „преостанат кадар", каде биле двојно повеќе од мажите. Најголем дел од лицата ангажирани во радиоиндустријата биле со завршено средно образование (53 %).

### 6.2.1 Анализа на структурата на вработените во радиодифузната индустрија според етничката припадност[10]

Во Анализата на структурата на вработените во радиодифузната индустрија според етничка припадност, претставено е учеството на припадниците на различните националности во вкупниот број на вработени, како и работните места на кои тие се ангажирани., Советот ја усвои оваа анализа на 50-та седница одржана на 16.10.2013 година. Анализата се состои од три дела: во првиот дел се претставени податоците за јавниот радиодифузен сервис – Македонската радиотелевизија, во вториот дел податоците за комерцијалните телевизиски станици и во третиот дел податоците за комерцијалните радиостаници.

[10] Анализата на структурата на структурата на вработените во радиодифузната индустрија според етничката припадност е достапна на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на следниот линк: http:// http://www.avmu.mk /images/struktura_na_vraboteni_spored_etnicka_pripadnost_2.pdf

### Македонска радиотелевизија

Во 2012 година, вкупниот број на вработени во јавниот сервис изнесувал 869 лица, сите во редовен работен однос. Од нив, 649 биле Македонци, 132 Албанци, 36 Турци, седум Роми, девет Власи, 27 Срби, тројца Бошњаци, а шест биле од други националности.

**Структура на вработените во Македонската радиотелевизија според етничката припадност**




### Комерцијални телевизиски станици

Во комерцијалните телевизиски станици биле ангажирани вкупно 1455 лица, од кои 1156 биле од македонска националност, 190 од албанска, 40 од српска, по 21 од турска и ромска, осум од влашка, девет од бошњачка и 10 од други националности кои не се спомнати овде.

**Структура на вработените во комерцијалните телевизиски станици според етничката припадност**




### Комерцијални радиостаници

Во радиоиндустријата во целина биле вработени вкупно 371 лице, од кои 293 биле од македонска националност, 62 од албанска, шест од српска, по три од турска, ромска и други националности и едно од бошњачка националност.

**Структура на вработените во комерцијалните радиостаници според етничката припадност**




### 6.2.2 Полугодишни анализи на следењето на сопственичката структура на радиодифузерите и на нивните обврски во поглед на транспарентноста на сопственоста и изворите на финансирање

Во 2013 година, Советот за радиодифузија изработи и усвои две полугодишни анализи на следењето на сопственичката структура на радиодифузерите и на нивните обврски во поглед на транспарентноста на сопственоста и изворите на финансирање. Во нив беа опфатени сите активности што во анализираните шест месеци Советот ги презел во насока на следење на сопственоста на медиумите, промените во сопственичката структура на радиодифузерите, активностите во насока на следење и спречување недозволена медиумска концентрација и следењето на исполнувањето на обврската на радиодифузерите за објавување на податоците за сопственичката структура и изворите на финансирање.

Првата Анализа на следењето на сопственичката структура на радиодифузерите и на нивните обврски во поглед на транспарентноста на сопственоста и изворите на финансирање која се однесува на периодот од 1 јули 2012 година до 31 декември 2012 година[11], Советот ја усвои на 3-тата седница одржана на 17.01.2013 година, а втората, која се однесува на периодот од 01 јануари 2013 година до 30 јуни 2013 година[12], Советот ја усвои на 34-тата седница одржана на 10.07.2013 година.

### 6.3 Годишна анализа за надзорот врз обврските на операторите на јавни комуникациски мрежи[13]

Во рамките на исполнувањето на обврските од Националната програма за усвојување на правото на Европската Унија, во извештајната 2013 година беа изработени четири квартални анализи за надзорот врз обврските на операторите на јавни комуникациски мрежи: регистрирани пакети; изречени казни; најчести прекршувања и изречени мерки и други активности на Секторот за спречување на пиратерија и

[11] Анализа на следењето на сопственичката структура на радиодифузерите и на нивните обврски во поглед на транспарентноста на сопственоста во периодот од 01 јули до 31 декември 2012 година е достапна на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на следниот линк: http://www. http://www.avmu.mk /images/polugodisna-analiza-01-07-31-12-2012g_5.pdf

[12] Анализа на следењето на сопственичката структура на радиодифузерите и на нивните обврски во поглед на транспарентноста на сопственоста во периодот од 01 јануари до 30 јуни 2013 година е достапна на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на следниот линк: http://www. http://www.avmu.mk /images/Analiza_na_sledenjeto_na_sopstvenickata_struktura_01-06-2013.pdf

[13] Анализата е објавена на веб страницата на Советот за радиодифузија на РМ: http://www.srd.org.mk во делот "Публикации".

заштита на авторските и сродните права, со предлог-заклучоци за натамошни активности на Советот. Од анализите произлезе нужноста во новата законска регулатива за медиуми да се предвидат одредби со кои ќе се воведат законски обврски за пријавување на операторите во регистарот на оператори на јавни електронски комуникациски мрежи, регистрација на програмските пакети (без учество на Министерството за култура на Република Македонија) и плаќање на годишен надоместок за надзор. Освен тоа, Советот го поддржа и воведувањето на дополнителна обврска за операторите на јавни комуникацски мрежи својот излезен сигнал со иста содржина на онаа што им е достапна на нивните претплатници, континуирано да го испорачуваат до локацијата за прибирање на сигнали лоцирана во секое од подрачјата на регионално ниво заради негова понатамошна дистрибуција до системот за програмски надзор на Советот/Агенцијата во Скопје.

### 6.4 Анализа на сите спроведени мерки изречени од страна на Советот за радиодифузија на РМ кон радиодифузерите и најчести прекршувања во периодот од 1 јануари до 31 декември 2013 година

Во текот на 2013 година Советот за радиодифузија на Република Македонија подготви две Анализи за сите спроведени мерки и упатени укажувања од страна на Советот на РМ кон радиодифузерите и најчестите прекршувања од страна на радиодифузерите во периодот од 01.01.2013 до 30.06.2013 година и во периодот од 1.07.2013 до 31.12.2013 година.

Согласно со своите надлежности утврдени во член 37, став 1, точка 8 од Законот за радиодифузната дејност, Советот преземаше мерки против радиодифузерите што не ги извршуваат своите обврски утврдени со Закон, дозволата за вршење радиодифузна дејност и актите на Советот.

Мерките кои Советот им ги изрекува на радиодифузерите, се утврдени во член 38 од Законот за радиодифузната дејност. Согласно наведениот член, за констатираните прекршувања од страна на радиодифузерите, Советот за радиодифузија ги изрекува следните мерки: писмена опомена, писмена опомена со барање за објавување, времена забрана за рекламирање и телешопинг од еден до седум дена и времена забрана за емитување на програмскиот сервис за период од најмногу три месеци.

Во најголем број беа изречени писмени опомени (77), па потоа писмени опомени со барање за објавување (31). Помал беше бројот на изречени мерки времени забрани за рекламирање и телешопинг од еден ден (12). Мал беше и бројот на изречени времени забрани за рекламирање и телешопинг од три дена (4).

Во продолжение, на Сликата бр. 1 е даден графички приказ на структура на изречените мерки од страна на Советот во периодот од 1 јануари до 31 декември 2013 година.




*Слика бр. 1: Графички приказ на структурата на изречените мерки од страна на Советот во периодот од 1 јануари до 31 декември 2013 година*

Од спроведените анализи беше изведен заклучок дека во периодот од 1 јануари до 31 декември 2013 година најчести беа:

- повредите на член 20 од Законот за радиодифузната дејност – неисполнување на законската обврска на радиодифузерите да ги објават податоците што се однесуваат на нивното работење во претходната година во најмалку еден дневен весник и на сопствената програма, во ударни термини, најмалку три пати годишно. Во 31 (триесет и еден) случаи радиодифузерите не ја исполнија оваа своја законска обврска;

- повредите на член 71, став 3 од Законот за радиодифузната дејност, односно непочитувањето на Правилникот за заштита на малолетната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој (непридржувањето на радиодифузерите до пропишаниот начин на категоризација, облиците на акустично и визуелно предупредување, како и временските периоди во кои може да се емитуваат програмските содржини што можат да го загрозат физичкиот, психичкиот и моралниот развој на децата и младите). Советот констатираше 28 (дваесет и осум) повреди од ваков тип;

- покрај повредите на член 20 од Законот за радиодифузната дејност (издвоени како најчести прекршувања во првата алинеја на оваа точка), повреди беа извршени и на членови од глава VI од Законот за радиодифузната дејност, односно на одредби кои се однесуваат на програмските стандарди;

- радиодифузерите ги повредија и одредбите од Законот за радиодифузната дејност кои се однесуваат на рекламирањето, телешопингот и спонзорството, од глава VII од Законот (рекламирање во периодот од 17.00 до 21.00 часот, надминување на лимитите за рекламирање, емитување рекламни спотови во реален час кога е емитуван телешопинг прозорец, неозначување и неиздвојување на програмите од другите делови на програмата со акустични средства, прикриено рекламирање, непочитување на периодот од 20 минути меѓу два рекламни блока, емитување рекламни спотови во вести, нејасно идентификуван спонзор и поттикнување продажба, купување на производи и изнајмување на услуги од спонзорот во спонзорираната програма);

- во извештајниот период радиодифузерите прекршија одредби и од Правилникот за европски аудиовизуелни дела (неисполнување на обврската да емитуваат европски аудиовизуелни дела во законски пропишаниот процент од вкупно емитуваната програма во текот на годината и недоставување известување (најдоцна до 31 јануари, односно еден месец по завршувањето на календарската година) до Советот

за радиодифузија за тоа како е исполнета оваа законска обврска).

По однос на состојбата во спроведувањето на мерките, односно колку радиодифузерите ги извршија изречените мерки од страна на Советот, во периодот од 1 јануари до 31 декември 2013 година, анализираните податоци покажаа дека извршувањето на мерките од страна на радиодифузерите е подобрено во однос на минатата година и може да се оцени како задволително.

Процентуално, извршувањето на мерките писмени опомени со барање за објавување е 81 %, односно од вкупно 31 (триесет и една) изречена писмена опомена со барање за објавување, 25 (дваесет и пет) беа извршени од страна на радиодифузерите. Во продолжение, на Сликата бр. 2, е даден графички приказ на спроведувањето на изречените мерки од Советот во анализираниот период – писмени опомени со барање за објавување.




*Слика бр. 2: Графички приказ на спроведувањето на писмените опомени со барање за објавување*

Од вкупно 12 (дванаесет) изречени мерки времени забрани за рекламирање и телешопинг од еден ден, 9 (девет) радиодифузери ја извршија изречената мерка, односно не емитуваа реклами и телешопинг во времетраење од еден ден. Во продолжение, на Сликата бр. 3, е даден графички приказ на спроведувањето на изречената мерка од Советот – времените забрани за рекламирање и телешопинг од еден ден.




*Слика бр. 3: Графички приказ на спроведувањето на времената забрана за рекламирање и телешопинг од еден ден*

Од вкупно 4 (четири) времени забрани за рекламирање и телешопинг од два дена, ниту еден радиодифузер не ја изврши изречената мерка. Во продолжение, на Сликата бр. 4 е даден графички приказ на спроведувањето на изречените, од Советот во анализираниот период, мерки – времени забрани за рекламирање и телешопинг од два дена.




*Слика бр. 4: Графички приказ на спроведувањето на времената забрана за рекламирање и телешопинг од два дена*

Врз основа на утврдената фактичка состојба, може да се изведе заклучок дека, за разлика од мерките изречени во 2012 година, мерките на Советот во извештајната година постигнале поголем ефект кај радиодифузерите, односно дека тие во голем број ги почитуваат мерките изречени од страна на Советот.

## 6.5 Анализи на резултатите од спроведените постапки за порамнување и поведените прекршочни постапки заради утврдување на ефективноста на изречените прекршочни санкции на поведените прекршочни постапки против радиодифузерите

Во текот на 2013 година, Советот за радиодифузија на Република Македонија спроведе две анализи на иницираните прекршочни постапки, и тоа:

- Правна анализа на резултатите од спроведените постапки за порамнување и поведените прекршочни постапки против радиодифузерите (за периодот од 1-ви јануари до 30-ти јуни 2013 година) и
- Анализа на судските прекршочни постапки заради утврдување на ефективноста на изречените прекршочни санкции на поведените прекршочни постапки против радиодифузерите, (од 1-ви јули, заклучно со 31-ви декември 2013 година).

Советот за радиодифузија на Република Македонија, има овластувања пред надлежните судови да поднесува барања за поведување прекршочни постапки против радиодифузерите за:

- прекршоци предвидени во Законот за радиодифузната дејност, во случаи кога сторените повреди се од таков карактер или се сторени под такви околности од кои јасно произлегува дека целта на казнувањето нема да се постигне со изрекување на една од мерките кои се предвидени во член 38 од Законот за радиодифузната дејност, и
- прекршоци предвидени во Изборниот законик, сторени од страна на радиодифузерите во време на избори.

Советот, во текот на 2013 година, нема поведено прекршочни постапки против радиодифузерите за прекршувања на Законот за радиодифузната дејност, поради што предмет на анализа беа констатираните прекршувања на Изборниот законик (Пречистен текст) („Службен весник на Република Македонија" бр. 54/11) и Законот за

изменување и дополнување на Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 142/12, 31/13, 34/13), како и Правилникот за рамноправен пристап во медиумското претставување во време на изборната кампања бр. 01-1597/1 од 21.04.2011 година („Службен весник на Република Македонија", бр. 60/11), во време на Локалните избори во 2013 година во Република Македонија.

Врз основа на член 178-а од Изборниот законик, а во согласност со одредбите од Законот за прекршоците, за да се обезбеди поголема ефикасност на судовите, постојниот Закон за прекршоците, пропишува задолжително спроведување на постапка за порамнување. Со постапката за порамнување се очекува да се постигне согласност на сторителот на прекршокот и надлежниот орган за сторувањето на прекршокот и се избегнува водење на прекршочна постапка. Во постапката за порамнување, која ќе заврши со издавање на платен налог, не се плаќаат трошоци на постапката, а ако сторителот не ја плати глобата во рок од 8 дена од приемот на платен налог, се смета дека постапката за порамнување не успеала, и се поднесува барање за поведување на прекршочна постапка до надлежниот суд.

Во време на Локалните избори во 2013 година, Советот одлучи да се спроведат вкупно 41 (четириесет и една) постапка за порамнување пред поднесување на барање за поведување прекршочна постапка пред надлежниот суд, од кои 22 (дваесет и две) постапки за порамнување завршија успешно, а 19 (деветнаесет) постапки за порамнување не завршија успешно.

Со оглед на фактот дека повеќе од една половина од спроведените постапки за порамнување завршиле успешно, може да се оцени дека порамнувањето како постапка која претходи на поведувањето прекршочна постапка пред надлежниот суд, ја постигнала својата цел и го оправдала своето постоење, а со тоа се придонесува и да се намали бројот на предметите пред судовите што може да влијае врз зголемувањето на ефикасноста на судовите.




*Слика бр. 5. Графички приказ на исходот на постапките за порамнување, во време на Локалните избори во 2013 година*

Од вкупно 19-те поднесени барања за поведување прекршочни постапки до надлежните судови во Република Македонија, заклучно со 31-ви декември 2013 година, 8 (осум) прекршочни постапки се завршени (со донесена пресуда, со изречена прекршочна санкција односно донесена одлука на судот во прекршочната постапка), а 11 (единаесет) прекршочни постапки се во тек.




*Слика бр. 6 Графички приказ на фазата од судските прекршочни постапки пред судовите, заклучно со 31-ви декември 2013 година, за прекршоците на радиодифузерите сторени во време на Локалните избори во 2013 година*

Од 11-те прекршочни постапки, кои се во тек пред судовите: 1 (една) е во постапка по поднесена жалба на првостепена пресуда, 1 (една) од повисокиот суд е вратена пред првостепениот суд на повторно одлучување, а 9 (девет) прекршочни постапки се во тек.

Од аспект на казните кои се изречени во завршените 8 (осум) прекршочни постапки, произлегуваат следните констатации:

- во 2 (две) прекршочни постапки, изречени се парични казни и тоа една прекршочна постапка е завршена со изречена глоба за правното лице – радиодифузерот во износ од 1500 евра и за одговорниот уредник во износ од 500 евра и една прекршочна постапка е завршена со изречена глоба за правното лице – радиодифузерот во износ од 1000 евра и за одговорниот уредник во износ од 200 евра;
- во 3 (три) прекршочни постапки, изречени се парични казни - глоба за правното лице – радиодифузерот во износ од 1.000 евра и за одговорниот уредник - прекршочна санкција;
- во 1 (една) прекршочна постапка изречена е глоба за правното лице – радиодифузерот во износ од 1500 евра, а за одговорниот уредник одбиено е барањето за поведување на прекршочна постапка бидејќи обвинетиот ја платил глобата во износ од 300 евра, во постапка за порамнување спроведена од страна на судот, и
- 2 (две) прекршочни постапки се завршени со изрекување прекршочна санкција – опомена за правното лице - радиодифузерот и за одговорниот уредник.




*Слика бр. 7 Графички приказ на изречените казни од страна на надлежните судови за поведените и завршени прекршочни постапки од страна на Советот во 2013 година за повреди во врска со изборите*

Со Измените и дополнувањето на Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 142/2012), скратен е рокот за постапување на сите субјекти кои се инволвирани во прекршочните постапки, на начин што надлежниот суд е должен по поднесеното барање за поведување прекршочна постапка да одлучи во рок од три дена од денот на приемот на барањето, против одлуката на надлежниот суд може да се изјави жалба во рок од 48 часа од денот на приемот на одлуката, а второстепениот суд е должен по жалбата да одлучи во рок од 48 часа од денот на приемот на жалбата. Постојната пракса покажа дека не постојат објективни услови за доследно почитување на наведените рокови за постапување.

Во однос на видот на казните кои се изрекуваат во спроведените прекршочни постапки пред надлежните судови, досегашното искуство покажува дека преовладува тенденцијата за изрекување глоби кои гравитираат кон законски пропишаниот минимум со примена на олеснителните околности предвидени во Законот за прекршоците. Меѓутоа, по стапувањето во сила на Законот за изменување и дополнување на Законот за прекршоците („Службен весник на Република Македонија" бр. 51/2011), според кој кога прекршокот е сторен под особено олеснувачки околности, а со закон е пропишана минимум глоба, глобата може да се ублажи за една третина од минимум пропишана глоба, се очекува постепено да се напушти досега востановената пракса за изрекување глоби кои гравитираат кон законски пропишаниот минимум.

# 7 СОПСТВЕНИЧКА СТРУКТУРА НА ТРГОВСКИТЕ РАДИОДИФУЗНИ ДРУШТВА[14]

## 7.1 Следење на сопственичката структура на радиодифузерите

За да констатира дали кај некои од радиодифузерите се извршени промени во сопственичката структура спротивно на одредбите од Законот за радиодифузната дејност, Советот за радиодифузија во континуитет ја следи сопственоста на радиодифузерите. Преку споредба на податоците за сопствениците на радиодифузерите со кои располага Советот со податоците од тековните состојби издадени од Централниот

[14] Деталните податоци за сопственичката структура на трговските радиодифузни друштва се дадени во прилог на крајот на овој Извештај „Сопственичка структура на трговските радиодифузни друштва" (Прилог бр. 8).

регистар на Република Македонија, се проверува дали во изминатиот период е извршена промена на сопственичката структура кај некои радиодифузери без претходно добиено одобрение од Советот за радиодифузија.

Во извештајниот период само еден радиодифузер, Трговското радиодифузно друштво Телевизија КОБРА ДОО Радовиш, изврши промена на сопственичката структура за која претходно не е побарано одобрение од Советот. Промената на сопственичката структура на оваа телевизија беше извршена во висина од 100 % од основната главнина. По смртта на сопственикот Бранко Литајковски, а врз основа на Решение по спроведена оставинска постапка, за наследници на имотот на ова лице судот ги прогласил неговата законита сопруга Ленче Литајковска и неговиот законит син Игор Литајковски, при што двајцата станале сопственици на по една идеална половина од имотот. Советот констатираше дека нема законски пречки овие две физички лица да се јават како основачи на радиодифузерот, а за прекршувањето на членот 17 став 2 од Законот на Трговското радиодифузно друштво Телевизија КОБРА ДОО Радовиш му изрече мерка – писмена опомена.

### 7.2 Промени на сопственичката структура на радиодифузерите

Во текот на 2013 година, вкупно 16 радиодифузери (6 радија и 10 телевизии) до Советот доставија уредно и комплетно барање за издавање одобрение за промена на сопственичката структура.

Во јануари 2013 година, локалната телевизиска станица ТРД Телевизија Кочани–ЛД ДООЕЛ од Кочани, до Советот за радиодифузија достави барање за согласност за промена на сопственичка структура. Беше побарана согласност за истапување на правното лице Визија–ЛД ДООЕЛ од Кочани и пристапување на физичкото лице Лазо Димитров, исто така од Кочани. Со оглед на тоа што немаше формално-правни пречки, Советот издаде одобрение за промена на сопственичката структура.

Локалната радиостаница ТРД РАДИО КАВАДАРЦИ од Кавадарци до Советот за радиодифузија достави допис со кој го извести дека еден од основачите на овој радиодифузер, Фондот на пензиско и инвалидско осигурување на Македонија, го продал уделот што го поседуваше во основачкиот капитал на оваа радиостаница во висина од 15 % од основната главнина на радиодифузерот. Според податоците од Изводот на сметката издаден од Централниот депозитар за хартии од вредност, по извршената продажба, сопственик на овој удел е физичкото лице Трајанка Митрова. Во април 2013 година, овој радиодифузер до Советот достави уредно и комплетно барање за согласност за промена на сопственичка структура. Откако констатираше дека нема законски пречки физичкото лице Трајанка Митрова да се јави како основач на радиодифузер, Советот издаде одобрение за промена на сопственичката структура.

Во мај 2013 година, локалната телевизиска станица ТРД МЕНАДА–ТЕТОВО ДОО од Тетово побара одобрение за промена на сопственичката структура. Планирано беше истапување на физичките лица Тошо Маркоски и Дарко Ристоски, двајцата од Тетово, и пристапување на правното лице Друштво за услуги ДМТ ПРОДАКШН ДООЕЛ од Скопје, чиј единствен основач е физичкото лице Драган Митковски од Скопје. По обработката на доставеното барање, а со оглед на тоа дека не постоеја законски пречки за реализација на планираната промена, Советот ја одобри промената.

Во истиот период, барање за одобрение за промена на сопственичката структура поднесе и локалната телевизија ТРД Зоран Стефановски НЕЗАВИСНА ТВ Охрид ДООЕЛ од Охрид, со кое беше планирано истапување на единствениот основач на радиодифузерот, физичкото лице Зоран Стефановски од Охрид, и пристапување на правното лице Друштво за услуги ДМТ ПРОДАКШН ДООЕЛ од Скопје, во сопственост на физичкото лице Драган Митковски од Скопје. Советот издаде одобре-

ние за промена на сопственичката структура на ТРД Зоран Стефановски НЕЗАВИСНА ТВ Охрид ДООЕЛ од Охрид.

Во мај 2013 година, одобрение за промена на сопственичката структура од Советот побара и ТРД ТВ ВТВ Тони ДОО Валандово. Планирано беше целосно истапување на тогашните основачи – физичките лица Димче Балески од Валандово и Тони Донев од с. Пирава, Валандово. Како единствен основач на овој радиодифузер планирано беше да се јави правното лице Друштво за услуги ЕМПЕРИЈАН ВИЗИОН ДООЕЛ од Скопје, основано од физичкото лице Емил Парнаџиски од Скопје. Откако констатираше дека со планираната промена не се прекршуваат одредбите од Законот за радиодифузната дејност, Советот донесе одлука за одобрување на промената. Правното лице Друштво за услуги ЕМПЕРИЈАН ВИЗИОН ДООЕЛ од Скопје стана единствен основач и на локалната телевизија ТРД КАНАЛ ТРИ ДОО од Дебар, откако Советот ја одобри планираната промена за која овој радиодифузер поднесе барање во мај 2013 година. Претходни основачи на овој радиодифузер беа физичките лица Јасер Елезовски и Лиман Елезовски, двајцата од с. Мал Папрадник, Центар Жупа.

Во мај 2013 година, беше поднесено и барање за промена на сопственичката структура на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА Д1 ДООЕЛ Делчево, локална телевизија која има дозвола да емитува програма на подрачјето на Делчево. Планирано беше истапување на единствениот основач на овој субјект – физичкото лице Слободан Дамјанов од Делчево и пристапување на правното лице Друштво за услуги ГМ ТРЕЈД СОЛУШНС ДООЕЛ од Скопје, чиј единствен основач е физичкото лице Горан Митев од Скопје. Со оглед на тоа дека планираните промени беа во согласност со законските одредби, Советот ја одобри оваа промена.

Согласно член 17 од Законот, во мај 2013 година, барање за одобрение за промена на сопственичката структура поднесе и ТРД ТВ БОЕМ од Кичево. Според податоците наведени во барањето, планирано беше од сопственоста на радиодифузерот да истапи единствениот основач, физичкото лице Слободан Меноски од Кичево, а нов основач да биде правното лице Друштво за услуги ГМ ТРЕЈД СОЛУШНС ДООЕЛ од Скопје, во сопственост на физичкото лице Горан Митев од Скопје. По обработката на доставеното барање, а со оглед на тоа дека не постоеја законски пречки, Советот ја одобри планираната промена.

Во мај 2013 година, барање за издавање одобрение за промена на сопственичката структура до Советот за радиодифузија достави и локалната радиостаница ТРД РАДИО МЕРАК 5 ФМ Љупчо и Владимир ДОО од Велес. Планираната промена на сопственичката структура се однесуваше на отстапување на уделот на физичкото лице Владимир Тевчев од Велес (во висина од 50 % од основната главнина на радиодифузерот) на физичкото лице Димче Саздов од Велес. Промената на сопственичката структура беше одобрена откако Советот констатираше дека не постојат пречки, согласно Законот за радиодифузната дејност, ова лице да се јави како основач на радиодифузер.

Во јуни 2013 година, до Советот беше поднесено барање за одобрение за промена на сопственичката структура на локалната радиостаница ТРД КИКИ Илија ДООЕЛ од Струга. Промената се однесуваше на целосно истапување на единствениот основач на радиото – физичкото лице Илија Тотовски од Струга и пристапување на физичкото лице Мугни Арифи од с. Ливада, Струга. Информацијата во врска со ова барање Советот ја разгледуваше на 32-та седница одржана на 01 јули 2013 година и донесе Одлука за одобрување на промената.

ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА ТИКВЕШИЈА ДООЕЛ Кавадарци побара одобрение за истапување на правното лице Друштво за консалтинг и посредување НВСП ДООЕЛ Скопје и пристапување на физичкото лице Саше Стојановски од Скопје. Со оглед на тоа дека со планираната промена на сопственичката структура не се прекршуваа одредбите од Законот за радиодифузната дејност, Советот донесе одлука со која издаде одобрение за промената.

Во септември 2013 година, беше извршена промена на сопственичката структура на правното лице Друштво за трговија, услуги, маркетинг и информации ГБЦ КОМУНИКАЦИИ ДООЕЛ Штип, кое е единствен основач на Трговското радиодифузно друштво Радио Канал 77 ДООЕЛ од Штип. Овој радиодифузер во август 2013 година до Советот достави уредно и комплетно барање за одобрение за промена на сопственичката структура. Откако Советот констатираше дека со планираната промена не се прекршуваат одредбите од Законот за радуиодифузна дејност, на 39-тата седница одржана на 20.08.2013 година, донесе Одлука бр. 02-340 од 27.08.2013 година, со која ја одобри оваа промена. При проверка на податоците, Советот констатираше дека радиодифузерот не ја извршил промената на начин на кој беше побарана во Советот, туку извршил промена во сопственичката структура на правното лице кое е основач на радиодифузерот. Единствен основач на ТРД Радио КАНАЛ 77 ДООЕЛ Штип и понатаму е Друштвото за трговија, услуги, маркетинг и информации ГБЦ КОМУНИКАЦИИ ДООЕЛ Штип, но наместо физичкото лице Сашо Јованов кое истапило од сопственоста на ова правно лице, негов нов сопственик е физичкото лице Виктор Гаврилов. Советот констатираше дека не постојат законски пречки физичкото лице Виктор Гаврилов да се јави биде сопственик на радиодифузер. За промена на сопственичката структура кај правните лица кои се основачи на радиодифузери не е потребна согласност од страна на Советот за радиодифузија, па оттука, со оваа промена не се направени прекршувања на Законот за радиодифузната дејност.

Согласно член 17 од Законот за радиодифузната дејност, во август 2013 година ТРД РАДИО АКТУЕЛ Битола ДООЕЛ до Советот за радиодифузија достави Барање за издавање одобрение за промена на сопственичката структура. Планирано беше истапување на физичкото лице Владимир Николоски од Битола, и пристапување на физичкото лице Лазар Николоски исто така од Битола. Советот издаде одобрение за оваа промена, но на 18.11.2013 година радиодифузерот го извести Советот дека планираната промена нема да се реализира, односно дека физичкото лице Владимир Николоски од Битола и понатаму ќе биде сопственик на ТРД РАДИО АКТУЕЛ Битола ДООЕЛ.

ТРД АЛСАТ М ДОО Скопје во октомври 2013 година побара согласност за промена на сопственичката структура, со која беше планирано учеството на правното лице ИНТЕРНАТИОНАЛ ЕНЕРГЅ ЕНГИНЕЕРИНГ & ПЕТРОЛЕУМ ЦОНСУЛТИНГ (ИЕЕПЦ) ЛЛЦ/INTERNATIONAL ENERGY ENGINEERING & PETROLEUM CONSULTING (IEEPC) LLC со седиште во САД, во висина од 46,36 % од основната главнина на радиодифузерот и учеството на физичкото лице Мира Мекси од Тирана, Р. Албанија во висина од 8,21 % да го преземе правното лице Друштво за производство, инженеринг, консалтинг, трговија и услуги ВЕВЕ ГРОУП ДООЕЛ кое дотогаш поседуваше 45,29 % од основната главнина на радиодифузерот. Со оглед на тоа дека не постоеја законски пречки, Советот издаде одобрение за планираната промена.

Во ноември 2013 година, барање за одобрение за промена на сопственичката структура поднесе регионалната радиостаница ТРД СПОРТСКО РАДИО КАНАЛ 4 ДООЕЛ Скопје. Планирано беше целосно истапување на единствениот основач на радиодифузерот – физичкото лице Борче Лукановски од Скопје и пристапување на правното лице Друштво за контрола и услуги БИЛД КОНТРОЛ ДООЕЛ од Скопје чиј единствен основач е физичкото лице Соња Филиповска од Скопје. Откако констатираше дека планираната промена на сопственичката структура не е во спротивност со одредбите од Законот за радиодифузната дејност, Советот со Одлука ја одобри промената.

ТРД Телевизија СИТЕЛ 3 ДООЕЛ од Скопје во декември 2013 година, до Советот за радиодифузија достави уредно и комплетно барање за издавање одобрение за промена на сопственичката структура. Единствен основач на оваа сателитска телевизија беше правното лице Друштво за производство и трговија и услуги ЛУКО ТРЕЈД ДОО од Скопје, чии основачи се физичкото лице Горан Мишевски од Скопје и физич-

кото лице Зоран Додевски, исто така од Скопје. Беше побарана согласност за иступување на правното лице Друштво за производство и трговија и услуги ЛУКО ТРЕЈД ДОО од Скопје и за пристапување на физичкото лице Зоран Додевски од Скопје, како единствен основач на радиодифузерот. Откако констатираше дека нема законски пречки да се реализира оваа промена, Советот издаде одобрение за промена на сопственичката структура на ТРД Телевизија СИТЕЛ 3 ДООЕЛ од Скопје.

### 7.3 Недозволена медиумска концентрација

Во текот на 2013 година Советот констатираше постоење недозволена медиумска концентрација кај 5 радиодифузери (една сателитска телевизија, една радиостаница што емитува програма на државно ниво, една локална телевизија и две локални радиостаници).

Управителот на Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ПЛУС ДООЕЛ Скопје, физичкото лице Јани Бојаџи се јавуваше како основач на Друштвото за продукција, трговија и услуги ОРИОН ПРОДАКШН ДОО увоз-извоз Скопје, чија приоритетната дејност/главна приходна шифра е 59.11 – дејности на производство на филмови, видеофилмови и телевизиска програма[15].

Советот констатираше дека приоритетната дејност/главна приходна шифра на Друштвото за трговија, услуги, маркетинг и информации ГБЦ КОМУНИКАЦИИ ДООЕЛ од Штип, кое е единствен основач на Трговското радиодифузно друштво Радио Канал 77 ДООЕЛ Штип радиодифузерот е 73.12 – Огласување преку медиуми[16].

Физичкото лице Љупчо Несторов од Велес, кој поседуваше 50 % од основачкиот капитал на ТРД РАДИО МЕРАК 5 ФМ Љупчо и Владимир ДОО Велес, истовремено се јавуваше и како основач на Друштво за производство, трговија и услуги РАДИО ПЕТ ФМ ДОО Велес, чија приоритетна дејност/главна приходна шифра е 59.20 – Снимање на звучни записи и издавање на музички записи[17], што е спротивно на член 13 став 3 алинеја 4 од Законот за радиодифузната дејност.

Основачот и управителот на Трговското радиодифузно друштво РТВ ОРБИС Битола ДООЕЛ физичкото лице Томислав Новаковиќ се јавуваше како основач и на Друштво за продукција, производство, трговија, услуги ВИДЕО МОЗАИК увоз-извоз од с. Трново Битола ДООЕЛ, чија приоритетната дејност/главна приходна шифра е 59.11 – дејности на производство на филмови, видеофилмови и телевизиска програма[18]. Еден од основачите на Трговско радиодифузно друштво МУЗИЧКО

[15] Согласно член 13, став 3, алинеја 4 и 5 од Законот за радиодифузната дејност „недозволена медиумска концентрација, во смисла на овој закон, се смета дека постои и кога како основачи на радиодифузери се јавуваат физички или правни лица кои се истовремено: ...основачи на ... друштво за филмска продукција... и поврзани лица во смисла на одредбите од овој закон". Во член 18 став 1 од Законот јасно е наведено дека „Поврзани лица, во смисла на овој закон, се лицата кои се меѓусебно поврзани преку управување, капитал или на друг начин и кога тие поради таквата поврзаност заеднички ја креираат деловната политика, односно дејствуваат на координиран начин заради остварување заеднички цели, или кога едно лице има можност да насочува или значајно да влијае врз друго лице при одлучувањето за деловното работење или за програмскиот концепт на радиодифузерот..." Во истиот член во став 2 алинеја 4 е наведено дека како поврзани лица се сметаат „имателите на удели во сопственоста, односно на други права врз чија основа учествуваат во управувањето на радиодифузерот..."

[16] Во Националната класификација на дејности донесена со Одлука на Владата на РМ Бр. 19-5509/1 на 18 ноември 2008 година, а која се применува од 01.01.2009 година, класата 73.12 – Огласување преку медиуми е во групата 73.1 – Маркетинг (реклама и пропаганда). Во член 13 став 3 алинеја 4 од Законот за радиодифузната дејност, јасно е наведено дека „недозволена медиумска концентрација, во смисла на овој закон, се смета дека постои и кога како основачи на радиодифузери се јавуваат физички и правни лица кои се истовремено: ... – основачи на друштво за реклама и пропаганда...„.

[17] Во Националната класификација на дејности донесена со Одлука на Владата на РМ Бр. 19-5509/1 на 18 ноември 2008 година, а која се применува од 01.01.2009 година, класата 59.20 – Снимање на звучни записи и издавање на музички записи е во одделот 59 – Филмска дејност, продукција на видео и телевизиска програма и дејности на снимање на звучни записи и музичко издаваштво.Во член 13 став 3 алинеја 4 од Законот за радиодифузната дејност, јасно е наведено дека „недозволена медиумска концентрација, во смисла на овој закон, се смета дека постои и кога како основачи на радиодифузери се јавуваат физички и правни лица кои се истовремено: ... – основачи на друштво за филмска продукција...„.

[18] Согласно член 13, став 3, алинеја 4 и 5 од Законот за радиодифузната дејност „недозволена медиумска концентрација, во смисла на овој закон, се смета дека постои и кога како основачи на радиодифузери се јавуваат

РАДИО КМР Љубиша и Бобан ДОО Куманово, физичкото лице Љубиша Јовановски, кој поседуваше 50 % од основната главнина на радиодифузерот, истовремено се јавуваше и како основач на Друштвото за производство, услуги и издавачка дејност ЛЕНИВЕНДИНГ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје. Приоритетната дејност/главната приходна шифра на ова трговско друштво е 59.20 – Снимање на звучни записи и издавање на музички записи[19].

Согласно член 15 став 2 од Законот за радиодифузната дејност, Советот за радиодифузија им наложи на овие пет трговски радиодифузни друштва во рок не подолг од три месеца од денот на утврдувањето на постоење недозволена медиумска концентрација, да го усогласат своето работење со одредбите од Законот за радиодифузната дејност.

Во текот на 2013 година, прекршувањата ги отстранија Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ПЛУС ДООЕЛ Скопје, Трговското радиодифузно друштво Радио Канал 77 ДООЕЛ Штип, Трговското радиодифузно друштво РАДИО МЕРАК 5 ФМ Љупчо и Владимир ДОО Велес, и Трговското радиодифузно друштво РТВ ОРБИС Битола ДООЕЛ. Рокот за отстранување на недозволената медиумска концентрација кај Трговското радиодифузно друштво МУЗИЧКО РАДИО КМР Љубиша и Бобан ДОО Куманово истекува во февруари 2014 година.

## 7.4 Транспарентност на сопственичката структура и на изворите на финансирање на радиодифузерите

Согласно членот 20 став 1 и 2 од Законот за радиодифузната дејност, радиодифузерите се должни да ги објават податоците што се однесуваат на нивното работење во претходната година најмалку еднаш годишно, а најдоцна до 31 март во еден дневен весник, и три пати годишно на сопствената програма. За да се обезбеди транспарентност на сопственоста и на изворите на финансирање на медиумите, Советот за радиодифузија го следи исполнувањето на оваа обврска од страна на радиодифузерите. На оние радиодифузери кои не ја исполнија оваа обврска, Советот им упати укажувања или им изрече мерки, и тоа: 2 укажувања, 11 писмени опомени, 8 писмени опомени со барање за објавување, 3 мерки – времена забрана за рекламирање и телешопинг во траење од 1 (еден) дена и 2 мерки – времена забрана за рекламирање и телешопинг во траење од 2 (дена) дена.

## 7.5 Почитување на член 11 од Законот за радиодифузната дејност

Советот за радиодифузија на Република Македонија, по завршувањето на Локалните избори во Република Македонија во 2013 година, усвои Информација во врска со потребата од усогласување на радиодифузерите со одредбата од член 11, а во врска со член 18 од Законот за радиодифузната дејност. По спроведените Локални избори во Република Македонија во 2013 година, во единиците на локалната само-

физички или правни лица кои се истовремено: ...основачи на ...друштво за филмска продукција... и поврзани лица во смисла на одредбите од овој закон"

[19] Во Националната класификација на дејности донесена со Одлука на Владата на РМ Бр. 19-5509/1 на 18 ноември 2008 година, а која се применува од 01.01.2009 година, класата 59.20 – Снимање на звучни записи и издавање на музички записи е во одделот 59 – Филмска дејност, продукција на видео и телевизиска програма и дејности на снимање на звучни записи и музичко издаваштво. Во член 13 став 3 алинеја 4 од Законот за радиодифузната дејност, јасно е наведено дека „недозволена медиумска концентрација, во смисла на овој закон, се смета дека постои и кога како основачи на радиодифузери се јавуваат физички и правни лица кои се истовремено: ... – основачи на друштво за филмска продукција...„.

управа беа избрани нови градоначалници и беа конституирани нови Совети на општините во Република Македонија, поради што постои можност за настапување на евентуална неусогласеност на работењето на радиодифузерите во смисла на член 11, а во врска со член 18 од Законот за радиодифузната дејност. Од наведените причини до сите радиодифузери беше доставен допис со кој беа потсетени на обврската своето работење да го усогласат со наведените одредби од Законот за радиодифузната дејност, со напомена дека доколку не постапат по наведеното задолжување, а се констатира дека во нивното работење постои отстапување од наведените членови од Законот, Советот ќе иницира постапка за одземање на дозволата за вршење на радиодифузна дејност.

## 8. РАДИО И ТЕЛЕВИЗИСКИ ПРОГРАМИ ОД ЈАВЕН ИНТЕРЕС

Советот за радиодифузија на РМ, во втората половина од 2013 година, постапувајќи по Конечниот ревизорски извештај – Обр. ИЗПМ од Државниот завод за ревизија, во однос на проектите од јавен интерес финансирани од средствата на радиодифузната такса (од шестиот и седмиот оглас) презеде активности за финализирање на проектите од страна на субјектите кои беа обврзани да ги изготват односно активности за задолжување на корисниците за враќање на средствата со камата.

Советот поднесе опомена пред тужба кон оние 8 (осум) субјекти кои ги немаа реализирано проектите (Друштво за маркетинг и продукција „ИН ВАГО" ДООЕЛ Скопје, со проектот „Грло и Коска"; Друштво за филмска продукција, уметност и издаваштво „ШОРТКАТ" ДООЕЛ експорт–импорт Скопје со проектот „Кажи не! – на оружјето"; Друштво за производство, трговија и услуги „ВИДЕО СТУДИО ПЕТКОВСКИ" ДООЕЛ увоз – извоз Скопје, со проектот „Разиграни бројки 2"; Радиодифузно друштво „СКАЈ НЕТ – Манчев" ДОО Скопје со проект „Најдоброто од Македонија"; Друштво за филмска продукција и маркетинг „ФАБРИКА – ПРОДУКЦИЈА" ДОО Скопје, со проект „Орхан"; Трговско радиодифузно друштво „ТВ СВЕТ" ДОО Свети Николе со проект „Уа Чавар"; Трговско радиодифузно друштво „Радио 106", Битола ДООЕЛ со проект „Доленци низ вековите" и Друштво за продукција и дистрибуција на филмови и маркетинг „ПРОДУКЦИЈА М" ДОО Скопје со проектот „Самоков – еколошка долина"), заради раскинување на договорот поради негово неисполнување и поврат на аконтативно исплатените парични средства, во определен рок, со камата согласно Законот за облигационите односи.

Од вкупно 8 (осум) корисници на средства, само 1 (еден) корисник - Трговско радиодифузно друштво „Радио 106", Битола ДООЕЛ со проект „Доленци низ вековите", постапи по испратената опомена пред тужба, односно ги врати аконтативно исплатените парични средства, со камата согласно Законот за облигациони односи. Против останатите 7 (седум) корисници на средства, Советот поднесе тужби пред надлежниот суд за раскинување на договорите по сила на закон и враќање на аконтативно исплатените парични средства. Од поведените судски постапки, 4 (четири) тужбени барања на Советот се завршени како неуспешни, 2 (две) тужбени барање се во тек и 1 (едно) тужбено барање е завршено во корист на Советот за радиодифузија.

Апелациониот суд Скопје донесе пресуди со кои ги потврди пресудите на Основниот суд II од Скопје, дека тужбеното барање на Советот се одбива како неосновано за следните телевизиски проекти за кои беше потпишан договор за финансирање: „Орхан" во продукција на Друштвото за филмска продукција и маркетинг Фабрика продукција ДОО Скопје, „Уа, Чавар" во продукција на Трговското радиодифузно друштво ТВ Свет ДОО од Свети Николе, „Кажи НЕ! на оружјето" во продукција на Друштвото за филмска продукција, уметност и издаваштво Шорткат ДООЕЛ

експорт-импорт Скопје и „Разиграни бројки 2" во продукција на Друштвото за производство, трговија и услуги Видео Студио Петковски ДООЕЛ увоз-извоз Скопје.

Со оглед на тоа дека по ваквата одлука на судот, договорите за реализација на овие проекти останаа во сила, Советот презеде активности во насока на нивна целосна реализација, односно формираше комисија која ќе ги разгледува проектите, во соработка со Националната установа Кинотека на Македонија обезбеди услови за нивно прегледување и определи краен рок за реализација да биде 30.04.2014 година.

# 9. ДРУГИ АКТИВНОСТИ НА СОВЕТОТ

## 9.1 Наплата на радиодифузната такса

Наплатата на радиодифузната такса се врши на збирната сметка на ЈП Македонска радиотелевизија. Наплатените средства од радиодифузната такса, согласно со член 149 од Законот за радиодифузната дејност („Службен весник на РМ" бр. 100/05...72/13) се распределуваат за финансирање на ЈП Македонска радиотелевизија, ЈП Македонска радиодифузија и Советот за радиодифузија на РМ.

Од наплатените средства, 4 % се уплаќаат на сметката на Советот за радиодифузија и се наменети за регулирање и развој на радиодифузната дејност во Република Македонија.

Согласно член 147 став 1 од Законот за радиодифузната дејност, работите во врска со водењето на Регистарот на обрзници за плаќање на радиодифузната такса како и ажурирањето на податоците е обврска на ЈП Македонска радио-телевизија.

Радиодифузната такса е јавна давачка. Управата за јавни приходи од 1 јануари 2011 година ја презеде надлежноста за утврдување, пресметување и наплата на радиодифузната такса. Работите во врска со утврдувањето, пресметувањето и наплатата се вршат согласно одредбите од Законот за даночна постапка.

Наплатените средства по основ на радиодифузна такса во 2013 година се повисоки во однос на изминатиот период, согласно преземените активности за наплата на радиодифузната такса, како и наплатата на ненаплатените побарувања. За субјектите кои се финансираат од радиодифузната такса, како и за развојот на радиодифузната дејност, особено е значајно процентот на наплата на таксата да се зголемува.

Во периодот од 1 јануари 2013 година заклучно со 31 декември 2013 година на сметката на Советот се уплатени средства во износ од 25.550.376,00 денари. Споредебно со уплатените средства во 2012 година кои изнесуваа 18.544.539,00 денари, наплатениот износ е за 37,7 % повисок.

## 9.2 Ослободување од плаќање радиодифузна такса

Во текот на 2013 година, Советот за радиодифузија на Република Македонија, врз основа на член 146 став 2 од Законот за радиодифузната дејност („Службен весник на Република Македонија", бр. 100/05, 19/07, 103/08, 6/10, 145/10, 97/11 13/12 и 72/13) постапувајќи по дописите добиени од Јавното претпријатие „Македонска радиодифузија" – Скопје, а по претходно извршени мерења од нивна страна, до Владата на Република Македонија, достави 6 (шест) предлог-одлуки за ослободување од плаќање радиодифузна такса и 1 (една) предлог-одлука за изменување на одлуката за ослободување од плаќање радиодифузна такса, врз основа на кои беа донесени 6 (шест) одлуки за ослободување од плаќање радиодифузна такса и 1 (една) одлука за изменување на одлуката за ослободување од плаќање радиодифузна такса.

Во донесените одлуки, во 5 (пет) е предвидено дека ослободувањето од плаќање радиодифузна такса е со времетраење до обезбедување на покриеност со радиодифузен сигнал на обврзниците од наведените населени места, а во една одлука е утврдено дека ослободувањето од плаќање радиодифузна такса е со времетраење до 31.05.2013 година.

Владата на Република Македонија на предлог на Советот за радиодифузија на Република Македонија, донесе:

- Одлука за ослободување од плаќање радиодифузна такса бр. 41-1301/1 од 12-ти март 2013 година, донесена на седницата одржана на 12.03.2013 година, со која се ослободува од плаќање радиодифузна такса семејното домаќинство на обврзникот Трајкова Зорка, со адреса на живеење на ул. Вера Цири Вири бр. 210, во населено место викано Потокот, од Велес, кое не е покриено со радиодифузен сигнал, односно нема прием на програмите Јавното радиодифузно претпријатие „Македонска радиотелевизија".

- Одлука за ослободување од плаќање радиодифузна такса бр. 41-2932/1 од 14-ти мај 2013 година, донесена на седницата одржана на 14.05.2013 година, со која се ослободуваат од плаќање радиодифузна такса вкупно 21 (дваесет и едно) семејно домаќинство на обврзниците, кои не се покриени си радиодифузен сигнал, односно немаат прием на програмите на Јавното радиодифузно претпријатие „Македонска радиотелевизија", од Урбана заедница Мирка Гинова, населба Превалец, општина Велес, со адреса на живеење на ул. Јордан Јорданов, со следните куќни броеви: 1, 1а, 2, 4, 6, 8, 10, 12, 14, 3, 5, 5а, 16, 18, 7, 7а, 9, 22, 11, 11а и 20.

- Одлука за изменување на одлуката за ослободување од плаќање радиодифузна такса бр. 41-5232/1 од 14-ти август 2013 година, донесена на седницата одржана на 14.08.2013 година, со која престанува ослободувањето од плаќање радиодифузна такса за обврзниците во населените места: с. Слоештица, општина Демир Хисар, с. Жван, општина Демир Хисар и с. Сопотница, општина Демир Хисар, поради обезбедување на покриеност со радиодифузен сигнал, односно обезбедување на прием на програмите на Јавното радиодифузно претпријатие „Македонска радиотелевизија".

- Одлука за ослободување од плаќање радиодифузна такса бр. 41-7467/1 од 16-ти октомври 2013 година, донесена на седницата одржана на 16.10.2013 година, со која се ослободуваат од плаќање радиодифузна такса обврзниците кои не се покриени со радиодифузен сигнал, односно немаат прием на програмите на Јавното радиодифузно претпријатие „Македонска радиотелевизија" и тоа: с. Орел, општина Свети Николе, со вкупно 26 (дваесет и шест) домаќинства, ул. Вера Цири Вири, Велес, со вкупно 56 (педесет и шест) домаќинства, и тоа: 21 (дваесет и едно) домаќинство со куќни парни броеви почнувајќи од бр. 180 до бр. 222 (бр. 180, бр. 182, бр. 184, бр. 186, бр. 188, бр. 190, бр. 192, бр. 194, бр. 196, бр. 198, бр. 200, бр. 202, бр. 204, бр. 206, бр. 208, бр. 210, бр. 212, бр. 214, бр. 216, бр. 218, бр. 220, бр. 222) и 35 (триесет и пет) домаќинствата со куќни непарни броеви почнувајќи од бр. 117 до бр. 185 (бр. 117, бр. 119, бр. 121, бр. 123, бр. 125, бр. 127, бр. 129, бр. 131, бр. 133, бр. 135, бр. 137, бр. 139, бр. 141, бр. 143, бр. 145, бр. 147, бр. 149, бр. 151, бр. 153, бр. 155, бр. 157, бр. 159, бр. 161, бр. 163, бр. 165, бр. 167, бр. 169, бр. 171, бр. 173, бр. 175, бр. 177, бр. 179, бр. 181, бр. 183, бр. 185) и с. Саса, општина Македонска Каменица, со вкупно 58 (педесет и осум) домаќинства, во месностите: Саса 1, Саса 2, маало Мршалевци, маало Ризанци и маало Грујовци.

- Одлука за ослободување од плаќање радиодифузна такса бр. 41-9471/1 од 24-ти декември 2013 година, донесена на седницата одржана на 24.12.2013 година, со која се ослободуваат од плаќање радиодифузна такса обврзниците кои не се покриени со радиодифузен сигнал, односно немаат прием на програмите на Јавното радиодифузно претпријатие „Македонска радиотелевизија" и тоа: с. Кочилари, општина Градско, со вкупно 30 (триесет) домаќинства.

- Одлука за ослободување од плаќање радиодифузна такса бр. 41-9472/1 од 24-ти декември 2013 година, на седницата одржана на 24.12.2013 година, со која се ослободуваат од плаќање радиодифузна такса обврзниците кои не се покриени со радиодифузен сигнал, односно немаат прием на програмите на Јавното радиодифузно претпријатие „Македонска радиотелевизија" и тоа: Друштво за производство, трговија и услуги „ФРУТИПРОМ" ДООЕЛ с. Црешка, Штип, ул. „Населено место без уличен систем", с. Црешка, Штип и Друштво за вработување на инвалидни лица за производство, промет и услуги „ПУРАВИН" ДООЕЛ увоз–извоз с. Црешка, Штип, ул. „Населено место без уличен систем", с. Црешка, Штип.

- Одлука за ослободување од плаќање радиодифузна такса бр. 41-9473/1 од 24-ти декември 2013 година, донесена на седницата одржана на 24.12.2013 година, со која се ослободуваат од плаќање радиодифузна такса обврзниците кои не се покриени со радиодифузен сигнал, односно немаат прием на програмите на Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радиотелевизија и тоа: с. Бесвица, општина Демир Хисар, со вкупно 12 (дванаесет) домаќинства.

## 9.3 Наплата на надоместокот за дозволи за вршење радиодифузна дејност

Дозволата за вршење радиодифузна дејност е овластување со кое имателот стекнува право да емитува и да пренесува радио или телевизиски програмски сервис наменет за прием од страна на јавноста. Таа се издава независно од техничките услови за пренос. Дозволата за вршење на радиодифузна дејност се издава на период од девет години и не може да се пренесува на друго лице.

Трговските радиодифузни друштва и непрофитните радиодифузни установи за дозволата плаќаат годишен надоместок на сметката на Советот за радиодифузија на РМ за секоја тековна година, почнувајќи од датумот на нејзиното доделување.

Годишниот надоместок се определува врз основа на формулата од член 60 од Законот за радиодифузната дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 100/05,19/07,103/08...72/13).

Советот за радиодифузија на Република Македонија во мај 2012 година усвои Правилник за процедурите на финансиското и сметководствено работење на Советот за радиодифузија со кои беше уредено и пресметувањето, фактурирањето и наплатата на годишниот надоместок за дозволата за вршење радиодифузна дејност.

Правилникот придонесе за уредност во плаќањето на пресметаниот надоместок за дозволата во текот на 2013 година и го зголеми процентот на наплата на овој надоместок.

До сите трговски радиодифузни друштва и непрофитни радиодифузни установи, согласно датумот на доделување на дозволата беа доставени пресметки за плаќање на надоместокот за вршење радиодифузна дејност за периодот 2013-2014 година.

Од 01.06.2013-та година, со исклучување на аналогните терестеријални предаватели за емитување на телевизиски сигнал, Република Македонија влезе во земјите со дигитализирана радиодифузија. Кон емитувањето на ТВ програмски сервис преку дигитален терестеријален мултиплекс преминаа вкупно триесет и едно трговско радиодифузно друштво и тоа пет на национално ниво и дваесет и шест за пренос на ТВ сигнал на регионално ниво. Дваесет и три трговски радиодифузни друштва преминаа кон емитување на ТВ сигнал преку јавна електронска комуникациска мрежа, и тоа две друштва на регионално ниво и дваесет и едно друштво на локално ниво.

Пресметаниот надоместок за дозволата за вршење радиодифузна дејност на наведените субјекти е согласно измените на Законот за измени и дополнувања на

законот за радиодифузна дејност („Службен весник на Република Македонија", бр. 72/13).

Во текот на 2013 година, пресметаниот надоместок за дозволата кој се однесува за периодот 2013–2014 година, во целост го платија следните радиодифузни друштва:

- 10 трговски радиодифузни друштва кои емитуваат програма на национално ниво (пет друштва кои емитуваат програма преку дигитален терестеријален мултиплекс и пет друштва кои емитуваат програма преку сателит);
- 4 трговски радиодифузни друштва кои емитуваат радио програма на национално ниво;
- 26 трговски радиодифузни друштва кои емитуваат ТВ програма на регионално ниво преку дигитален терестеријален мултиплекс;
- 2 трговски радиодифузни друштва кои емитуваат ТВ програма на регионално ниво преку јавна електронска комуникациска мрежа;
- 27 трговски радиодифузни друштва кои емитуваат ТВ програма на локално ниво преку јавна електронска комуникациска мрежа;
- 17 друштва кои емитуваат радио програма на регионално ниво (16 трговски радиодифузни друштва и една непрофитна радиодифузна установа и
- 56 друштва кои емитуваат радио програма на локално ниво (54 трговски радиодифузни друштва и две непрофитни радиодифузни установи.

Во текот на 2013-та година по основ на пресметани надоместоци за дозвола за вршење на радиодифузна дејност се наплатени вкупни средства со вклучен ДДВ во износ од 45.469.391,00 денари.

## 10. ПОСТАПУВАЊЕ ПО ПРЕТСТАВКИ

Советот за радиодифузија на Република Македонија, како орган кој е должен да постапува по одредбите од Законот за постапување по претставките и предлозите („Службен весник на Република Македонија", бр. 82/08, 13/13), и во текот на 2013 година, продолжи да ги евидентира примените претставки согласно Правилникот за содржината, начинот и формата на водење евиденција на податоците што се однесуваат на постапувањето по претставките и предлозите како и содржината на извештаите („Службен весник на Република Македонија", бр. 2/09), во Уписник за предметите по претставки и предлози (Образец УПП), и да постапува по нив во согласност со наведениот Закон.

Во Уписникот за предметите по претставки и предлози на Советот, за 2013 година, на пропишаниот Образец УПП („Службен весник на Република Македонија" бр. 2/09), заклучно со 31.12.2013 година, евидентирани се вкупно 219 претставки односно предлози и по нив е постапено во законски утврдениот рок.

Согласно член 19 став 2 од Законот за постапување по претставките и предлозите, и член 6 и член 8 од Правилникот за содржината, начинот и формата на водење евиденција на податоците што се однесуваат на постапувањето по претставките и предлозите како и содржината на извештаите, Советот за радиодифузија на Република Македонија е обврзан до Министерство за информатичко општество и администрација – Државен управен инспекторат, на секои шест месеци, да достави Извештај за податоците што се однесуваат на постапувањето по претставките и предлозите, на пропишаниот Образец ИПП („Службен весник на Република Македонија" бр. 2/09). Врз основа на тоа, Советот во текот на 2013 година, достави два извештаја до Министерство за информатичко општество и администрација – Државен управен инспекторат, и тоа:

- Извештај за податоците што се однесуваат на постапувањето по претставките и предлозите, за периодот од 1 јануари 2013 година до 30 јуни 2013 година (со придружен допис бр. 01-3189/1 од 16.07.2013 година), и

- Извештај за податоците што се однесуваат на постапувањето по претставките и предлозите, за периодот од 1 јули 2013 година до 31 декември 2013 година (со придружен допис бр. 03-392/1 од 15.01.2014 година).

## 11. ИЗВЕШТАЈ ЗА ВОДЕЊЕТО НА УПРАВНАТА СТАТИСТИКА

Советот за радиодифузија и во тековната 2013 година, продолжи со имплементацијата на одредбите од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија", бр. 38/05, 110/08 и 51/2011)

Постапувајќи согласно Правилникот за содржината, начинот и формата на водење на извештаите од управната статистика („Службен весник на Република Македонија", бр. 02/09), во текот на 2012 година се евидентирани вкупно 510 предмети од управна постапка кои се заведени во соодветен уписник (УП 1). Согласно член 7 од Законот за општата управна постапка и член 8 и член 10 од Правилникот за содржината, начинот и формата на водење на извештаите од управната статистика, Советот за радиодифузија, во законски рок, изготви и до Министерството за информатичко општество и администрација достави Извештај бр. 01-3384/1 од 31.07.2012 година и Извештај бр. 03-610/1 од 31.01.2013 година.

## 12. СОРАБОТКА СО ДРУГИ ТЕЛА, ИНСТИТУЦИИ И ОРГАНИЗАЦИИ

### 12.1 Соработка со Координативното тело за интелектуална сопственост

Во 2013 година продолжи соработката со Координативното тело за интелектуална сопственост, формирано од Владата на Република Македонија. Ова резултираше со зголемена правна дисциплина на операторите на јавни електронски комуникациски мрежи, како од аспект на почитувањето на авторските и сродните права, така и од аспект на почитувањето на техничките, даночните и другите прописи чие спроведување го контролира ова тело. При мониторинзите, извршени во рамките на Координативното тело за интелектуална сопственост, во случаи на основано сомнение за сторен прекршок од Законот за правна заштита на услугите кои се засноваат на условен пристап или опфаќаат условен пристап или сторено кривично дело „Повреда на правото на дистрибутерот на технички посебно заштитен сателитски сигнал", содржано во членот 157-а од Кривичниот законик, од страна на работниците од Министерството за внатрешни работи, беа одземени 67 (шеесет и седум) рисивери и 3 (три) енкодери. Овие активности на Координативното тело добија забележителен публицитет во јавноста. Советот и Коодинативното тело учествуваа и во обуката на инспекторите од Министерството за внатрешни работи и судиите и јавните обвинители на теми за прекршочната и кривичната заштита на авторските и сродните права во областа на радиодифузијата.

### 12.2 Соработка со Министерството за информатичко општество и администрација

Соработката на Советот за радиодифузија со Министерството за информатичко општество и администрација, се одвиваше во насока на размена на податоци и информации потребни за имплементирање на ISO 9001:2008 стандардот во држав-

ните и јавните институции во Република Македонија. При тоа, Советот го извести Министерството дека воведувањето на ISO 9001:2008 стандардот ќе се обезбеди преку финансиски средства од проектот „Зајакнување на административните капацитети на регулаторните тела од областа на телекомуникации и медиуми за ефикасно регулирање на новите дигитални и повеќенаменски сервиси" (EuropeAid/129857/SER/MK) финансиран од IPA TAIB 2009, кој ќе ги опфати активностите за подготовка за сертификација и ќе започне да се реализира на почетокот на 2014 година. За самата сертификација Советот ќе обезбеди финансиски средства од сопствени извори.

Покрај тоа, до Министерството за информатичко општество и администрација, беа доставени и податоци за изречените прекршочни санкции – глоби – од страна на надлежните судови во Република Македонија, по повод поднесени барања за поведување прекршочни постапки од Советот за радиодифузија, во последните 3 (три) години, и тоа: за прекршувања на Законот за радиодифузната дејност во 2011 година, за прекршувања на Изборниот законик, сторени во време на предвремените парламентарни избори во 2011 година и за прекршувања на Изборниот законик, сторени во време на локалните избори во 2013 година.

### 12.3 Соработка со Министерството за култура

Советот соработуваше со Министерството за култура, како во однос на регистрацијата на програмските пакети на операторите на јавни електронски комуникациски мрежи, така и во однос на покренувањето на прекршочни постапка во случаи на повреда на одредбите од член 82 став 2 од Законот за радиодифузната дејност. Двете институции остварија соработка и по прашањата за подобрување на законските решенија од Законот за авторското право и сродните права, особено оние за организациите за колективно управување со тие права и примената на нивните акти за прибирање и распределба на надоместоци за користење на правата. Советот даде и мислење, предлози и забелешки за измените и дополнувањата на Законот за изменување и дополнување на Законот за авторското право и сродните права, објавен во „Службен весник на Република Македонија"' бр. 147/13, со кој, во интерес на правната сигурност на носителите на правата со кои управува организацијата, како и за заштита на интересите на останатите заинтересирани субјекти, е предвидена замена на традиционалните „плеј листи" на радиодифузерите, со систем за електронска евиденција на емитувани авторски дела, односно предмети на сродните права, и достава на податоци за нив.

### 12.4 Соработка со Министерството за финансии

Советот соработуваше со Министерството за финансии во врска со имплементацијата на двата проекта од Претпристапната помош на ЕУ – IPA TAIB 2009, компонента I и компонента II.

### 12.5 Соработка со Министерството за правда

Претставници на Советот партиципираа во работна група за донесување и изменување на Изборниот Законик. При тоа, во рамките на својата надлежност, Советот даде конкретни предлози за измени на изборното законодавство, а учествуваше и во експертските расправи во врска со измените на Изборниот Законик.

### 12.6 Соработка со Министерството за труд и социјална политика

Советот соработуваше со Министерството за труд и социјална политика во врска со обврските кои се однесуваат на третманот на родовите во медиумите, коишто произлегуваат од Законот за еднакви можности на жените и мажите и од Националната стратегија за родова еднаквост 2013–2020.

### 12.7 Соработка со Агенцијата за електронски комуникации (АЕК) и со Македонската радиодифузија (МРД)

Во 2013 година Советот за радиодифузија интензивно соработуваше со Агенцијата за електронски комуникации..

Соработката во споделување на технички ресурси, односно користењето на информатичка инфраструктура на Агенцијата за потребите на посебно изработениот софтвер за Советот, продолжи и во 2013 година.

Советот за радиодифузија преку активностите на Секторот за технологии и информатика, соработуваше со Агенцијата за електронски комуникации во делот на извршување на одземените фреквенции од трговските радиодифузни друштва, чие работење беше во спротивност со Законот за радиодифузна дејност.

Во соработка со Агенцијата беа преземани сите чекори за воведување на потполна дигитализација, која бара тесна координација на двете институции во поглед на обезбедување услови за вршење на радиодифузна дејност на државно, регионално и локално ниво во дигитална околина.

Советот соработуваше и со Македонската радиодифузија (МРД), во утврдувањето на фактичката ситуација на терен за квалитетот на приемниот сигнал на јавниот ТВ сервис, а беа подготвувани и до Владата беа испратени мислења за ослободување од плаќање на радиодифузната такса.

### 12.8 Соработка со Народниот правобранител

Советот за радиодифузија неколкупати до Народниот правобранител доставуваше податоци за соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците и податоци за половата структура и степенот на образование во структурата на вработените во Стручната служба на Советот. До Народниот правобранител беа доставени и податоци за преземените мерки и активности од страна на Советот (за првиот и третиот квартал од 2013 година), по основ на обраќањата и препораките на Народниот правобранител.

### 12.9 Соработка со Државната комисија за спречување на корупцијата

Во извештајната година, Советот оствари соработка со Државната комисија за спречување на корупцијата. Во 2013 година беа спроведени локални избори во Република Македонија. Заради преземање одредени активности од страна на Советот, во периодот од денот на донесувањето на Одлуката за распишување на локалните избори, па до завршувањето на изборите (ангажирање на соработници за потребите на мониторингот на изборите, измена на Упатство), Советот побара мислење од страна на Комисијата, во смисла за нивното реализирање да не постои законска пречка од

аспект на Законот за спречување на корупцијата. Државната комисија за спречување на Корупција одговори на доставените барања и достави свои мислења до Советот.

Во јуни и декември 2013 година, во рамките на утврдениот рок, Советот ја исполни обврската за доставување информација (2 пати годишно) од страна на номинираното лице од Советот, за статусот на реализација на активностите од Државната програма за превенција и репресија на корупцијата и Државната програма за превенција и намалување на појавата на судир на интереси со Акционен план 2011–2015 година (во деловите: Сектор XI – Медиуми и граѓанско општество, Проблем 5: Концентрација на сопственоста на медиумите и прикривање на сопственоста врз медиумите и Проблем 6: Поврзаноста на медиумите со политичките центри на моќ), преку веб апликацијата за електронско (online) доставување на ваквите податоци.

### 12.10 Соработка со Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор

Соработката со Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор се движеше во насока на редовно доставување податоци за правичната застапеност на припадниците на заедниците во Стручната служба на Советот за радиодифузија на Република Македонија.

### 12.11 Соработка со Дирекцијата за заштита на личните податоци

Континуирана соработка меѓу Советот за радиодиуфузија и Дирекцијата за заштита на личните податоци по однос на прашања кои се од заеднички интерес за работењето на овие две институции, ја одбележа и 2013 година. Имено, ако во 2012 година соработката во најголем дел беше остварена во врска со давањето мислење од страна на Агенцијата на подзаконските акти од областа на заштита на личните податоци кои Советот ги донесе согласно неговата законската обврска, во 2013 година, Советот оствари соработка по однос на прашања и дилеми кои за него беа поставени при имплементирање на овие подзаконски акти во практиката. Во текот на извештајната година, по остварени консултации со вработени од Агенцијата, онаму каде што беше потребно, беше извршено дополнување на донесените подзаконски акти, која потреба се увиде низ нивната примена од страна на Советот.

### 12.12 Соработка со Комората на Република Македонија за обезбедување лица и предмети

Во извештајната година стапи во сила Законот за приватно обезбедување („Службен весник на Република Македонија", бр. 166/12), со кој беа пропишани услови кои правните лица треба да ги исполнуваат во континуитет, за да можат да вршат обезбедување за сопствени потреби. Со оглед на тоа што во рамките на Стручната служба (согласно актот за систематизација) кај одредени работни места имаше утврдено извршување работни задачи околу обезбедување на лица и предмети во Советот, кои, согласно новото законско решение, Советот не ги исполнуваше, беше нужно да се извршат измени во неговиот акт за систематизација.

Заради преземање на сите непходни дејствија, во насока на целосно усогласување на неговото работење со Законот за приватно обезбедување, Советот ја консултираше Комората, секогаш кога тоа беше потребно односно при соочувањето со дилеми или нејаснотии околку определени прашања од областа на оваа проблематика.

### 12.13 Соработка со Државниот инспекторат за труд

Согласно законската должност утврдена во Законот за работните односи, Советот за радиодифузија е должен, за секое воведување на прекувремена работа претходно писмено да го извеси подрачниот државен инспекторат за труд.

Советот соработуваше со Државниот инспекторат за труд и доставуваше редовни месечни известувања, за вршење работа преку полното работно време (прекувремена работа), од страна на вработените во Стручната служба на Советот.

### 12.14 Меморандуми и протоколи за соработка

Советот за радиодифузија потпиша Меморандум за соработка со Фудбалската федерација на Македонија (ФФМ), во насока за афирмирање на фудбалскиот спорт на целата територија на Република Македонија со сите негови обединувачки, едукативни, културни и хуманитарни вредности.

Меморандум за соработка беше потпишан и со Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата (РСБСП) во областите од заеднички интерес, а особено во унапредувањето на безбедноста на сообраќајот на патиштата од сите аспекти, вклучително и влијанието врз животната средина, безбедноста и здравјето на учесниците. Основа за соработката претставува реализацијата на Националната стратегија на Република Македонија за унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата на Република Македонија 2009–2014 година и 2015–2020 година и Предлог–Стратегијата за развој на радиодифузната дејност во Република Македонија за периодот 2013–2017 година, од области од заеднички интерес.

Советот потпиша Меморандум за соработка со Државниот универзитет во Тетово (ДУТ) во смисла на: размена на релевантни информации кои се од заеднички интерес; заедничко учество на стручни едукации, семинари, конференции, тркалезни маси и други манифестации поврзани со јакнење на капацитетите и квалитетот на услугите на двете институции, организирани на ниво на потписничките и/или на проширено ниво со останати субјекти во и вон Република Македонија чиј делокруг на работа е од интерес за потписничките; заеднички придонес за развој на соодветни програми во согласност со потребите на корисниците на услугите на двете институции, кои се потписници на меморандумот; меѓусебна помош преку доставување на стручни совети по барање на потписниците на меморандумот; размена на досегашни и нови искуства, релевантни за полето на делување на двете страни, потписнички на меморандумот; меѓусебно известување меѓу двете страни, потписнички на меморандумот, при креирање на проекти кои се однесуваат на заедничките интереси, при планирањето на проектните активности или евентуално идно аплицирање на заеднички проекти.

## 13. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

### 13.1 Активности за унапредување на евро-интеграциските процеси на Република Македонија

#### 13.1.1 Пристапен дијалог на високо ниво

Советот за радиодифузија редовно известуваше по Акцискиот план за клучните приоритети во процесот на пристапување во ЕУ, во рамките на Пристапниот дијалог на високо ниво, а во контекст на претставување на напредокот во областа на слобо-

дата на изразување и на медиумите, една од петте приоритетни области утврдени во Патоказот на Владата на Република Македонија.

### 13.1.2 Национална програма за усвојување на правото на Европската унија (НПАА)

Како дел од работните групи задолжени за подготовка на НПАА и на преговарачките позиции за преговори за членство во ЕУ, Советот за радиодифузија, во делот на аудиовизуелната политика, до Секретаријатот за европски прашања доставуваше квартални извештаи за статусот на реализација на активностите предвидени во Националната програма за усвојување на правото на ЕУ за 2013 година.

### 13.1.3 Деветти состанок на Поткомитетот за иновации, информатичко општество и социјална политика

На 28 и 29 мај 2013 година, во Скопје се одржа деветтиот состанок на Поткомитетот за иновации, информатичко општество и социјална политика помеѓу Република Македонија и Европската Унија во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација. Европската Комисија ја нагласи важноста на информатичкото општество како интегрален дел од стратегијата Европа 2020 и потсети дека во минатогодишниот извештај е нотиран добар напредок. На состанокот беше посочено дека беа направени итни измени и дополнувања на Законот за радиодифузната дејност за да се регулира издавањето на дозволи и да се овозможи завршување на процесот на дигитализација најдоцна до 1 јуни 2013 година, беа претставени наодите и препораките од Анализата на пазарот на радиодифузната дејност за 2012 година, и беше известено за примената на член 11 од Законот за радиодифузната дејност и случаите на недозволена медиумска концентрација, за медиумската покриеност на локалните избори во 2013 година и при претходните парламентарни избори.

Во рамките на состанокот на Поткомитетот, беше одржан работен состанок меѓу претставници на Генералниот директорат за комуникациски мрежи, содржини и технологии (DG Connect) и Советот за радиодифузија.

### 13.1.4 Десетти состанок на Поткомитетот за правда, слобода и безбедност

Во насока на следење на остварениот напредок на Република Македонија во областа на правда, слобода и безбедност во 2013 година, како и утврдување на мерките за натамошна реформа, на 26 и 27 ноември 2013 година, во Скопје се одржа десеттиот состанок на Поткомитетот за правда, слобода и безбедност. Вообичаено, дневниот ред ги опфати следните области: фундаментални права, реформа на правосудството; судска соработка во граѓанска и кривична материја, анти-корупциска политика; визна политика и гранично управување; азил, миграција и реадмисија; реформа на полицијата; борба против организираниот криминал; перење на пари, економски и финансиски криминал; трговија со луѓе; борба против тероризам; превенција од droги.

Состанокот на Поткомитетот се одржа кратко време по објавувањето на Извештајот на Европската Комисија за напредокот на Македонија за 2013 година, па оттука тој беше искористен за претставување на плановите за реализација на дадените препораки од извештајот, како и за надминување на детектираните слабости.

Во насока на успешно одржување на состанокот на Поткомитетот, Советот за радиодифузија обезбеди податоци за примената на Законот за радиодифузната деј-

ност, со посебен фокус на имплементацијата на член 11 како и на членовите кои се однесуваат на заштита на медиумскиот плурализам, разновидноста и јавноста на работата на радиодифузерите (членови 13-20), за имплементацијата на Стратегијата за развој на радиодифузната дејност, за спроведените мониторинзи од страна на Советот, а беа обезбедени податоци и за човечките, финансиските и техничките ресурси на Советот за радиодифузија.

### 13.2 Европска платформа на регулаторните тела (ЕПРА)

Беа одржани два состанока на ЕПРА. На 9 и 10 мај, во Краков, Полска се одржа 37-от состанок. Главните теми на состанокот беа заштитата на малолетните лица во „поврзана" околина и јавните радиодифузни сервиси во „поврзана" околина. Беа одржани и три одделни работилници: за политичка комуникација; за локални и медиуми на заедницата и за пристапот на лицата со хендикеп до аудиовизуелните медиумски сервиси.

На 3 и 4 октомври, во Вилниус, Литванија беше одржан 38-от состанок на ЕПРА. Во фокусот на овој состанок беше надзорот на услугите: видео на барање: најдобрите практики и методологија и оценување на плуралноста во онлајн околината. Вообичаено, беа одржани три работилници – првата посветена на политичката комуникација, втората на локалните и медиумите на заедницата и третата посветена на спектарот, со фокус на 700 MHz.

### 13.3 Соработка со Медитеранската мрежа на регулаторни тела (МНРА)

На 21 октомври 2013 година, во Никозија, Кипар се одржа 7-от состанок на Техничката комисија на Медитеранската мрежа на регулаторни тела. Учествуваа претставници од 11 регулаторни тела. Фокусот беше на прашања од заеднички интерес кои ќе бидат составен дел од Агендата на следната пленарна седница, меѓу кои: предизвиците на јавните радиодифузни сервиси и функцијата на медиумите при известување од актуелните настани во Сирија, Турција и други држави каде што имаше немири. Беа формирани и групи за интензивирање на соработката до конечно оформување на агендата за XV Пленарно собрание на МНРА.

### 13.4 Соработка со странски регулаторни тела и друга меѓународна соработка

Во февруари 2013 е остварена посета на Независната комисија за медиуми на Косово. Одржан е работен состанок каде беа разменети искуства од областа на аудиовизуелните медиумски сервиси и договорена е меѓусебна соработка помеѓу двете регулаторни тела.

На 25 април 2013 година, претставници на Советот реализираа посета на турското регулаторно тело за медиуми RTUK во Анкара, Турција. Целта на посетата беше да се направи увид во системот за мониторинг познат како SKAAS, развиен за потребите на регулаторот и размена на искуства за начинот на мониторинг на медиумите.

Советот за радиодифузија учествуваше во подготовката на Годишната национална програма за членство на РМ во НАТО (ГНП) за 2013-2014 година.

Во периодот од 13 до 17 мај 2013, во редовна годишна посета на Република Македонија, престојуваше експертскиот дел од МАП тимот на НАТО, предводен од Лори Вокер, надлежен претставник од службите на НАТО за досието на Република

Македонија. Во текот на посетата, МАП тимот на НАТО направи проценка на имплементацијата на Акциониот план за членство во рамки на 14-от циклус, како и степенот на реализација на целите и активностите презентирани во ГНП за 2012–2013 година.

На 15 мај 2013, на барање на надлежниот претставник на НАТО, Лори Вокер, беше остварена средба со претставници од Советот за радиодифузија. На состанокот се разговараше за повеќе прашања: медиумското покривање на изборната кампања во време на Локалните избори 2013, почитувањето на Изборниот законик, Правилникот за однесувањето на радиодифузерите во периодот пред започнување на изборната кампања, Правилникот за рамноправен пристап во медиумското претставување во време на изборна кампања, мерките кои Советот за радиодифузија им ги изрече на медиумите, потоа за подготовката на новиот Закон за медиуми и учеството на Советот за радиодифузија во овој процес, третирањето на појавата на говор на омраза во медиумите и почитувањето на професионалните принципи и етички стандарди од страна на медиумите.

Во јуни 2013 година, остварена е посета на Агенцијата за пошти и електронски комуникации на Република Словенија – АПЕК и реализиран е состанок со компанијата Салвиол. Двете средби беа во контекст на подготовките на Советот за радиодифузија за набавка на систем за снимање и мониторинг на програмите на сите радиодифузери во Република Македонија, и на медиумските сервиси на барање за кои Советот ќе има надлежност по донесувањето на новата медиумска легислатива како и за мониторинг на програмските пакети на операторите на јавни комуникациски мрежи.

На 14 и 15 февруари, претставници на Советот учествуваа на 9-от состанок за проектот SEE Digi.TV, којшто се одржа во Тирана, Република Албанија. Фокусот на овој состанок беше имплементација на активностите од проектот, проследени со нацрт документи од правен, технички, економски и јавен интерес и претстојната меѓународна конференција.

На 17 и 18 април 2013, во Будимпешта, Република Унгарија, се одржа 3-та Меѓународна конференција, во рамките на проектот SEE Digi.TV. Овој настан беше последен од низа комуникациски настани, чија цел беше претставување на резултатите од проектот и добивање повратни информации од релевантните субјекти од регионот и од меѓународни експерти. Во рамките на една од пленарните сесии, беа претставени искуствата на Советот за радиодифузија од промотивната медиумска кампања за дигитализацијата.

Во продолжение на конференцијата, поточно на 19 април, се одржа 10-от состанок на Digi.TV. На состанокот, беше даден преглед на моментниот статус на проектот и отстапувањата од него, беа презентирани активностите кои требаше да се реализираат до крајот на проектот и краткорочните планови на партнерите на проектот.

Од 9 до 12 јуни 2013 година, се одржа 19-от Интернационален фестивал и конгрес на Mediamixx во Албена, Бугарија. Главни теми на конгресот беа капиталот во медиумите и слободата на говорот, како и предизвиците пред давателите на аудиовизуелните услуги во дигиталната ера и штетата за сите учесници на пазарот од неовластено реемитување на програми. Претставниците на Советот имаа презентација за процесот на дигитализација на телевизијата во Република Македонија, персонализацијата на радиодифузијата, креативната индустрија и позицијата на традиционалното радио и телевизија во напливот на новите технологии.

На покана на Генералниот директорат за проширување на ЕУ, остварено е учество на Конференцијата за слобода на изразување и медиуми во Западен Балкан и Турција. Конференцијата се одржа во периодот од 19 до 20.06.2013 година, во Брисел, Белгија. Учествоземаа 450 претставници од регионот и земјите членки од ЕУ, новинари, медиумски аналитичари и политичари. Особен акцент беше ставен на потребата за обезбедување на слободата на изразување во земјите–аспиранти за членство во ЕУ.

На покана на ОБСЕ, во периодот од 18 до 20 септември 2013 година, претставник од Советот за радиодифузија присуствуваше на третата регионална медиумска конференција за Југоисточна Европа што се одржа во Тирана, Република Албанија. Целта на настанот беше анализа на состојбата на медиумите во регионот на Југоисточна Европа и влијанието на новите технологии, со посебен акцент на интернетот, врз медиумите како и сегашната состојба и идните активности на земјите од регионот во однос на дигитализацијата на терестријалната телевизија.

На 25 и 26 септември 2013 година во Ровињ, Хрватска се одржа ЕМЦ форум 2013 каде што беа претставени трендовите во бизнис решенијата и предлог-насоките за развој на „облак" од страна на фирмата ЕМЦ, а беа претставени и нејзините производи, поточно VMWare софтверот за виртуелизација и влијанието врз трансформацијата на информатичките технологии, како и начинот на кој големиот број на податоци ги менуваат бизнисите, довербата и решенијата во „облакот".

На 14 и 15 ноември 2013 година, во Пржно, Република Црна Гора се одржа конференција на тема „Зајакнување на независноста на регулаторните тела за медиуми во Југоисточна Европа". Целта на одржување на конференцијата беше дискусија за европските стандарди за независноста и функционирањето на регулаторните тела за медиуми, нивниот мандат и овластувањата, новите предизвици и улогата на регулаторните тела во услови на дигитално емитување. На конференцијата учествуваа претставници од регулаторните тела за медиуми, од релевантни министерства и невладини организации од Албанија, Босна и Херцеговина, Македонија, Црна Гора, Србија и Косово. На конференцијата, претставници од Советот за радиодифузија имаа излагање за независноста и функционирањето на Советот, како и за транспарентноста и одговорноста на регулаторните тела за медиуми со осврт на македонското искуство и практика.

На 3 октомври 2013 година, се одржа состанок со амбасадорот Герт Хајнрих Аренс, шеф на Мисијата на ОБСЕ/ОДИХР за набљудување на Локалните избори 2013 и Тамара Отиашвили, советник за избори. На состанокот се дискутираше за наодите и препораките претставени во Конечниот извештај на Набљудувачката мисија за избори на ОБСЕ/ОДИХР за локалните избори одржани во Република Македонија минатата година, чекорите кои можат да се преземат за усогласување на изборната легислатива со заложбите на ОБСЕ и формите на соработка во насока на имплементирање на препораките на ОБСЕ/ОДИХР. Се дискутираше за назначувањето на членовите на Советот за радиодифузија и обезбедувањето на нивна професионалност и непристрасност, конкретизирање на условите за емитување на бесплатното политичко претставување, прецизирање на одредбите за медиумско претставување при втор круг на избори и донациите за изборни кампањи.

На 18 јуни 2013 година, Советот за радиодифузија го посетија специјалниот известувач на ОН за унапредување и заштита на правото на слобода на мислење и изразување, г-дин Франк Ла Ру и г-дин Марсело Даер и г-дин Сти Асбјорнсен од Канцеларијата на Високиот комесар за човекови права на ОН. Целта на посетата беше да се согледа и процени состојбата со правото на слобода на мислење и изразување во земјава, мерките преземени за негово остварување и надминување на пречките. На состанокот се разговараше за прашања поврзани за надзорот и економското работење на медиумите, заштитата на малолетната публика, остварувањето на правата на различните етнички заедници во медиумите, говорот на омраза, правилата за рекламирање и спонзорство, како и политичкото рекламирање во време на изборите.

Во јуни 2013 година претставик на Секторот за технологии и информатика учествуваше на 19-от фестивал и конгрес на Mediamixx 2013, одржан од 9–12 јуни 2013 година, во Албена, Бугарија, каде што со Република Бугарија беа споделни искуствата на Република Македонија во однос на дигитализацијта.

Претставник на Советот учествуваше на Третата регионална медиумска конференција за југоисточна Европа на ОБСЕ, со презентација за дигитализацијата во Република Македонија

Претставик на Советот учествуваше и на ЕМЦ форум 2013 под наслов „LEAD YOUR Transformation", кој се одржа на 25 и 26 септември 2013 година, во Ровињ, Хрватска.

## 13.5 Користење на ИПА - фондовите на ЕУ

### 13.5.1 ИПА ТАИБ 2009

Во извештајниот период, течеа активностите за имплементација на два проекта од Претпристапната помош на ЕУ – ИПА компонента I и ИПА компонента II. Проектот од ИПА ТАИБ 2009, наменет за зајакнување на административните капацитети на регулаторните тела за телекомуникации и медиуми за ефикасно регулирање на новите дигитални и повеќенаменски сервиси, чии корисници се Советот за радиодифузија и Агенцијата за електронски комуникации, започнувајќи од 2 септември 2013 година, е во фаза на имплементирање. По изборот на економскиот оператор, давател на услугите предвидени со проектот, одржан е иницијалниот состанок (kick-off meeting), по што беа одржани повеќе состаноци со клучните експерти, за да се договорат точните активности и динамиката за нивна реализација. Во тек е подготовка на Воведниот извештај (Inception report), по чие прифаќање од страна на Надзорниот одбор, ќе се започне со реализација на конкретните активности предвидени со споменатиот проект.

### 13.5.2 ИПА 2009 Компонента II - Прекугранична соработка

Во мај заврши проектот од IPA Transnational 2009 - SEE Digi.TV. Конципиран како регионален проект за Југоисточна Европа, целта беше да се забрза дигитализацијата на радиодифузните сервиси како и да се придонесе за поширока употреба на информационо–комуникациските технологии и услуги за широкопојасен интернет. Крајната цел беше надминување на проблемите на дигиталниот јаз и социјалното вклучување и создавање регионално еднакви можности за дигитализација. Во рамките на проектот, Советот спроведе повеќе истражувања за да се утврди колку е Република Македонија подготвена за дигитализацијата и што уште треба да се направи. За таа цел анализирана е правната рамка, утврдени се карактеристиките на опремата што треба да ја поседуваат граѓаните за да можат да примат и да гледаат дигитална телевизија, работено е на правилата за тоа како ќе се користи дигиталната дивиденда, односно какви сè идни услуги и апликации ќе можат да се понудат во просторот што ќе се ослободи кога аналогниот сигнал ќе се дигитализира.

Имајќи го предвид ниският степен на информираност на македонските граѓани за процесот на дигитализација, Советот за радиодифузија спроведе една поширока медиумска кампања, насловена како „*Дигитализација. За подобра телевизија*". Целта беше сите релевантни субјекти кои на овој или оној начин учествуваат во процесот на премин кон дигитализација – јавната и приватните телевизии, операторите кои ќе го пренесуваат нивниот сигнал и самите граѓани – да ги преземат неопходните чекори за успешно спроведување на процесот. Во оваа смисла, во првата половина на 2013 година, реализирани се повеќе активности:

- во февруари 2013 година, во викенд изданијата на двата најтиражни дневни весника на македонски и албански јазик, „Вест" и „Коха", инсертирани се флаери со кои на поедноставен јазик беше објаснето што е тоа дигитализација, како ќе може да се гледа дигитална телевизија, кои се придобивките од дигитализацијата;

- снимен е и емитуван е телевизиски спот (на македонски, албански, турски, ромски, српски и бошњачки јазик) со кој накратко се информираат граѓаните за дигитализацијата, Спотот започна да се емитува од 1 април 2013 година, на речиси сите телевизиски станици во Македонија, најмалку трипати дневно, и тоа во ударните термини и пред, во рамките или по завршување на најпопуларните програми кои се емитува на одредена телевизија. Спотот се емитуваше до 1 јуни 2013 година;

- остварена е соработка со телекомуникациските оператори: VIP, ONE и T-Home. VIP и ONE, на сопствен трошок ги испечатија флаерите што Советот ги инсертираше во дневните весници, ONE на својата веб страница го постави телевизискиот спот на Советот, додека T-Home, во соработка со Советот за радиодифузија, на своите претплатници кои не беа приклучени на услугата на Max-TV којашто вклучува и телевизија им обезбеди информации за претстојниот премин кон дигитализација ;

- беше обезбедена телефонска линија во Советот на којашто стручни лица даваа одговор на заинтересираните граѓани;

- реализирана е посеопфатна информативно/едукативна медиумска кампања, насочена кон различните возрасни и социјални структури на населението, односно целата популација. Имено, во текот на април/мај, членови на Советот за радиодифузија гостуваа во жанровски разновидни радио и телевизиски емисии, емитувани на најголемите медиуми во осумте статистички региони на Македонија. Секако, беа опфатени и ТВ и РА станиците на национално ниво, како медиуми кои имаат најголема гледаност/слушаност. Вкупно, беа реализирани 32 радио и телевизиски емисии (сметано без репризите).

### 13.5.3 ИПА ТАИБ 2011

Во декември 2012 година, беше потпишана Спогодбата за финансирање за националната оперативна програма за компонента I – Помош при транзиција и институционална надградба за 2011 година помеѓу Република Македонија и Европската комисија (децентрализирано управување). Во нејзини рамки е проектот „Слобода на изразување – поддршка на медиумски реформи", финансиран од IPA TAIB 2011. Целта на проектот е поттикнување и зајакнување на медиумските реформи, консолидирање на европските стандарди кои се фокусираат на заштита на медиумите, нивниот професионализам и независност, подобрување на имплементацијата на медиумската легислатива, создавање услови за слобода на медиумите, како и промовирање ефективна конкурентност на медиумскиот пазар.

Носител на овој проект е Советот за радиодифузија, а останатите корисници се Комисијата за заштита на конкуренцијата, ЈП МРТ и Здружението на новинари на Македонија.

Советот констатираше дека се неопходни измени на проектното фише за овој проект и во делот на твининг и во врска со набавката на техничка опрема, бидејќи активностите коишто за Советот беа предвидени во делот на твининг, беа надминати како резултат на напорите на Советот за ефикасно спроведување на неговите надлежности кои произлегуваат од Законот за радиодифузната дејност и подзаконските акти, веќе направените проценки и идентификуваните потреби за техничките капацитети, но и како резултат на проектот ИПА 2009 „Зајакнување на административните капацитети на регулаторните тела за медиуми и телекомуникации за ефикасното регулирање на новите дигитални и повеќенаменски сервиси", кој е во фаза на имплементација.

Од овие причини, Советот за радиодифузија направи измени на проектното фише коишто ќе ги поттикнат и ќе ги забрзаат медиумските реформи, ќе ги зајакнат капацитетите на регулаторното тело за исполнување на неговата улога како заштитник

и промотор на слободата на медиумите, ќе ја зголемат јавната свест за различни регулторни аспекти со акцент на прашањата поврзани со заштита на медиумската слобода, ќе придонесат за подобрена имплементација на легислативата и стандардите на Советот на Европа и ЕУ во областа на слобода на медиумите, особено во делот на слободата на изразување и говорот на омраза.

Измени беа направени и во поглед на набавката на опрема којашто треба да овозможи снимање на програмите на сите национални, регионални и локални радија и телевизии, прием на сигналот на операторите на јавна комуникациска мрежа на претходно точно дефинирани точки и негова дистрибуција до просториите на Советот и во поглед на опремата за мобилен мониторинг чија намена е прием на сигналот на операторите кои реемитуваат на локално ниво и на аналогните локални радија.

Во декември 2013 година, измените на проектното фише беа доставени до Секретаријатот за европски прашања, со цел за понатамошно постапување.

Кон крајот на минатата година, членовите на работната група за IPA и нивните заменици, учествуваа на обуката „Управување со проектен циклус", во организација на Секретаријатот за европски прашања.

## 14. ЈАВНОСТ ВО РАБОТЕЊЕТО НА СОВЕТОТ

### 14.1 Облици на комуникација со јавноста

Со оглед на тоа што работата на Советот за радиодифузија е јавна, а во насока на обезбедување што поголема транспарентност во своето работење, Советот редовно одржуваше седници на кои беа присутни претставници од медиумите, организираше прес конференции, подготвуваше соопштенија за медиумите, поединечни интервјуа и редовно ја одржуваше својата веб страница.

Согласно законската обврска, Советот, еднаш на секои три месеци организираше јавни седници со сите заинтересирани лица, овозможувајќи им да бидат запознаени со работата на Советот и да дадат забелешки и коментари во врска со прашањата од делокругот на неговото работење.

Веб страницата на Советот е достапна на три јазика: македонски, албански и македонски. На страницата, на лесно видпив начин, се објавуваат основните податоци за контакт со Советот (назив, адреса, начини за контакт), податоци за надлежностите на Советот утврдени во Законот за радиодифузната дејност, правни акти – како оние што тој самиот ги донел така и акти од европската легислатива, преземени мерки против прекршителите на законските и договорните обврски, база на податоци за субјектите во радиодифузната дејност којашто редовно се ажурира, како и постапките за јавни набавки и информации за сите значајни активности на Советот.

### 14.2 Пристап до информации од јавен карактер[20]

До Советот за радиодифузија, како имател на информации од јавен карактер, во текот на 2013 година, беа доставени вкупно 35 (триесет и пет) барања. 26 (дваесет и шест) барања се позитивно одговорени, од кои 23 (дваесет и три) во целост, а 3 (три) - делумно. 8 (осум) барања се одбиени.

[20] Деталните податоци за сите пристигнати барања за пристап до информации од јавен карактер се наведени во Табеларниот преглед на крајот од Извештајот „Барања за пристап до информации од јавен карактер" (Прилог бр. 9).

# 15. МАТЕРИЈАЛНО-ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ НА СОВЕТОТ

## 15.1 Материјално-финансиско работење на Советот

Согласно усвоениот план за работа за 2013-та година и законските надлежности на Советот кои произлегуваат од Законот за радиодифузната дејност, усвоениот Финансиски план на Советот за 2013-та година изнесуваше 143.913.132,00 денари.

Вкупните планирани приходи во усвоениот финансиски план за 2013-та година изнесуваа 143.913.132,00 денари. Од нив 67.826.000,00 денари беа планирани да се остварат од наплата на радиодифузна такса, наплата на дозволи за вршење радиодифузна дејност, камати и други приходи, додека останатите 76.087.132,00 денари преставуваа пренос на средства од минати години.

Најголемо учество во вкупно остварените приходи во 2013-та година кои изнесуваат 71.246.295,00 денари, преставуваат средствата наплатени по основ на пресметан надоместок за дозволи за вршење радиодифузна дејност за периодот 2013-2014 година. Вкупно наплатените приходи од пресметаниот надоместок за дозвола за вршење радиодифузна дејност изнесуваат 38.533.381,00 денари.

Средствата наплатени по основ на радиодифузна такса во 2013-та година изнесуваат 26.939.060,00 денари. Процентот на наплатените средства има тенденција на пораст (како и во претходниот период), како резултат на преземените мерки за подобрување на наплатата за радиодифузна такса.

Остварените приходи од камата на депозити се во висина од 4.629.652,00 денари.

Другите приходи од 1.144.202,00 денари се однесуваат на приходи остварени од проектот Диги ТВ во износ од 905.267,00 денари, додека другите приходи изнесуваат 238.935,00 денари.

Вкупно реализираните расходи од 1-ви јануари заклучно со 31-ви декември 2013-та година изнесуваат 90.021.665,00 денари. Реализираните расходи се однесуваат за следните позиции:

- за потрошени материјали во износ од 864.800,00 наменети за набавка на гориво за службените моторни возила, за канцелариски материјали, за материјали за лична хигиена, за потрошен информатички материјал, за потрошена вода и за плаќање на комунална хигиена;

- за потрошена енергија во вкупен износ од 2.059.240,00 денари, од кои 932.767,00 денари за потрошена електрична енергија и 1.126.473,00 денари за потрошена топлинска енергија;

- за инвестиционо одржување на средства во износ од 654.594,00 денари наменети за одржување и сервисирање на софтверска и хардверска опрема, за одржување на аудио и видео опрема, за одржување на службени моторни возила и за одржување и сервисирање на друга опрема;

- за одржување на работните простории износ од 302.610,00 денари;

- за печатарски услуги износ од 202.227,00 денари;

- за фиксна и мобилна телефонија, за поштенски трошоци и други давачки за превозни услуги износ од 2.166.632,00 денари;

- за издатоци за репрезентација износ од 593.846,00 денари;

- за наемнина за користење на деловниот простор во кој е сместен Советот, како и за изнајмување на простор и опрема за организација на семинари и работилници износ од 7.394.119,00 денари;

- издатоци за судски и административни такси износ од 269.242,00 денари;

- издатоци за стручна литература, весници и списанија во износ од 195.589,00 денари;

- за учество на семинари и советувања износ од 52.780,00 денари;

- за расходи за регистрација на моторни возила 14.712,00 денари;

- за провизии за платен промет износ од 78.688,00 денари;

- за казнена камата износ од 85.453,00 денари;

-за премии за осигурување на опрема од кражба и пожар, осигурување на деловниот простор и осигурување на службените возила износ од 79.853,00 денари;

- за исплата на дневници за службени патувања и патни трошоци во земјата и странство износ од 1.156.858,00 денари;

- за надоместоци на трошоци на вработени за одвоен живот и други надоместоци износ од 778.514,00 денари;

- за исплата на негативни курсни разлики износ од 1.595,00 денари;

- за годишна членарина во ЕПРА (Европска платформа на регулаторни тела) износ од 123.600,00 денари;

- за интелектуални и други услуги во вкупен износ од 5.692.485,00 денари; од вкупно потрошените средства 3.335.750,00 денари беа наменети за ангажирање на лица преку Агенција за привремени вработувања за мониторинг во време на локалните избори за 2013-та година, за истражувања кои произлегуваат од законските надлежности на Советот износ од 2.273.973,00 денари, за нотарски услуги и услуги од извршители износ од 41.095,00 денари и за услуги по договор на дело износ од 41.667,00 денари;

- за останати други расходи и тоа за службени огласи, ревизорски услуги, здравствени услуги, паркирање на службени возила износ од 1.189.271,00 денари;

- за средства за посебни намени – меѓународна соработка износ од 461.273,00 денари и тоа за национално кофинансирање за 2013-та година на проектот ИПА-2009, компонента 1, кој Советот го има добиено заедно со Агенцијата за електронски комуникации;

- за средства за градежни објекти во вкупен износ од 20.985.781,00 денари од кои 16.228.013,00 денари за платени комуналии за изградба на деловен објект, 4.024.873,00 денари за идејно решение за градба, 503.497,00 денари за изведени градежни работи и 229.398,00 денари за стручен надзор ;

- за набавка на информатичка и друга опрема и исплата на рати за купени моторни возила во 2012-та година се потрошени средства во износ од 1.730.100,00 денари.

- за исплата на рати за проекти од јавен интерес се потрошени средства во износ од 783.813,00 денари;

- за исплата на вкалкулирани плати во 2013-та година се исплатени средства во износ од 42.103.290,00 денари; средствата се однесуваат за исплата на бруто плати, надоместоци од плата, апанажи и исплата на персонален данок и придонеси од плата за членовите на Советот и вработените во стручната служба.

Признавањето на приходите и расходите на Советот се спроведува според модифицираното начело на настанувањето на деловните промени и трансакции на начин утврден со член 13 од Законот за сметководство за непрофитни организации и член 18 од Правилникот за сметководство на непрофитни организации.

Вкупниот број на лица вработени во Советот за радиодифузија на 31-ви декември 2013-та година изнесуваше 59. Во вкупниот број вработени лица спаѓаат претседателот, заменикот на претседателот, 13 членови на Советот и 44 вработени во стручната служба.

# 16. НАДЗОР ВРЗ РАБОТЕЊЕТО НА СОВЕТОТ ЗА РАДИОДИФУЗИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## 16.1 Внатрешна ревизија – планирање

Внатрешните ревизии кои беа извршени во 2013 година, беа предвидени со Стратешкиот план за извршување на внатрешната ревизија за периодот 2013-2015 година (бр : 01-6248/1) и Планот за извршување на внатрешната ревизија за 2013 година (бр: 01-6249/1). Веднаш по донесувањето, во законски предвидениот рок, Советот ги достави овие два документа до Секторот за јавна внатрешна финансиска контрола на Министерството за финансии на Република Македонија.

## 16.2 Извршени ревизии за 2013 година

Стратешкиот план за извршување на внатрешната ревизија за 2013-2015 година (бр: 01-6248/1) и Планот за извршување на внатрешната ревизија за 2013 година (бр: 01-6249/1) беа засновани на анализи и проценки од претходната и на тековната година како и врз согледување на реално поставените цели, приоритети и мерки кои требаше да се преземат за ефективно остварување на обврските во наведениот период, имајќи ја предвид моменталната кадровска и организациска поддршка за вршење на ревизии.

Во Планот за извршување на внатрешната ревизија за 2013 година беа предвидени вкупно четири ревизии, а беше планирано секоја од нив да трае по три месеци. Во првите три месеци од годината беше извршена ревизија врз процесот за јавни набавки чија цел беше да се оцени и да се даде мислење за соодветноста и ефективноста на интерните контроли воспоставени во рамките на процесот за јавни набавки за да се обезбеди законито, економично, ефикасно и ефективно извршување на јавните набавки.

Ревизијата за следење на препораките (Follow-up ревизија) од извештаите од извршените ревизии врз проектите финансирани од ИПА фондови, беше извршена во периодот од април до јуни 2013 година. Цел на ревизијата беше да се утврди и да се даде мислење за тоа дали дадените препораки од предходно извршени ревизии се спроведуваат од страна на лицата одговорни за менаџирање со проекти финасирани од страна на ИПА фондови во Советот.

Третата ревизија се однесуваше на процесите за набавки и плаќања со цел да се оцени и да се даде мислење за соодветноста и ефективноста на интерните контроли воспоставени во рамки на процесите за набавка и плаќање за да се обезбеди правилно, економично, ефикасно и ефективно користење на ресурсите. Ревизијата е извршена во периодот од 1 јули до 30 септември 2013 година.

Во текот на октомври, ноември и декември 2013 година беше извршена ревизија на проектите финансирани од страна на ИПА фондовите, односно на подготовка на тендерската документација за проектот „Зајакнување на административните капацитети на регулаторните тела за телекомуникации и медиуми за ефикасно регулирање на новите дигитални и повеќенаменски сервиси. EuropeAid/129857/D/SER/MK", за да се утврди и да се даде мислење дали ИПА работна група врз ИПА проектот постапува согласно насоките и упатствата дадени од Европската Комисија.

За секоја од овие ревизии, беше подготвен извештај во кој е наведено мислењето на внатрешниот ревизор за состојбата на системот на внатрешната контрола и усогласеноста на активностите на процесите кои беа предмет на ревизијата со закони и подзаконските акти што ги уредуваат тие прашања, а во случај кога од извршената ревизија произлегуваше некој наод, за него се даваше конкретна препорака, заради подобрување на процесот. Голем дел од препораки на внатрешниот ревизор беа имплементирани од страна на Советот.

# 17. КАДРОВСКИ И ТЕХНИЧКИ РЕСУРСИ НА СОВЕТОТ

## 17.1 Кадровски ресурси на Советот

Во текот на 2013 година, во Советот за радиодифузија на Република Македонија, заснован е работен однос на неопределено време со 1 (едно) лице, „Работник на пријавница", во Секретаријатот на Советот.

Во извештајната година, во Советот за радиодифузија на Република Македонија работеа 59 (педесет и девет) вработени лица, од кои: 15 (петнаесет) се членови на Советот за радиодифузија и 44 (четириесет и четири) лица се вработени, во Стручната служба на Советот, на неопределено време,.

Покрај тоа, на 2 (две) лица, поранешни членови на Советот, кои остваруваа право на апанажа, односно остваруваа плата по престанување на функцијата член на Советот за радиодифузија за време до една година, им престана ова право.

## 17.2 Технички и просторни ресурси на Советот

Заради подигање на административниот и институционален капацитет, Советот за радиодифузија испланира и реализира повеќе активности за набавка на опрема и софтвер како и во поглед на имплементацијата на Стратегијата за развој на радиодифузната дејност.

Советот за радиодифузија на РМ, за изградба на административен објект на ул. „Мито Хаџивасилев Јасмин" и ул. „Македонија"– Скопје, К.О. Центар 1КП 13521, заедно со Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење на Републиката – Скопје, како инвеститори, склучи Договор за градење на административен објект со Друштвото за производство, трговија, градежништво и услуги ДЕКОН-КОМ ДООЕЛ увоз-извоз, Скопје, како изведувач. Врз основа на наведениот Договор за градење, Советот заедно со другите двајца инвеститори, случи Договор за вршење стручен надзор со Градежен институт Македонија АД Скопје, како извршител на стручниот надзор.

## 17.3 Обуки на вработените во Стручната служба на Советот

Заради јакнење на работниот потенцијал и стручност, вработените во Стручната служба на Советот, во текот на 2013 година беа упатени, односно земаа учество, на повеќе обуки (семинари, работилници, конференции и сл.).

Во декември 2013 година беше одржана работилница за финализација на процесот на ревизија на Националната програма за усвојување на правото на Европската унија (НПАА) за 2014-2016. Работилницата беше организирана во соработка со Германското друштво за меѓународна соработка (GIZ). Учесници беа лица од работните групи за подготовка на НПАА. Работилницата беше организирана за да се обезбеди квалитетен пристап во ревизијата на НПАА, конзистентност со приоритетите на Владата, со Програмата на Владата и со стратешките планови на министерствата и да се зајакне меѓуресорската координација.

Сите вработени во Советот за радиодифузија на Република Македонија беа на обука за безбедност и здравје при работа, одржана во Советот за радиодифузија, во последниот квартал на 2013 година.

Центарот за обука на Секретаријатот за европски прашања спроведе три обуки на тема „Управување со проектен циклус". Целта на обуката беше членовите на ИПА оперативните структури од државната и јавната администрација да се запознаат со основните елементи на управувањето со проектен циклус како алатка за планирање,

спроведување и евалуација на проекти, да го разберат пристапот и да стекнат практично искуство во процесот на креирање на логичка рамка во рамките на една проектна апликација. На обуките присуствуваа сите вработени кои се дел од ИПА

Претставник на Советот (од ИПА структурата) посетуваше обука за МИС софтвер за потребите на ИПА проектите, обука за евалуација на ИПА проектите, обука за ПРАГ (Practical Guide) каде се објаснуваат процедурите за договори кои се применуваат во ЕУ

Во периодот од 17 јануари до 9 октомври 2013 година, Министерството за финансии на Република Македонија, во соработка со CEF (Center of Excellence in Finance) од Љубљана и CIPFA (Chartered Institute for Public Finance and Accountancy) од Лондон, организираше 35-дневни обуки за внатрешни ревизори во јавниот сектор во Република Македонија. Обуките беа составени од вкупно четири модули, од кои еден национален модул (во траење од петдневна обука) и три меѓународни модули (по десет дена обука за секој). Обуките се одржаа на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, а по завршување на секој модул обуки CIPFA организираше испит кој требаше да го полага секој од учесниците на обуките.

Во организација на Министерството за информатичко општество и администрација, на 14 февруари 2013 година, во хотел „Вип" во Скопје, беше одржана обука на тема „Медијацијата во Република Македонија: Основни принци, можности и предности", на која присуствуваше вработен од Секторот за правни работи. Темите опфатени на обуката беа: медијацијата како процес во решавање на спорот, околности што влијаат медијацијата да биде избрана како постапка за решавање на спорот, предности на медијацијата во споредба со судската постапка, препознавање на спорови и клиенти погодни за медијација и комуникациски вештини за презентирање на информациите од медијацијата пред граѓаните.

Министерството за внатрешни работи во соработка со Комората за обезбедување на лица и имот на РМ, организираа работилница која се одржа на 25.02.2013 година и 11.03.2013 во просториите на Прв приватен универзитет „ФОН" на тема „Запознавање со измените на Законот за приватно обезбедување и имплементирање на истиот", на која присуствуваа двајца вработени во Стручната служба на Советот.

Мисијата на ОБСЕ во Скопје, во соработка со Институтот за новинарство, медиуми и комуникации при Правниот факултет „Јустинијан Први" – Скопје и Дирекцијата за заштита на личните податоци, на 22 март 2013 година во хотелот „Арка" во Скопје организираше работилница на тема: „Разграничување меѓу слободата на изразување и говорот на омраза", на која присуствуваше претставник од Секторот за правни работи. Темите опфатени на работилницата беа: дефинирање на слободата на изразување (изразување и медиуми, правни стандарди, судска пракса на Европскиот суд на правда во Стразбург), моментот за преминување на границата на слободното изразување и настанување на говор на омраза (дефинирање на говор на омраза, разлика од клевета и навреда, правна пракса, Европска конвенција за човекови права) и за тоа кога говорот на омраза ќе навлезе во приватноста.

На 29 и 30 мај 2013 година, во организација на Дирекцијата за заштита на личните податоци на Република Македонија преку инструментот TAIEX на Европската Комисија, во хотелот „Арка" во Скопје, се одржа работилница на тема „Граѓанска и кривична одговорност при повреда на правото за заштита на лични податоци", на која присуствуваа двајца вработени од Секторот за правни работи.

Од страна на Капитал Академија, по повод одбележувањето на Европската недела за безбедност и здравје при работа, на 21 октомври 2013 година се одржа обука на тема „Законот за безбедност и здравје при работа, обврските на работодавачот во поглед на барањата од Законот за безбедност и здравје при работа, начин на имплементирање и санкции за неспроведување", на која присуствуваа двајца вработени од Стручната служба на Советот. Теми на обуката беа: „Примена на Законот за безбедност и здравје при работа" („Службен весник на Република

Македонија" бр. 92/07, 136/11, 23/11 и 25/13), „Економски аспекти на заштитата при работа" и „Паневропско истражување на јавното мислење за безбедноста и здравјето на работното место – резултати од цела Европа и од Македонија".

Од 24 до 26 октомври 2013 година, во Охрид, во организација на Здружението на правници на Република Македонија, се одржа 69-та Средба на правниците, на која присуствуваа двајца претставници одСоветот за радиодифузија. На средбата се говереше на следните теми: „Примената на кривичниот законик во практиката и последиците од одлагањето на примената на новиот Закон за кривична постапка, парнична постапка во практиката и трудовото право во практиката.

Покрај тоа, во организација на Здружението на правници на Република Македонија, а по повод измените и дополнувањата на Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија" бр. 148/13), беше организирана и обука на тема „Очекувани ефекти од Законот за изменување и дополнување на Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија" бр. 148/13) и подготовка за негова примена", што се одржа на 19 ноември 2013 година во хотелот „Холидеј Ин". На 15 ноември 2013 година, Македонската академија на науките и уметностите, во пресрет на Меѓународниот ден на толеранцијата (16 ноември), организираше Национална конференција за политички и меѓурелигиски диалог и култура на толеранција., на која учество земаа четворица претставници од Стручната служба на Советот. Конференцијата имаше две работни сесии од кои првата беше посветена на „Политичката и меѓурелигиската толеранција во мултикултурните општества" а втората сесија беше насловена како „Слобода на изразување на интернет: Комплексност на регулирањето на говорот на омраза на интернет".

На 06.02.2013 и 07.02.2013 претставници на Советот беа на советување преку ФВ Консалтинг на тема: „Советување за изготвување на годишна/завршна сметка за 2012-та година".

На 16.12.2013 претставник на Советот беше на советување преку ФВ Консалтинг на тема: „Советување за подготвителни работи за изготвување на завршна сметка за 2013 година и други важни новини во законската регулатива за буџетски корисници, единки корисници, фондови, јавни здравствени установи и единици на локална самоуправа".

На 17.12.2013 претставник на Советот беше на советување преку ФВ Консалтинг на тема: „Советување за практична имплементација на нови законски прописи при подготвување на годишна сметка за 2013 година".

# ПРИЛОЗИ

**Прилог 1**

**Известувања доставени до радиодифузерите врз основа на редовниот мониторинг, ад хок мониторинзи и мониторинзи по претставки спроведени од Советот за радиодифузија на РМ во 2013 година**

| **ИЗВЕСТУВАЊА ОД СТРАНА НА СРД ДО РАДИОДИФУЗЕРИТЕ (ТРД)<br>3 (три) доставени известувања** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Ред. Бр. | **Назив на радиодифузерот на кого му е доставено известувањето** | **Архивски број и датум на известувањето** | **Одредба од Законот за радиодифузната дејност (ЗРД) која е повредена** | **Опис на дејствието поради кое на радиодифузерот му е доставено известување од страна на Советот** |
| 1. | Трговско радиодифузно друштво ТВ СКОПЈЕ ДОО Скопје | 03-3425/1 од 06.08.2013 | член 71 став 3 од ЗРД и член 13 став 1 од Правилникот за заштита на малолетната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој | Непочитување на правилата за заштита на малолетните лица, односно необележување на промотивните најави за играната програма со визуелен знак што ја сигнализира категоријата програма што се најавува |
| 2. | Трговско радиодифузно друштво ТВ АМАЗОН ДООЕЛ Скопје | 03-3426/1 од 06.08.2013 | член 97 став 1 од ЗРД | Неозначување и неиздвојување на рекламите од другите делови на програмата со акустички средства |
| 3. | Трговско радиодифузно друштво ТВ ЕДО ДООЕЛ с.Љубин, Сарај | 03-3427/1 од 06.08.2013 | член 71 став 3 од ЗРД и член 6 од Правилникот за заштита на малолетната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој | Несоодветна предупредувачка сигнализација |

**Прилог 2**

**Укажувања од редовниот мониторинг, ад хок мониторинзи и мониторинзи по претставки спроведени од Советот за радиодифузија на РМ во 2013 година**

| | **УКАЖУВАЊА ОД СТРАНА НА СРД ПРОТИВ РАДИОДИФУЗЕРИТЕ (ТРД И ЈАВНИОТ РАДИОДИФУЗЕН СЕРВИС)**<br>**38 (триесет и осум) упатени укажувања** | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Ред.бр.** | **Назив на радиодифузерот на кого му е упатено укажувањето** | **Арх.бр. и датум на укажувањето** | **Прекршување на член од Законот за радиодифузната дејност (ЗРД)/друг Закон/Правилник во врска со кој е упатено укажувањето** | **Опис на прекршување** |
| 1. | Радиодифузно трговско друштво АРАЧИНА, Џавит ДООЕЛ, с.Арачиново | 03-224/1 од 15.01.2013 | член 97 став 1 од ЗРД | Неозначување на реклами |
| 2. | ТРД РАДИО ВАТ ДОО Скопје | 03-219/1 од 14.01.2013 | член 97 став 1 од ЗРД | Неозначување и неиздвојување на рекламите од другите делови на програмата со акустички средства |
| 3. | ТРД РАДИО ВАТ ДОО Скопје | 03-218/1 од 14.01.2013 | член 93 став 3 од ЗРД | Надминување на лимитите за рекламирање во текот на еден реален час |
| 4. | ТРД АЛСАТ – М ДОО Скопје | 03-227/1 од 15.01.2013 | член 99 став 1 алинеја 4 | Непочитување на периодот од 20 минути меѓу два рекламни блока во програмите |
| 5. | ТРД РФМ ДООЕЛ Скопје | 03-331/1 од 17.01.2013 | член 97 став 1 од ЗРД | Неозначување и неиздвојување на рекламите од другите делови на програмата со акустички средства |
| 6. | ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје | 03-235/1 од 16.01.2013 | член 94 став 4 од ЗРД | Емитување телешопинг прозорец и рекламен блок во ист реален час |
| 7. | ТРД КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје | 03-2180/1 од 10.05.2013 | член 71 став 3 од ЗРД и член 7 од Правилникот за заштита на малолетната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој | Несоодветен термин на емитување на програмата |
| 8. | ТРД АЛСАТ – М ДОО Скопје | 03-2244/1 од 15.05.2013 | член 98 став 1 од ЗРД | Емитување прикриено рекламирање |
| 9. | ТРД РАДИО ПРО-ФМ ДООЕЛ Гостивар | 03-2358/1 од 28.05.2013 | член 20 став 3 и 4 од ЗРД | Неисполнување на обврската за доставување на податоците за економско финансиско работење во претходната година |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 10. | ТРД Зоран Стефановски НЕЗАВИСНА ТВ Охрид ДООЕЛ | 03-2359/1 ОД 28.05.2013 | член 20 став 3 и 4 од ЗРД | Неисполнување на обврската за доставување на податоците за економско финансиско работење во претходната година |
| 11. | ТРД ТВ БТР НАЦИОНАЛ Зоран ДООЕЛ Скопје | 03-2360/1 од 28.05.2013 | член 20 став 3 и 4 од ЗРД | Неисполнување на обврската за доставување на податоците за економско финансиско работење во претходната година |
| 12. | Трговско друштво за радио – дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје | 03-2361/1 од 28.05.2013 | член 20 став 3 и 4 од ЗРД | Неисполнување на обврската за доставување на податоците за економско финансиско работење во претходната година |
| 13. | РТД РАДИО МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА ДООЕЛ Македонска Каменица | 03-2362/1 од 28.05.2013 | член 20 став 3 и 4 од ЗРД | Неисполнување на обврската за доставување на податоците за економско финансиско работење во претходната година |
| 14. | ТРД РАДИО ЛА КОСТА Петре ДООЕЛ Виница | 03-2363/1 од 28.05.2013 | член 20 став 3 и 4 од ЗРД | Неисполнување на обврската за доставување на податоците за економско финансиско работење во претходната година |
| 15. | ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА КРТ ДОО Скопје | 03-2364/1 од 28.05.2013 | член 20 став 3 и 4 од ЗРД | Неисполнување на обврската за доставување на податоците за економско финансиско работење во претходната година |
| 16. | ТРД МУЗИЧКО РАДИО КМР Љубиша и Бобан ДОО Куманово | 03-2365/1 од 28.05.2013 | член 20 став 1 и 2 од ЗРД | Неисполнување на обврската за објавување на податоците за работењето во претходната година |
| 17. | ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА СУПЕР СКАЈ Муслим ДООЕЛ с.Мала Реченица Тетово | 03-2366/1 од 28.05.2013 | член 20 став 1 и 2 од ЗРД | Неисполнување на обврската за објавување на податоците за работењето во претходната година |
| 18. | ТРД Телевизија СИТЕЛ 3 ДООЕЛ Скопје | 03-2600/1 од 03.06.2013 | член 99 став 1 алинеја 4 | Непочитување на периодот од 20 минути меѓу два рекламни блока во програмите |
| 19. | ТРД Телевизија СИТЕЛ 3 ДООЕЛ | 10-3537/2 од 26.08.2013 година | член 71 став 3 од ЗРД и член 12 од Правилникот за заштита на | Непочитување на правилата за заштита на малолетните лица, односно неозначување на програмите пред почетокот |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Скопје | | малолетната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој | со акустично и визуелно предупредување и не емитување постојано визуелно предупредување во текот на програмата |
| 20. | ТРД ТВ МТМ ДООЕЛ Скопје | 03-3443/1 од 07.08.2013 | член 71 став 3 од ЗРД и член 6 од Правилникот за заштита на малолетната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој | Несоодветна предупредувачка сигнализација |
| 21. | Трговско радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА ИРИС ДОО Штип | 03-3660/1 од 03.09.2013 | член 71 став 3 од ЗРД и член 12 од Правилникот за заштита на малолетната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој | Непочитување на правилата за заштита на малолетните лица, односно неозначување на програмите пред почетокот со акустично и визуелно предупредување и не емитување постојано визуелно предупредување во текот на програмата |
| 22. | Трговско радиодифузно друштво ТВ - СТАР ДОО Штип | 03-3662/1 од 03.09.2013 | член 71 став 3 од ЗРД и член 7 од Правилникот за заштита на малолетната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој | Несоодветен термин на емитување на програмата |
| 23. | Трговско друштво за радиодифузија ТВ – КАНАЛ ВИС дооел Струмица | 03-3661/1 од 03.09.2013 | член 97 став 1 од ЗРД | Неозначување и неиздвојување на рекламите од другите делови на програмата со оптички или акустички средства |
| 24. | Трговско радиодифузно друштво ВИЖН – БМ ДООЕЛ Прилеп | 03-3659/1 од 03.09.2013 | член 98 од ЗРД | Прикриено рекламирање и изложување на производи со видливо истакнато име и марка |
| 25. | Радиодифузното трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ, Прилеп | 03-3986/1 од 01.10.2013 | член 98 од ЗРД | Прикриено рекламирање и изложување на производи со видливо истакнато име и марка |
| 26. | Трговско радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје | 03-3985/1 од 01.10.2013 | член 83 став 1 од ЗРД | Емитувани програми на странски јазици непреведени на македонски јазик |
| 27. | ТРД АЛСАТ – М | 03-3982/1 од 01.10.2013 | член 71 став 3 од ЗРД и | Непочитување на правилата за заштита на малолетните |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | ДОО Скопје | | член 13 став 1 од Правилникот за заштита на малолетната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој | лица, односно необележување на промотивните најави за играната програма со визуелен знак што ја сигнализира категоријата програма што се најавува |
| 28. | ТРД АЛСАТ – М ДОО Скопје | 03-3983/1 од 01.10.2013 | член 74 став 1 од ЗРД | Обврска за емитување најмалку 30% програма изворно создадена на македонски јазик |
| 29. | ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје | 03-4080/1 од 14.10.2013 | член 74 став 1 од ЗРД | Обврска за емитување најмалку 30% програма изворно создадена на македонски јазик |
| 30. | ТРД Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје | 03-4212/1 од 29.10.2013 | член 71 став 3 од ЗРД и член 7 од Правилникот за заштита на малолетната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој | Несоодветен термин на емитување на програмата |
| 31. | РТД РОС Метрополис Радио ДОО, Скопје | 03-4228/1 од 31.10.2013 | член 106 став 2 од ЗРД | Спонзорираните програми не треба да ја поттикнуваат продажбата, купувањето или изнајмувањето на производи или услуги од спонзорот или на трето лице |
| 32. | ТРД Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје | 03-4237/1 од 31.10.2013 | член 71 став 3 од ЗРД и член 7 од Правилникот за заштита на малолетната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој | Несоодветен термин на емитување на програмата |
| 33. | Трговско радиодифузно друштво ТВ КОХА Меваип ДООЕЛ Тетово | 03-4998/1 од 18.12.2013 | член 71 став 3 од ЗРД и член 7 од Правилникот за заштита на малолетната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој | Несоодветен термин на емитување на програмата |
| 34. | Трговско радиодифузно друштво ТВ ХАНА Мевљан ДООЕЛ Куманово | 03-4999/1 од 18.12.2013 | член 99 став 1 од ЗРД | Рекламирањето во рамките на неговиот програмски сервис е вметнато на начин, со што се загрозени интегритетот и вредноста на програмата, како и правата на авторите и на другите носители на права |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 35. | Трговското радиодифузно друштво ТВ М Анаудов Михајло Охрид ДООЕЛ | 03-8/1 од 02.01.2014 | член 97 став 1 од ЗРД | Неозначување и неиздвојување на рекламите од другите делови на програмата со оптички или акустички средства |
| 36. | Трговско радиодифузно друштво МЕНАДА – ТЕТОВО ДОО ТЕТОВО | 03-11/1 од 02.01.2014 | член 71 став 3 од ЗРД и член 13 став 1 од Правилникот за заштита на малолетната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој | Непочитување на правилата за заштита на малолетните лица, односно необележување на промотивните најави за играната програма со визуелен знак што ја сигнализира категоријата програма што се најавува |
| 37. | Трговско радиодифузно друштво ТВ Студио ТЕРА Манговски Зоран Битола ДООЕЛ | 03-12/1 од 02.01.2014 | член 98 став 1 од ЗРД | Емитување прикриено рекламирање |
| 38. | Трговско радиодифузно друштво МЕНАДА – ТЕТОВО ДОО ТЕТОВО | 03-13/1 од 02.01.2014 | член 71 став 3 од ЗРД и член 12 од Правилникот за заштита на малолетната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој | Непочитување на правилата за заштита на малолетните лица, односно неозначување на програмите пред почетокот со акустично и визуелно предупредување и не емитување постојано визуелно предупредување во текот на програмата |

**Прилог 3**

**Изречени мерки од редовниот мониторинг, ад хок мониторинзи и мониторинзи по претставки спроведени од Советот за радиодифузија на РМ во 2013 година**

| **ИЗРЕЧЕНИ ПИСМЕНИ ОПОМЕНИ ОД СТРАНА НА СРД ПРОТИВ РАДИОДИФУЗЕРИТЕ (ТРД И ЈАВНИОТ РАДИОДИФУЗЕН СЕРВИС) 77 (седумдесет и седум) писмени опомени** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Ред. бр.** | **Назив на радиодифузерот на кого му е изречена писмена опомена** | **Арх.бр. и датум на писмената опомена** | **Прекршување на член од Законот за радиодифузната дејност (ЗРД)/друг Закон/Правилник според кој е изречена писмената опомена** | **Опис на прекршување:** |
| 1. | ТРД Телевизија СИТЕЛ 3 ДООЕЛ Скопје | 03-15 од 11.01.2013 | член 71 став 3 од ЗРД и член 7 од Правилникот за заштита на малолетната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој | Несоодветен термин на емитување на програмата |
| 2. | ТРД Телевизија СИТЕЛ 3 ДООЕЛ Скопје | 03-14 од 11.01.2013 | член 97 став 1 од ЗРД | Неозначување и неиздвојување на рекламите од другите делови на програмата со оптички или акустички средства |
| 3. | Радиодифузно Друштво НАША ТВ ДОО – Скопје | 03-12 од 11.01.2013 | член 93 став 3 од ЗРД | Надминување на лимитот за рекламирање на еден реален час |
| 4. | Непрофитна радиодифузна организациона единица УНИВЕРЗИТЕТСК О РАДИО СТУДЕНТ ФМ 92.9 – УКИМ | 03-31 од 17.01.2013 | член 74 став 2 од ЗРД | Емитување на вокално инструментална музика на македонски јазик помалку од законски предвидените 30% |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 5. | ТРД АЛСАТ – М ДОО Скопје | 03-24 од 15.01.2013 | член 71 став 3 од ЗРД и член 7 од Правилникот за заштита на малолетната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој | Несоодветен термин на емитување на програмата |
| 6. | ТРД Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје | 03-22 од 15.01.2013 | член 93 став 3 од ЗРД | Надминување на лимитот за рекламирање на еден реален час |
| 7. | ТРД Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје | 03-21 од 15.01.2013 | член 106 став 2 од ЗРД | Спонзорираните програми не треба да ја поттикнуваат продажбата купувањето или изнајмувањето на производи или услуги од спонзорот или на трето лице |
| 8. | ТРД Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје | 03-20 од 15.01.2013 | член 71 став 3 од ЗРД и член 7 од Правилникот за заштита на малолетната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој | Несоодветен термин на емитување на програмата |
| 9. | ТРД КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје | 03-19 од 15.01.2013 | член 71 став 3 од ЗРД и член 13 став 1 од Правилникот за заштита на малолетната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој | Непочитување на правилата за заштита на малолетните лица, односно необележување на промотивните најави за играната програма со визуелен знак што ја сигнализира категоријата програма што се најавува |
| 10. | ТРД КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје | 03-23 од 15.01.2013 | член 99 став 1 алинеја 4 од ЗРД | Непочитување на периодот од 20 минути меѓу два рекламни блока во програмите |
| 11. | ТРД РФМ ДООЕЛ Скопје | 03-30 од 17.01.2013 | член 74 став 1 од ЗРД | Обврска за емитување најмалку 30% програма изворно создадена на македонски јазик |
| 12. | ТРД РФМ ДООЕЛ Скопје | 03-29 од 17.01.2013 | член 74 став 2 од ЗРД | Емитување на вокално инструментална музика на македонски јазик помалку од законски предвидените 30% |
| 13. | Јавно претприја-тие Македонска радиотелевизија, Скопје Втор телевизиски програмски сервис (МРТ 2) | 03-27 од 16.01.2013 | член 71 став 3 од ЗРД и член 7 од Правилникот за заштита на малолетната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој | Несоодветен термин на емитување на програмата |
| 14. | ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ | 03-26 од 16.01.2013 | член 71 став 3 од ЗРД и член 7 од Правилникот за заштита на | Несоодветен термин на емитување на програмата |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | ДООЕЛ Скопје | | малолетната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој | |
| 15. | Радио трговско друштво РОС МЕТРОПОЛИС ДОО Скопје | 03-42 од 25.01.2013 | член 97 став 1 од ЗРД | Неозначување и неиздвојување на рекламите од другите делови на програмата со оптички или акустички средства |
| 16. | ТРД КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје | 03-80 од 26.04.2013 | член 71 став 3 од ЗРД и член 7 од Правилникот за заштита на малолетната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој | Несоодветен термин на емитување на програмата |
| 17. | ТРД Зоран Стефановски НЕЗАВИСНА ТВ Охрид ДООЕЛ | 03-236 од 28.05.2013 | член 20 став 1 и 2 од ЗРД | Неисполнување на обврската за објавување на податоците за работењето во претходната година |
| 18. | ТРД РАДИО ПРО-ФМ ДООЕЛ Гостивар | 03-235 од 28.05.2013 | член 20 став 1 и 2 од ЗРД | Неисполнување на обврската за објавување на податоците за работењето во претходната година |
| 19. | ТРД ЕНЕРГУ РАДИО ДООЕЛ увоз-извоз Струга | 03-234 од 28.05.2013 | член 20 став 1 и 2 од ЗРД | Неисполнување на обврската за објавување на податоците за работењето во претходната година |
| 20. | РДТ РАДИО МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА ДООЕЛ Македонска Каменица ДООЕЛ Македонска Каменица | 03-233 од 28.05.2013 | член 20 став 1 и 2 од ЗРД | Неисполнување на обврската за објавување на податоците за работењето во претходната година |
| 21. | ТРД РАДИО БЕСА ДООЕЛ с.Црнилиште Долнени | 03-230 од 28.05.2013 | член 20 став 3 и 4 од ЗРД | Неисполнување на обврската за доставување на податоците за економско финансиско работење во претходната година |
| 22. | ТРД КАНАЛ 5 Плус ДОО Скопје | 03-242 од 04.06.2013 | член 98 став 1 од ЗРД | Емитување пеикриено рекламирање |
| 23. | ТРД АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје | 03-241 од 04.06.2013 | член 93 став 3 од ЗРД | Надминување на лимитите за рекламирање во текот на еден реален час |
| 24. | ТРД Телевизија | 03-296 од 19.06.2013 | член 17 став 2 од ЗРД | Не е побарано одобрение од Советот за радиодифузија за |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | КОБРА ДОО Радовиш | | | промена на сопственичката структура |
| 25. | Јавно претпријатие Македонска радиотелевизија Скопје, Втор телевизиски програмски сервис (МРТ 2), Скопје | 03-305 од 27.06.2013 | член 71 став 3 од ЗРД и член 13 став 1 од Правилникот за заштита на малолетната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој | Необележување на промотивните најави за изграната програма со визуелен знак што ја сигнализира категоријата програма што се најавува |
| 26. | ТРД КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје | 03-303 од 27.06.2013 | член 71 став 3 од ЗРД и член 7 од Правилникот за заштита на малолетната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој | Несоодветен термин на емитување на програмата |
| 27. | ТРД ТВ БТР НАЦИОНАЛ Зоран ДООЕЛ Скопје | 03-347 од 07.08.2013 | член 93 став 3 од ЗРД | Надминување на лимитите за рекламирање во текот на еден реален час |
| 28. | ТРД ТВ БТР НАЦИОНАЛ Зоран ДООЕЛ Скопје | 03-348 од 07.08.2013 | член 74 став 1 од ЗРД | Неисполнување на обврската за емитување најмалку 30% програма изворно создадена на ромски јазик |
| 29. | ТРД ТВ МТМ ДООЕЛ Скопје | 03-351 од 07.08.2013 | член 71 став 3 од ЗРД и член 7 од Правилникот за заштита на малолетната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој | Несоодветен термин на емитување на програмата |
| 30. | ТРД ТВ МТМ ДООЕЛ Скопје | 03-346 од 07.08.2013 | член 94 став 4 од ЗРД | Емитување телешопинг прозорец и рекламен блок во ист реален час |
| 31. | ТРД ТВ МТМ ДООЕЛ Скопје | 03-345 од 07.08.2013 | член 99 став 1 алинеја 4 од ЗРД | Непочитување на периодот од 20 минути меѓу два рекламни блока во програмите |
| 32. | Радиодифузно друштво СКАЈ НЕТ – Манчев ДОО Скопје | 03-352 од 07.08.2013 | член 94 став 4 од ЗРД | Емитување телешопинг прозорец и рекламен блок во ист реален час |
| 33. | Трговско радиодифузно друштво КТВ | 10-3536/5 од 26.08.2013 | член 99 став 1 алинеа 4 од ЗРД | Непочитување на периодот од 20 минути меѓу два рекламни блока во програмите |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | ДООЕЛ Кавадарци | | | |
| 34. | Трговско радиодифузно друштво КТВ ДООЕЛ Кавадарци | 10-3536/4 од 26.08.2013 | член 93 став 3 од ЗРД | Надминување на лимитите за рекламирање во текот на еден реален час |
| 35. | Трговско радиодифузно друштво КТВ ДООЕЛ Кавадарци | 10-3536/2 од 26.08.2013 | член 71 став 3 од ЗРД и член 7 од Правилникот за заштита на малолетната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој | Несоодветен термин на емитување на програмата |
| 36. | Трговско радиодифузно друштво ЗЛАТЕН КАНАЛ ДООЕЛ увоз-извоз Крива паланка | 10-3534/2 од 26.08.2013 | член 93 став 3 од ЗРД | Надминување на лимитите за рекламирање во текот на еден реален час |
| 37. | Трговско радиодифузно друштво СИТЕЛ 2 ДООЕЛ Скопје | 10-3537/3 од 26.08.2013 | член 74 став 2 од ЗРД | Емитување помалку од 30% вокално инструментална музика на македонски јазик |
| 38. | Трговско радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СУПЕР СКАЈ, Муслим ДООЕЛ с.Мала Речица Тетово | 03-361 од 30.08.2013 | член 20 став 1 и 2 од ЗРД | Неисполнување на обврската за објавување на податоците за работењето во претходната година |
| 39. | Трговско радиодифузно друштво ТВ – СТАР ДОО Штип | 03-381 од 03.09.2013 | член 98 став 1 од ЗРД | Емитување прикриено рекламирање |
| 40. | Трговско радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА ТИКВЕШИЈА ДООЕЛ Кавадарци | 03-380 од 03.09.2013 | член 74 став 2 од ЗРД | Емитување помалку од 30% вокално инструментална музика на македонски јазик |
| 41. | Трговско радиодифузно | 03-379 од 03.09.2013 | член 74 став 1 од ЗРД | Неисполнување на обврската за емитување најмалку 30% програма изворно создадена на ромски јазик |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | друштво ТЕЛЕВИЗИЈА ИРИС ДОО Штип | | | |
| 42. | Трговско радиодифузно друштво ВИЖН - БМ Прилеп | 03-377 од 03.09.2013 | член 93 став 3 од ЗРД | Надминување на лимитите за рекламирање во текот на еден реален час |
| 43. | Трговско радио дифузно друштво КАНАЛ ТРИ ДОО Дебар | 03-376 од 03.09.2013 | член 20 став 1 и 2 од ЗРД | Неисполнување на обврската за објавување на податоците за работењето во претходната година |
| 44. | Трговско радиодифузно друштво ТВ ВТВ Тони ДОО Валандово | 03-374 од 03.09.2013 | член 20 став 1 и 2 од ЗРД | Неисполнување на обврската за објавување на податоците за работењето во претходната година |
| 45. | Трговско радио – дифузно друштво АЛЬБАНА ПЛУС ДООЕЛ Куманово | 03-370 од 03.09.2013 | член 20 став 1 и 2 од ЗРД | Неисполнување на обврската за објавување на податоците за работењето во претходната година |
| 46. | Радиодифузно трговско друштво РАДИО МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА ДООЕЛ, Македонска Каменица | 03-368 од 03.09.2013 | член 20 став 3 и 4 од ЗРД | Неисполнување на обврската за доставување на податоците за економско финансиско работење во претходната година |
| 47. | Трговско радиодифузно друштво ТВ БТР НАЦИОНАЛ Зоран ДООЕЛ, Скопје | 03-394 од 24.09.2013 | член 71 став 3 од ЗРД и член 7 од Правилникот за заштита на малолетната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој | Несоодветен термин на емитување на програмата |
| 48. | Трговско радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ | 03-410 од 15.10.2013 | член 74 став 1 од ЗРД | Неисполнување на обврската за емитување најмалку 30% програма изворно создадена на ромски јазик |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | ДООЕЛ | | | |
| 49. | Трговско радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ | 03-411 од 15.10.2013 | член 100 став 1 од ЗРД | Емитување рекламни спотови во вести |
| 50. | Јавното претпријатие Македонска радиотелевизија Прв телевизиски програмски сервис на МРТ 1 Скопје | 03-419 од 18.10.2013 | член 91 став 3 од ЗРД | Рекламирање во периодот од 17.00 до 21.00 часот |
| 51. | Радиодифузно Друштво НАША ТВ ДОО – Скопје | 03-453 од 21.11.2013 | член 99 став 1 од ЗРД | Рекламирањето во рамките на неговиот програмски сервис е вметнато на начин, со што се загрозени интегритетот и вредноста на програмата, како и правата на авторите и на другите носители на права |
| 52. | Трговско радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ | 03-452 од 21.11.2013 | член 71 став 3 од ЗРД и член 13 став 1 од Правилникот за заштита на малолетната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој | Необележување на промотивните најави за играната програма со визуелен знак што ја сигнализира категоријата програма што се најавува |
| 53. | Трговско радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА УСКАНА Мунир Мехдиу Кичево ДООЕЛ | 03-450 од 21.11.2013 | член 93 став 3 од ЗРД | Надминување на лимитите за рекламирање во текот на еден реален час |
| 54. | Трговско радиодифузно друштво КЛУБ ФМ ДОО Скопје | 03-451 од 21.11.2013 | член 106 став 1 од ЗРД | Во програмските содржини спонзоририте на програмата не се јасно идентификувани |
| 55. | Трговско радиодифузно друштво | 03-470 од 03.12.2013 | член 99 став 1 од ЗРД | Рекламирањето во рамките на неговиот програмски сервис е вметнато на начин, со што се загрозени интегритетот и вредноста на програмата, како и правата на авторите и на |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Телевизија СИТЕЛ 2 ДООЕЛ Скопје | | | другите носители на права |
| 56. | Трговско радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ 2 ДООЕЛ Скопје | 03-469 од 03.12.2013 | член 71 став 3 од ЗРД и член 12 од Правилникот за заштита на малолетната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој | Неозначување на програмите со предупредувачка сигнализација во текот на нивното времетраење |
| 57. | Трговско радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ 2 ДООЕЛ Скопје | 03-468 од 03.12.2013 | член 71 став 3 од ЗРД и член 7 од Правилникот за заштита на малолетната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој | Несоодветен термин на емитување на програмата |
| 58. | Трговско радиодифузно друштво Телевизија КОБРА ДОО Радовиш | 03-475 од 03.12.2013 | член 97 став 1 од ЗРД | Неозначување и неиздвојување на рекламите од другите делови на програмата со оптички или акустички средства |
| 59. | Трговско радиодифузно друштво Телевизија КОБРА ДОО Радовиш | 03-472 од 03.12.2013 | член 93 став 3 од ЗРД | Надминување на лимитите за рекламирање во текот на еден реален час |
| 60. | Трговско радиодифузно друштво Телевизија КОБРА ДОО Радовиш | 03-471 од 03.12.2013 | член 71 став 3 од ЗРД и член 12 од Правилникот за заштита на малолетната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој | Неозначување на програмите со предупредувачка сигнализација во текот на нивното времетраење |
| 61. | Трговско радиодифузно друштво КАНАЛ ТРИ ДОО Дебар | 03-474 од 03.12.2013 | член 97 став 1 од ЗРД | Неозначување и неиздвојување на рекламите од другите делови на програмата со оптички или акустички средства |
| 62. | Трговско радиодифузно друштво КАНАЛ ТРИ ДОО Дебар | 03-473 од 03.12.2013 | член 71 став 3 од ЗРД и член 7 од Правилникот за заштита на малолетната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој | Несоодветен термин на емитување на програмата |
